# МАКЕДОНСКИ ЕРОТСКИ ПРИКАЗНИ



кирил пенушлиски

# македонски еротски приказни

македонска книжевност
приказни

главен уредник божин павловски
уредник ташко георгиевски
ликовно обликување илија пенушлиски
коректура здравко ќорвезироски
печати ро „нова македонија“
оозт печатница – скопје

кирил пенушлиски

# македонски еротски приказни

мисла
скопје 1981

## 1. НАЈГОЛЕМИОТ ГРЕВ

Некоја жена, имала слуга во куќата и сакала да се ебит со него. Слугата се срамел, не мислел на то.

Една ден било ф црква некоја слава, требало да се одит. Слугата за да биде чист се пресфлекол и рекол:

– Клај ми вода да с'искапам!

Кога отишол да се капит и кога се слекол гол, жената му се натурила сама в одајче... Тој пак не сакал. Замиен, недомиен се облекол и отишле ф црква. Ф црква жената влегла напред, а слугава – понаѕад. Ко влегол слугата – сите свеќи изгаснале. И попот дал наредба:

– Кој шќо влезе сега последен, нека дојт најпрв до мене, да о прашам нешќо.

Отишол слугата кај попот и попот му рекол:

– Што имаш ти сторено?

– Ами, нишќо немам сторено.

– Не, не, не, голем греф си обрал!

– Не, бре!

– Кажи, иначе немат ни да излезиш одовде вака.

– Еј, па, сакаше да се ебит газдарицата со мене, ја не сакаф. Едино то. Друго нишќо не знам.

И тогаш му рекол попот:

– Па, од тој поголем греф кај имат? Таја запалена сакала да се ебит, ти не си сакал, си е понижел. Голем греф си учинил!

И кога го кажал то и свеќите се запалеле.

## 2. СКРШЕНОТО ОГЛЕДАЛО

Некој човек млад умрел и оставил жената му млада довица. Арно ама, па не се огрешил и господ го прибрал фоф рајо. Дал му тамока клучовето:

– Ја ти клучовето. Тука ќе шеташ, понам ќе шеташ, ќе одиш ама фоф таа соба нема да флазиш.

А там имало едно гулемо огледало и оттам господ гледал цалата земја шчо прават свето, народо шчо работи. Куга еден ден он отвара тамо. Е-е, куга поглижџа на огледалото сѐ се доле гледа. Гледа неговото село. А натука, а натука, така гледа неговата кашча. Жената му там по преткашчи шета, оди, мете... Куга по едно време доди еден маш тамо друг.

– О, добар ден! Прегршча а, целива а.

И он отува викнува:

– Е, бре, шчо правиш? Не е ле срамота?

И маанува да го удари, арно ама ка маанува и строшил огледалото.

И сега господ не гледа дуњата по земи шчо праи: од тогај, ка му тове скршил огледалото.

Кој шчо си иска, това си праи.

## 3. ЧОЕКО ШТО БАРАШЕ ДА НАЈДИ ЧОЕК ШТО НЕМА ГАЈЛЕ ИЧ ВО ЖИВОТО СВОЈ

Некој неблагодарен чоек пишман бил што бил роден на векот: „Ексик да е и ваков живот што живеам јас, кога немам нито еден ден да не се оскорбам и да не се јадосам. Блазеи му на свето што си живеат со раат, без да му ида(т) бели како што ми ида(т) мене...

Така мислејќи во себеси чоеко, ватил да се плачи на пријатели оти да не живеит без да му ида(т) ѓели и да се оскорбуат ката 'ен. Слушајќи тие збореи пријателите и непријателите од неблагодарнио чоек, му се чуделе на умо што го имал.

– Ејди пријателе – му велеле – зар ти си мислиш оти ние немаме никакво смуштение, ич тоа нешто да не го веруаш, секој си има гајле, кој помало, кој поголемо, а не да је без гајле како што си мислел ти. Зер ти не си чул што рекле стари оти без гајле нерасти тиквата на бостан, зер не си чул оти секоја планина си носи своја тежина? Ете и од тоа треба да знаиш оти и ние и сите луѓе што се на векот сите гајле имаат. Разбра сега? Ете вака да знаиш, пријателе, и отсега да не се срдиш коа ќе ти дојди некое смуштение.

Слушајќи тоа нешто неблагодарнио чоек, се увери донекаде, арно ама му се сакаше да живеит без да му иде некоја беља и стана да оди по друзи градои да бара луѓе што да живеат без гајле. Оде во еден град и прашал луѓе, отишол во друг и прашал, арно ама не нашол таквите луѓе. Кога отишол во трекио град, шетајќи по еден сокак, чул сурли и тапани да свира(т) и коа се вратил, видел во куќата голема радос и џумбуш да се праи во таа куќа.

Домаќино што бил од куќата трчал радосен и весел да чести гостите, што поарно веќе не бидуало.

Прашал некого заошто се праел тој џумбуш; тој му кажал оти домаќино бил џемет чоек и давал јадење и пиење три-четири пати во неделата.

„Ја, еве еден чоек како што барам јас – си рекол со умо – ја чекај да го прашам како живеит што е без гајле?“

Си приближал крај него и го прашал:

– Знаиш, пријателе, што сакам да те прашам?

– Не знам, пријателе – одгоорил тој.

– Вистина не знаиш, иља слушај да ти кажам што сакам да те прашам: ти што праиш ваквие гозби и џумбуши и што си олку радосен и весел, треба да немаш некоја несреќа во живеењето твое, како што имам јас и сите луѓе, да за тоа си олку радосен и весел? Те молам ако не ми кажиш?

– Бре, да тоа си сакал да се научиш, ела ваму понастрана, поседи малце дури да ’и испратам луѓево и после ќе ти кажам.

Почекал малку дури си ошле гостите, и седнале двата да се поприкажуат.

– Е сега, пријателе, ти си кинисал да бараш чоек што да не го нашла некоја несреќа и што да живеит без гајле; ете саде тоа не ќе најдиш, пријателе – му рекол богатио што праеше гозби, – чунки таков је создаден овој век да се живеит сѐ со маки и неоли, а не сѐ раат, како што го бараш ти. Знаиш оти џумбушот мој што го праам јет од големо гајле мое што и душмано да не го имат, а не од без гајле праам јас џумбуш.

– Еле, еле, лебати, ако не ми кажиш ошто гајле?

– Пеки, пријателе, да ти кажам ошто гајле: пред една година време ми се поболи жената на умирачка и што ќе ми вели кога беше толку болна: ако умрела таа, јас ќе сум се женил за друга. Не е чаре, домаќинко, да се женам за друга – је велев – чунки сум те зел тебе јас на севда, асли и така беше, ја. Ти ако умриш, јас не се женам, бездруго да знаиш – је велев – не се женам. – Можиш да се не жениш, домаќине, – ми велеше – ама ако сториш едно нешто што ќе ти речам јас, тогај веруам да не се жениш и раат во гробо да си лежам.“ – Е, кажи, кажи домаќинко –

и реков, – што да сторам? – „Еве што ќе сториш, домаќине: да си пресечиш малку од наредата и тогај веќе ќе те веруам, а инаку и на жар да седниш, пак не ти веруам." – Коа чув тие зборои, пријателе, од жената ми, без да помислам понадалеку, заслепен од пустата севда на неа што имав, си улишив наредата и ја уверив оти нема да се женам, арно ама шејтан пуш, што ти велаат, не умре, си оздраве: од као што беше – уште поздрава. И сега што ја спири ѓаол, натемаго, да бара маж и бидејќи не вредам јас за да ѝ бидам маж. „Еј домаќине – ми рече – јас сега сум здрава од арно поарно и сега си сакам маж, а пак ти не си маж, сега јас сум намислила да си ваќам еден маж по два-три пати во недела, а ти пак седи при мене." – На тоа згора не остана збор за мене, чунки и домазет сум, да бегам – кај да одам, стоката е незина, ете денеска тики је дојде мажот што си го викна да лежи со него, а пак јас од страм и голема мака да гледам пред очи тоа нешто, ништо друго не знаев што да праам, отколку во гости, да праам со свирки и тапани да се забораам оти има друг маж жената ми. Ете, пријателе, џумбушо мој што је, разбра сега оти од висока планина да гледаш некое поле, ти се гледа рамно како тепсија, ако дојдиш близу до него, ќе му видиш страшни долишта, ендеци, бари и азмаци. Така се и маките по чоеците, пријателе. Ако ме слушаш мене, ој ми си дома, и што ќе ти дојди лошо, со благодарение тргај го; така и доброто кога ќе ти дојди, со радос пречекај го.

Коа чу од богатио тоа нешто, неблагодарнио чоек се зачуди и се увери оти сите луѓе сет со нестреќи во својио живот и си отишол дома, та станал од неблагодарен благодарен и си живеал како сите луѓе што живеат.

## 4. БЕРОКЛАСЕЦОТ

Во некое село, еден поп имал ногу уба ќерка. Таја со снаѓа, еден ден, била на жетва. Како што жниела, се боцнала на некој трн и почнала да офка и да е викат на снаѓата:

– Несто мори, ела извај ми го трнов, умрев од болка!

– Од трн, мори, се плашиш – рекла снаѓата – брат ти секој ден тукај чкорој ми редит, пак не се плаша.

Девојката ногу се исплашила и е рекла на снаѓата:

– Ако е така, ја не се мажа! Што ќе ми е маж чкорој да ми клават?

Поминале години и поповата ќерка не сакала никако да се мажит. Попот обеќал големи дарој на секого што ќе е натерат некако да се омажит. Се нашло некое момче и му рекол:

– Ја ќе е измама ќерка ти, само ако е пуштиш на жетва со мене.

Попот се сложил и тој ошол на жетва со девојката. Нејсе, како што рекол тој, се сложила девојката голи да жнијат. Таја го опитала:

– Што е то така што ти се меткат? (за алатот) – му рекла.

Тој е рекол:

– Ова е берокласец, за класјето збирање!

Жниеле што жниеле и дошло време за ручег. Седнале да ручат. Јадат, јадат, а момчето и на берокласецот трошки му ронит одозгора.

– Што прајш така? – му рекла девојката.

– И тој работат и тој требит да јајт – рекол тој.

Ама нешто ногу солено јале и набргу на девојката е се сопило вода. Близу нивата, во една межда имало чешме. Отишле таму да се напијат. Прво тој се наведнал да се напиет и е рекол:

– Затни ми ја шутката одзади, дури да пија да не ми течит вода!

И откако се напил вода рекол:

– О, о, о, што слатка вода!

После се наведнала таја да пијет и му рекла:

– Ај и ти затни ми ја шуткава!

Тој рекол:

– Како ќе ти е затна, ти имаш две шутки, да ти го кла берокласецов?

– Клај го, – рекла таја.

Е дошло убо и таја рекла:

– О, вистина што била уба водава.

Отишле пак да жнијат. Поминало малку време, а таја рекла:

– О, што ми се пиет вода, ај пак да се напиеме!

Отишле да се напијат и водата е била уште поуба. По малку време пак побарала да пиет вода и така сѐ понабргу. Нѐ нејзе одошто е се пиет вода, туку зарај пустиот берокласец. А момчето е велит:

– Да не ојме на вода, ојме и овде под крушава со берокласецот да свршиме работа.

И така таја видела оти работата е во берокласецот, а не дека водата била блага.

После тој се оженил за неа и го наследил имотот од попот.

## 5. ПОПОВАТА ЌЕРКА ШТО НЕ САКАЛА ДА СЕ МАЖИ

Един поп и попадијата имали една ќерка само. Раснала и пораснала. Добро ја гледали, негували. Д'гокоса, сивоока, бела и црвена била. Коланче ѝ купували, фустанче ѝ купували. Демек, по мерак, најубава мома шчо ја е имало. Добро ама дошло време да ја мажат. Во селото тија прават свадба, други прават свадба, треќи прават свадба, нијната ќерка ошче не може да најде момче. И ја прашаа:

– Де мори ќерко, ошче ли немош да наеш некое момче?

– Ех, мори, мајко, што ме прашаш за тоа? Јас не се мажам!

– Зашто не се мажиш?

– Море, видех едно чудо гулемо: еден млад ергенин спуштил курандата до колената. Комшиката умрела од него и затоа не се мажам. И јас мога да умра.

– Е, не се мажиш, не се мажиш!

Добро ама, кае них имало един измиќар, божем немал кур; он имал ама бааги крапатче. Имал, попо едно магаре и измиќаро го карал на вода. Ка го карал на вода, фанал та му отсекол ушите и го кара каде девојката на попо. И вика:

– Ди-и-и, да ти ебам стопанката, ти без уши ја без кур! Каде ќе одиме, не мош да се мажиме! Никоа ме девојка не сака.

Чула девојката. Одвреме на време, попадијата пак ја праша:

– Ајде, бре шчерко, ај да те мажиме?

– Па, мајко, добро, еве ќе се мажам ќе ме терате, ама ќе ме мажите за нашио измиќар.

– Ајде, бре будало, што си будала такваа!

– Само него го сакам, друг не сакам.

Она кажала на попо: тека и тека работата, наштa шчерка сака измиќаро. Добро, измиќаро, измиќаро. Девојката сметала дека он нема си куренце. Ех, ништо. Таа работа било. Ајде, напраили свадба: јадење, пиење, веселје...

Измина една нош, две ношчи, третата нош... Е, са ќе си спијат заедно како млади оти првата нош не е сакала девојката да спие со него. Е, легнали си. Невестата нешчо б'и ле ја нагазили, некоја сламка ле од осило од некој ичемик клас ѝ флезнал. Он спада доле и низ ракавите надоле. Па рекла:

– Де, мажу, почеши ме, нешчо ме јаде низ ракаф, низ дреи надоле.

А он ќе ја чеше ле? Море, крфта му е зоврела та не знае каде да се дене! И куа това мандало пусто станало ѝ го е бабнал еднаш. А она:

– Е, ногу арно чешалото, ногу убаво чеше!

И таа работа свршила се. Утре вечер па така. За да стане некоја друга работа, рекол:

– Жено, ајде чешалото да го дигнеме! Нека стои за понатам.

И што ќе праи: божем ќе го дигнат. Не се дига това меретија: каде е зашиено, тамо си стои. Ама он за да напраи невестата немој да го остави оти е сиромах, ќе го стави на вратницата божем и божем мачка дошла:

– Прт, прт, мачко! Жено, станувај мари!

– Што е?

– Ами мачката однесе чешалото.

– Е, како го однесе, море?

– Ми падна доле од вратницата и однела го е мачката.

Добро ама, по тоа време попадијата се разбудила:

– Шчо, мари ќерко?

– Чешалото – вика – на мажо му падна и д'ием да го бараме.

И она на попо:

– Стани, море, девојчето плаче! Чешалото е паднало и д'ием да го тражим.

И тогава и попо станал и ошли да го тражат под вратницата. Ама това пусто не пада од там. На попо не му се здало да обува повеќе дреи ами сос мантијата спал си па без гаќи. Бил кон попадијата. А шчом се спие кон попадијата без гаќи се спие! Палаеќи по дворо де тамо, де онамо да бараа чешалото, попо клекнал а това се пусто омандувало и поповото чешало. Оттам шчерка му фата се:

– Е, тате, еве го моето чешало!

– Е, шчерко, не е ова за тебе чешало, туку това е на попадијата. Ајде, да сте ми здрави и живи! Нека ви е вечно! Чешалото е у зето – вика.



## 6. ГОЛИОТ НА ГОСТИ

Си бил еден многу сиромав младич и одошто бил сиромав си кинисал некаде далеку на печалба. Одел, одел и приквечерина го фатил некој силен дожд и вијулици и си рекол да побара да преноќи во крајната куќа во некое далечно село. Почукал на вратата. На стариот домаќин, кој излегол да види кој чука, му рекол:

– Се напрајв лилјак, пријателе, жити господ, прибери ме ноќва во куќава.

Стариот му рекол:

– Ќе мојш да влезиш, ама гол ќе се слечиш. Во вакво време ние сите дома голи се слеквиме.

Видело, невидело момчето, страм не страм, се слекло. Ко влегло внатре во одајата гледа: стариот – гол, двете снаи – голи, крај огнот се грејат.

– Седни си, греј се – рекол стариот – не страми се, сите сме голи, таков е адет кај нас.

Пошло крај огнот момчето и се топлит. Ама по некои време, пустиот, ѓавол да го носи, му се вроцил, се невидел. Го видел стариот и му рекол:

– Што, пустината, бре синко, ти се нароци од топлото?

На постарата сна е рекол:

– Оди, зеј го момчево во другана одаја, нека го намекнит!

Ојде момчето, нејсе, сврши ра́бо́та и пак отишло кај оганот да се топли. Ама, млад човек, се потоплил и по некое време, пак му се нароцил. Стариот рекол:

– Ај, пустината, пак се вроцил?

Е рекол на помладата сна да ојт со него во другата одаја. Свршило работа момчето и си рекло во себе: „Овде било за идење, пак ќе си дојда, ко ќе врнит дожд.“ Преспал ноќта, сабајлето му ’и исушиле алиштата и го пуштиле да си одит. По некое време, пак кога заврнало дожд, навечер зачукало на вратата кај стариот момчето.

– Бујрум, бујрум – рекол стариот.

Уште од врата младичот се слекол и трчат кај огништето. Ама таму не биле снаите, туку синоите на стариот. Се топлит момчето крај огнот и на постариот син му се вроџил. Старецот рекол:

– Стани, момче, одај во другана одаја, со синов свршете работа!

Пусти, штури, момчето, ама издржало некако. Уште еднуш не му текнало да дојт во таја куќа.

# 7. ДВА МАЖА САКАЛА

Еден маж сакал да је види умо на жената си до колку пари је чини и да је обиди дали је вистина жената неверна, како што веле старите луѓе. Неколку дни си идел дома сè гајлелија и многу замислен. Гледајќи го жената така, го прашала:

– Море, што така ми стоиш без ќеф, бре домаќине? Што гајле нешто имаш, не ќе ми кажиш?

– Лели ме, прашаш, мори жено, да ти кажам што гајле имам. Ете што гајле имам: ме викнаа некни на конак и ми рекоа да си земам уште една жена, да две да ми се сторат, чунки таков ем'р имало од царо. Јас на тоа згора му се откажав, арно ама требало да даам илјада грошеи, да така да не земам уште една жена. Арно да даам илјада гроша, и да не земам друга жена, ами мажов што немат илјада пари? Ете тоа, жено, сум гајлелија, уште два дни имам мувлет или да даам илјада грошои и да не земам жена, или да земам; и јас не знам, домаќинко, како да праам?

– Немој, не земај друга, домаќине, оти ќе си го расипиш раатот, оти две кучки на едно буниште не живеат, како што не живеат и два петла на едно буниште. Да колку за пари, давај и ич не жаљај; ако немаш, земи го ѓердано мој и продај го на куменциии, земи пари и дај, да не си внесиш беља в куќи. Ако неќиш ѓердано да го продаиш, продај една нива и куртулисај од беља.

Бидејќи имал иктиза за пари, мажо го мавнал ѓердано и си видел работа.

По некој месец-два, па стоел гајлелија и замислен како напре. Видуајќи го жената, па го прашала:

– Што така невесел, домаќине?

– Е, што сум де што, домаќинко, сите бели по мене идат, напре ме тераа да земам уште една жена, а сега да земам еден маж, та два мажа да водиме една жена, или да даам две илјади грошои, да да не земам друг маж. Ете, тоа гајле имам, домаќинко, сега. Учи ме сега како да праам? – је рекол.

– Ако ме слушаш мене, домаќине, ти сега пара скршена да не даваш, а не две илјади грошеи да даиш. Оти денеска лесно пари не се печалат, разбра? Ама ќе те тоарат уште еден маж да земиш, па ти земи го и – толку! Јас да сум ти жива и тебе измето ќе ти го прам и нему!

– Е, арно за измето ќе го праиш, мори домаќинко, ами не не бери тројцата во една постела да си лежиме.

– Ха, не не берело, тројцата во една постела да лежиме: ами ти ќе се поистаиш потамо, ја ќе се поистаам поамо и ќе не бере. Како не ќе не бери? Ќе не бери, ќе не бери, оди ти земи си уште еден маж и не давај пари. Ете, така да знаиш, домаќине!

Ете колку била верна жената: две жени неќела да има, а два мажа сакала.

## 8. МОМАТА ШТО САКАЛА МАЖ СО ДВЕ ЧЕШАЛА

Некоја мома била од богата куќа и една у мајка и татко. Бидејќи една, момата била разгалена до немајкаде. Сè што ќе видела сакала да биде незино. Нејќела никој во селото да има нешто што таа немала. Демек, момата била лика и прилика на батко Ѓорѓија од песните, кој сакал сè што е убаво да е негово. Таа била дотолку тамаќар што дури нејќела да се мажи, нејќела да има и таа маж каков што имале други жени. Пуштила момата глас дека ќе се мажи само за момче што не прилега на другите момчиња и велела:

– Јас ќе се мажам само ако најдам момче со две чешала!

Такво момче немало и не се чуло да има некаде. Момата си стојала мома, а нејзините другачки веќе имале деца.

Некое сиромашко момче од едно друго село разбрало за будалестото сакање на момата. Момчето било многу умно и скројало марифет како да ја земе момата и да се куртулиса од сиромаштилако.

Си зело момчето стапо в раце и пошло кај момата. Без многу мрдање, тоа одма ѝ рекло:

– Мори, моме, чув дека си барала таков и таков маж. Јас имам два: еден поголем и еден помал. Момите од моето село не ме сакаат, па ако ме сакаш ти, да се земиме.

– Истина, момче, имаш два? – го прашала момата и се израдувала. – Ако е така, јас сум каил да се земиме.

Момчето било лично и на момата ѝ се бендисало, та набргу се привенчале. По свадбата, кога легнале да

спијат заедно, момата видела дека тој има само еден кур. Се налутила, па го прашала:

– Ти, мажу, ми рече дека имаш два, а јас гледам само еден. Каде ти е другиот? Ме излажа, а?

– Не те излажав, мори невесто. Јас имам два, ама едниот му го дадов на нашио поп назаем.

Будалестата невеста поверувала и се смирила, бидејќи и со едниот вршиле работа.

Поминало баеѓи време и еден ден момчето кинисало по работа некаде и таму останало повеќе денови. Младата невеста останала сама. Бидејќи не можела веќе без маж, намислила да оди кај попот да го бара другиот кур од нејзиниот маж. Што наумила – тоа и сторила. Му пошла кај попот.

– Мори невесто, што си се намачила до мене?

– Попе, право ќе ти кажам, ама не лути се. Јас дојдов да ми го вратиш курот што маж ми ти го дал назаем, оти тој не е тука.

Попот веќе знаел каков маж таа барала и се сетил во што е работата. Штом ѝ го видел умот на невестата, ѝ рекол:

– Невесто, немај гајле, што сум зел назаем, чесно го враќам. Со мажа ти таков ни беше и зборот. Ајде, легни, па да ти го вратам.

Си ја свршиле убаво работичката и невестата, саде ќеиф си пошла дома. Вечерта се вратил мажот. Уште од врата жената го подбрала и му подвикнала:

– А бре, мажу, јас те знам итер, ама ти си бил многу будала. Ако веќе на попот си му го дал едниот кур назаем, зошто си му го дал поарниот?!



## 9. СТАР'Ц'Т ШТО ДАВАЛ ВОЛОВИ ЗА АЛАТ

Напред ишле, трговувале, убави волови купувале од Грчку. Е, никои трговци, ед'н постар и едно помало дете, купиле волови, докарале ги до никој дол ли било, река ли... Никоје жене си пралe. Они врзале воловите и гледале ги. Оној дете си спало, укл'нѕано помало; ов'ј постар'т женете ги гледал све. Гледал ги, гледал... Видел, оздол иде едно момче и баба. К'иде да му сака алат'т! Његов'т не работил. – „Ќе га сакам на оној момче алат'т, што сака ќе му дам!"

Сретнал ги:

– Накуде идете?

– Па, идемо на гости.

– Дечко, не ли ме услужиш ти мене ништо?

– Па, што бре, чичо?

– Да ми дадеш алат'т твој, да ти га дам мојат. В'здан ги гледам онеј жене, мојов не работи више. Ќе ти ги даду воловине. Четири ѕевгара терам, ќе ти све даду, тој.

Момчето се насмејало и рекнало:

– Целе државе да ми дадеш, ја не ти даам овој! Мене ми е потребно.

Бабата рекнала:

– Што си работил у младост? За у старос што не си остављаја, па ќе сакаш на дете! Сретнал си га, та ќе му сакаш алат. Њему ќе му требе; оно ќе си се жени, како ти што си се женил. Деца си начувал и куќу и па сакаш! Неќе, пријатење, сака да се чува, и за у старос да има!

Добро. Он, од с'клет отиш'л, легнал под сенку. И, оној дете, младо трговченце, разбудило се:

– Што ти е, бре чичо, што легаш?

– Не можу! Разболо се, болен с’м...

– Зашто си болан?

– Не мож’ да ги гледам женене. Цел ден ги гледам, за тој се разболо.

– Чекај, ја да иду там, на твоје место?

– Ај, иди!

Станало оној момче, отишло. „Шојле-бојле, шојле-бојле...“ Оне га дирале, он ги дирал. Спомнал ги њим, оне к’д га запуцале с’с пирајќе: тан-тун, тан-тун, тан-тун момче изутепале! Дошло после крај старца-тога:

– Е, море, чичо! Оне ме мене изутепаа, а не ли па тебе, старога. Мојат алат работи, па ме изутепаа, а твојат не работи, па ќе те кољав!...

## 10. ЈАЗЕ СТАР, ТИЗЕ МЛАДА

Имало едно време еден стар човек. Арно ама, иска да се жени. Јавува му се една млада жена. Викал му народо: „Брej, немоj да зимаш тизе таа жена, не мож да а ебеш! Таа жена кур ќе тражи!

Нејсе, земал ја таа жена. На вечерта легнали си. И са тове човек иска ама не му станува куро.

– Де бе, човече?

– А, жено, таа вечер немој. Утре вечер к'ида да го поправјам. Има мајстор на едно место, ќе го близничи. Ќе му тура малку близница, па тогава...

– Е, дека е бе, човече, тове мајстор?

– А, далеко е – вика. Далеко е, дури у Скопје.

– Е, добро, колку па тера?

– Ногу е скапо – сто лири – ама мора да се плати. Са шчо ќе праа? Јазе стар, тизе млада!

– Дигнеш ми нозете, баркаш тука, баркаш понам, не мош никак да ми го вкараш.

– Чекај бе, жено, дај ми ти на мен сто лири д'иа да го поправа, па ќе видиш што права јас. Дај ми ти на мен сто лири!

И таа – тингар, тангар – дај му сто лири. Иди у Скопја. Од меана на меана, од алвациница на алвациница. Јал, пил еден месец. Дошел като свинче у врато, па божем кур прави! Он ошел да се најаде, да се напие.

Е, едно време стана. Ошел дома. Жената му оште на вратата го чека.

– Човече, добро дошел!

– Добре дојдох, жено!.

– Е, ка е сега?

– Е, ќе виш довечера...

– Ќе видиме де, ќе видиме!

И веќе мркнува. Са на жената сака ѝ се а на човек па се јаде:

– Жено, дај да вечераме, па тогава тиа работи ќе вршиме. Сега сам гладен, нема какво. Иска да се наручам јазе убаво па тогава да вршим нашта работа.

– Ако, човече, какво речеш, ама побрзо да јадеш!

– Па, ќе се удава, бе жено, немој... поленка, поленка...Таа нош е наша...!

– Добро, човече, ајде!

Вечерал што вечерал, дигнал ѝ нозете. Таман го намести, она издивни куро вонка! Таман го па нагнети, она па: ехеее (се искашлува), куро па вонка!

– Оти бе жено, ја го намиштам па ти го искаруваш?

– Човече, слаб е оште! Това ќе го направи едно маленко дете а ти човек. Това не може!

– Жено бе, има мана па, да го еба, па има мана!

– Е, човече, има мана!

– На едно место појачуваа и наддаваа ги: да са под'лги и појаки.

– Еми, колку тераа, бе човече?

– Тераа сто лири, ама нема дека да го скриеме оти ќе биде д'лг.

– Човече, ќе си го чуваме у санд'ко.

– Е, какво бе тека, жено? Какво тека ќе го чуваш у санд'ко? Това не е нешто јабака, не е нешто пресно за јадење, да го криеш ф санд'к! Това е кур!

– Ако, бе човече, јас ќе го усукам сос в'на като некое маленко дете, ќе го скриа таму у санд'ко. Коа ќе ни притребе, ќе си го извадиме, ќе си го земеме. Е, вижда ле го ти там дека го праат?

– Виждах го.

– Е, ко'ку тека беше гулемо?

– Така, една педа и еден клекавец!

– Арен е, човече, земи го! Земи го, това е арно за нас.

Ајде тамо да зима божем кур. Јал, пил, ркал. Ошел па дома.

– Жено – вика – земи ми мајсторо парите и си гладен од там дојдех.

– А, мери ле го това?

– Мерих го.

– Ко'ку беше?

– Една педа и еден клекавец.

– Ега го огин изгори! Какво бе така, човече, тебе да те излаже?

– Е, жено, тека беше ама па ќе ода.

Тове легнал божем да спие.

– Чекај, да се почина, жено, зере капнах.

А она зема фурката – преде. И за'ркал божем: хррр, хррр! Она фани на фурката на рачката една педа и еден клекавец: „У, ега те огин изгори, што не го зема!" Фане трипати: чак, чак, чак... цалне фурката. Цалне фурката на рачката. Тове па: хрр, хрр... Она попреде, попреде, па: една педа и еден клекавец! И: „Ега те огин изгори, ега не си жив! Зашчо го не зема, еле ќе си го чуваш у санд'ко! И куа и тебе ќе те немаше јас сама ќе си го боболех ф мене." Тове се свести:

– Жено, што нешто ти викаш? Дали на мен нешто кажуваш? Баеш ле? Ме разбуди – вика – огин да го изгори, огин да го изгори!

– Ништо, мажу, тека фурката не може нанадоле да ми фане та да преда. Е, после шчо праиме?

– Е, шчо праиме, па ќе ода, па што иска нека е.

Нејсе, ојде па на тове мајсор там божем што прави куровето. Рекол:

– Слушај, ќе ти дам сто лири, ама ќе ми го наддадеш, ќе му туриш од гума ле... Какво ќе правиш да го онадиш оти иска да е гулем оште ко'ку една педа. Ко'ку сака нека излезне, ја ќе ти плата.

Добро, легни!

Тове измери од белите гуми. Тури му на куро. Намажи го сос туткал, сос нешто... И тове стави го фоф потурјето.

Ошел дома.

– Еј, жено, и сега ако ме засрамиш – рекол ќе ти еба маќата! Бркни де, па да видиш: ќе искараш ле смочисчак!

Са таа бркнува:

– А, што е това, бре човече, шчо е това? Ја не смеа ни да легна при тебе.

– Е, не може!

– Легнала, не легнала тове ќе го собереш! Или ќе мриеш или ќе го собереш! Сè ме кара да го права. Е, сега го направих. Ојдоа триста лири... Што мислиш, бркни!

Тове накоравил го малку а гумата се дигнала а главата од гумата дебела.

– Човече, ќе ти опроста сичко нешто а това немој да го тураш фоф мене. Ќе умра, това не мога да го прибера... Това е магарешки....това не е кур!

– Дадох то'ку пари – триста лири – и сега нeќеш. Какво тоа мош да биде? Дај, легни!

– Немој, бе човече, молам ти се! Ја ти сто лири озгоре, само немој таа работа да ми направиш. Ја ќе умра, бре, шчо е това?

– Не, не, жено! Дај само да приближиме само покор путката. Нека а цалне еднаш! Ако не даваш, барем да а цалне еднаш.

– Е, човече, ако а цалне и ќе го фкараш, и ќе флезне. Не бива! А цаливање и флазинање!...

– Дај, море, дај, дај!...

Арно ама, тове некак кандрдиса а. Фата напред, ка легна дигнал ѝ убаво нозете. Накара сега гумата напреде сос прсто. Набутал гумата, а бакл'м и куро. Тука таа:

– Човече, извади го, ја ти оште сто лири на тебека!

И станала, чукнала го.

– Алал ти вера, стар си, ама спрема мене дојде како што требаше. Ја виках стар си, не мош да вршиш работа, ама си го поправил...

– Е, поправих го ама сос лирите. Ами сега? Тражи ми оште сто лири да му однесам што го направих.

– Нà ти на тебе оште сто лири. Сакаш прави го, сакаш не, оште еднаш не смееш да ми вршиш таа работа.

Збогум сос здравје!

## 11. БОЛНИОТ СВАТ И СВАЌАТА

Некој сват си имал мерак на сваќуту, па се поболел. Снаата викала:

– Тате, да наручимо мајка да дојде?

– Па ако, сине, наручите нека дојде. Ја ич не можу. Да се видимо, па овој век је, може да се умре.

Наручиле, дошла сваќа на гости. Па напред, нема ќумбети – огњишта. Он легнал од едну страну до огњиште, она на другуту, седела. Па оне жене, напред гаќе не носиле. Он легал, па она потргнала такој кошуљуту, грејала се. Он гу пазил.

– Сваќо, још попотргни гу погоре, па се убаво огреј!

Она гу још попотргнала и си чини лав с'с њега. Он си све пазил и све зборил. Рекнал:

– Сваќо, што сака све видо; с'г ако оздраву, ќе оздраву, ако умру, ќе умру!

Па она си чини лав и све си гу потрзка кошуљуту.

– Сваќо, на туј меру гу држ. Греј си се убаво. Ако си много остинала, да си се огрееш убаво!

– Ако, свате. Мене ме мило. Ја с'м дошла да те наѕрну. Викам на старца-тога: наручило девојче да иду да наѕрну свата, много бил болан!

– Ако, сваќо, добре си дошла! Ја с'г или ќе оздраву, или ќе умру.

Поприближувал се такој, поприближувал се...

– Тате па ти почна да одиш! – снаата викала.

– Е па, сине, да седну до сваќу.

Он седнал до сваќу, почнал да гу брка... Снаата рекнала:

– Мамо, срамота е! С'г татко мож' да дое по тебе!
– Сине, све едно: а татко, а сват; тој све едно, сине!
И снаата ву рекнала:
– Пу, мори мамо, па нели е срамота?
– Глеј си ти твоју работу!...
Снаа си искочила преко врата и си останале сват и сваќа. И оздравел сват како дрен!



## 12. ЖЕНАТА МЕРАКЛИЈА ШТО НЕ МУ ДАВАЛА ДЕРМАН НА МАЖОТ

Си се оженило некое момче. Тогај момчето било ’ногу силно и јако: од дрен можело вода да исцедит. Ама како се оженало, надолу му кинисало. Од ден на ден сѐ послабо и послабо станвело. Коска и кожа се сторило. А то, не оту некоја болест имало, туку од пустото жениште. Голема мераклија била таја, ич дерман не му давала. Докај појди му викала:

– Ај да свршиме работа, ај да свршиме работа.

По некое време го сретнал неговиот побратим и му рекол:

– А бре побратиме, што оуки ти ослабе, се стори за никаде, откако се ожена. Да не немаш да јадиш, да пиеш, што ти е, да не си болен?

– Сѐ има, ама пустата жена мир не ми дават, не ме остават, ме исуши!

– Е, побратиме, му рекол пријателот, ич не плаши се, ја ќе те спаса. Имаш некоја нива за косење?

– Има една ливада – му рекол овој.

– Добро, рекол побратимот, ја и ти ќе ојме таму утре да косиме, а женати да дојт ручег да ни донесит.

Како што се договориле, другиот ден уште рано отишле да е косат ливадата. Побратимот собрал по некое речиште обелени коскишта, ’и нанизал на една низа и ’и врзал на појас околу себе. Кон полденот дошла жената, донесла ручег и сѐ така се пулит во коските и му велит на мажот:

– Што е онака човекон, со коскине околу него?

– Опитај го него – рекол мажот – што зна ја што е!

– Страмота, не страмота – му рекла таја на побратимот од мажот – ама ако мојш да ми кажиш што ’и носиш така коските?

– А мори, сестро, ме опитвиш, да ти кажа, ама е страмота.

– Не, ќе ми кажиш зошто ’и носиш коските? – му рекла пак таја.

– Слушај ваму, сестро, ти си жена од побратимов и сестро ќе те вика. Ја си имав една жена. Овие се коските нејзини. Од жал што беше лична, дур да умра вака ќе ’и носа. Ама таја си е кабаетлија, ногу сакаше да е љуба, да ми простиш, од тоуку што бараше се стори коска и кожа и така умре.

Се уплашила жената од преголема љубов да не умрит и таја и си зела клетва појќе да не лежит со мажот. Вечерта дошол мажот, а таја настрана легнала и не сакала ни да се доберит до неја сиромашкиот.

Е, поминало една година и појќе време, а таја ни помислувала за мажот. Се нашол тој со побратимот и му велит:

– Не зна дали ти ми стори подобро или полошо. Ево, појќе од година, женава нејќет да чует да спиет со мене, барај чаре нешто?

– Чекај – велит побратимот – ќе дојда, ќе е попрајме работата.

Дошол тој дома им и, од збор на збор, е велит на невестата:

– Како си, како си вршиш со момчево?

– Никако – рекла таја – ево една година ништо не прајме, се плаша да не умра и ја како жена ти.

– Не плаши се, посестримо – рекол овој – мојт вие да си водите љубов по еднуш, по двапати на вечер, ништо од то да не се плашите.

Така невестата се ослободила од стравот и пак со момчето почнала да си води љубов, ама сега, како што е ред, помалку, а не како пред тоа кога ќе и текнело и во секое време.

## 13. КРИТЕРИУМИ

Некој директор на голема фабрика често си ги менувал секретарките: или тој бил сит од нив или тие од него. Еден ден тој пак останал без секретарка. Го повикал шефот за кадрови и му рекол:

– Димче, ми треба нова секретарка. Ти знаеш каква таа треба да биде, па гледај што побргу да најдеш некоја добра...

– Директоре, без гајле, ги знам вашите критериуми. Бргу-бргу ќе најдам секретарка.

Димче се вратил на работа и веднаш почнал да размислува за кандидатките од фабриката. Во неа работеле стотици работнички, па изборот не бил лесен. Димче си ја знаел работата и брзо нашол решение. Се сетил која работничка најдобро ќе одговара за секретарка. Испратил човек да му ја повика.

По малку време, кај него влегла работничката. Не знаела за што ја викаат, па била некако исплашена. Димче станал и ја поздравил, па ја одмерил. Онака исплашена, таа, кутрата, уште повеќе се исплашила и зацрвенела. Димче повторно ја одмерил. Таа била, убава, млада, парче ипол – од мерак да посакаш веднаш да ја зграпчиш и галиш, галиш...

– Марице, знаеш за што те повикав? Безбели, не знаеш! Сакам да те унапредам: да му бидеш секретарка на главниот директор. Што велиш, а? А платата поголема, а работата полесна! Ќе ми бидеш благодарна!

Марица уште повеќе се исплашила и не можела мирно да стои. За да ја растресе, Димче ја пофатил за цицињата, ја чукнал по газињата и пак и рекол:

– Ајде, де, не се срамувај! Што велиш?

– Другар Димче, па јас не сум многу писмена, како можам да бидам секретарка? – успеала Марица некако да рече.

– Марице, без гајле, ти реков дека работата е лесна: ќе му вариш кафе на директорот, ќе му ги закажуваш состаноците, ќе му даваш врски по телефон. Тоа ти е целата работа. Другото е само ќеф! Кога ќе биде директорот слободен, ти ќе му го нишаш пенисот!

– Е, другар шефе, штом работата е толку лесна, јас кандисувам.

Марица така станала секретарка на главниот директор. Му варела кафиња, му закажувала состаноци, му кажувала кој го бара по телефон и слично. Уште првиот ден, кога завршило работењето, директорот ја повикал кај него и веднаш ја налегнал. Дури тогаш таа видела што било да се „ниша пенис". Директорот бил саде ќеф, таа убаво му мрдала, а згодна била, ти реков веќе – парче ипол! Директорот почнал на Марица да и купува чевли, фустани... дури и бунда.

По некое време Марица посакала да појде во нејзиното село. Директорот му наредил на својот шофер да ја одвезе во селото. Кога Марица пристигнала во селото, наконтена како некоја госпоѓа и со „Мерцедес", нејзините другачки побрзале да ја посетат и да се распрашаат како таа толку далеку дотерала.

– Марице, мори, што работиш ти сега? Како се искачи толку високо? – ја прашала една од другачките.

– Ја сум секретарка на главниот директор – одговорила Марица. Работата ми е убава, лесна, а платата добра.

– Леба ти, Марице, како стана секретарка? Нели не си многу писмена? Што тогаш работиш?

– Така е, јас не сум многу писмена, ама работата ја вршам добро. Варам кафиња, давам телефонски врски, закажувам состаноци... Кога нема работа, му го нишам пенисот на директорот.

– Оф, мори Марице, што ти е тоа пенис? Не сме чуле за таква работа.

– Их, ама сте прости! Пенис – тоа ти е кур, како нашиов селски кур, само е помек!

# 14. ТЕНЏЕРЕТО СИ ИМА ПОКЛОПЧЕ

Некој човек имал ќерка за мажење. Она коа мочаше, да ми простите, девет воденици мелеа и три валавици ваљаа. Таја еден ден му рече на татка си:

– Татко, оди, барај ми маж! Јас до кога вака ќе живеам? Моата судбина, правда ќе а кажуваш.

Е, тоги киниса ќ'оди татко ѝ, ќе ѝ бара маж. Оди, оди, оди, врте по села и градови. Го најде еден легнат во дворо, си кршиореј со него.

– А бе, јас барам зет за ќерка ми. Али ќе мојш да ми бидиш?

– Каква е ќерка ти?

– Ами, ќерка ми коа моча девет воденици мелат и три валавици ваљаат!

– А, не су втасан јас за неа. Оди уште!

Пооди тој, пооди, најде еден – девет коли за кур врзани, преметнат на рамото, и си ѝ води. И тој го пита:

– Вакви ми е работата: барам зет за ќерка ми. Таја коа моча девет воденици мелат и три валавици ваљаат.

– Не сум втасан јас за неа, барај си друг!

Оди, оди, оди, дојде до некоа голема река, као Вардаро. Ќе преоѓа преку река. Ама коа за да прејди преку река, мост нема. Еден го наседнал курот, го спружил и сеа си преоѓаат на него луѓе, коли, све... Му вели:

– А бе, иди, ете ти мост!

– Ме стра.

– А бе, како те стра?

– Ме стра.

И тој вати на задниот крај, легна на него и се преклопи:

– Држ'се – рече – убаво!

И тој: так! го заврте вамо на суво.

– Слези – рече – сеа!

Човеко слезе и тој па си го врати мосто.

– До дека ќе одиш?

– Барам зет за ќерка ми. Таја коа моча девет воденици мелат и три валавици валаат!

– Таква ли е?

– Таква е.

– Јас можа да ти бидам зет. Коа ќе дојш да ме земаш, четиринајсе коли ќе донесиш да го товариме мандалово. Какви сакат коли нека бидат, само да можат да ми го носат.

Се разбрале веќе со него. И човеко барал, барал, барал: нашол угу тринајсе коли и дошол, го товарил. Го занесил дома. Човеко имал куќи големи, стари куќи, баи д'лзи – по дванајсет метра. Кога била свадбата, младоженецо крај ѕид, околу наоколу трпеза го извиткал куро. Си седнале луѓето на него. Не знаат шо е, покриен бил. Почнале муабети: море оваа ваква жена, неа наква жена. Тој му вели:

– Лоши работи не зборите, оти мислете на шчо седите!

Тија пак тоа шо си го знаат: ваа невеста вакве цикки, наа невеста ваква пичка, да ми простиш! И тап еднаш му чини на куро и разлетаа тие сите усвет: едни на греди, едни на баџи... Па се смири човеко. И помина свадбата, си легнаа со невестата. Ајде, ајде, ајде, ама на невестата ѝ дојде малце. Ѝ дојде малце!

– А бе – рече – коа не си бил втасан, шо си дошол да се жениш?

– Јас втасан бе, туку татко ти не беше втасан.

– Оти? – рече.

– Четиринајсе коли му реков, а тој донесе угу тринајсе. Го товарив, другото ресто се влечеше поземи и се подјаде.

И туа се одбрани тој. Тија си останаа, јас си киниса ваки.



## 15. ПОЛЈАКОТ И ОЏАТА

Полјак му го чувал на еден оџа лозјето. Оџата бил добар човек и секој ден одел да му носи ручек на полјакот и да си поднаберит по тро грозје. Арно ама еден ден го нашол оџата полјакот кај што спиет во лозјето. Гледат оџата и се чудит. На полјакот, пустиот, од јадење грозје, ко смочиште издолжен. Зел оџата една сламка, му го измерил и си клал сламката во чалмата, и е заборајл така.

Дошол оџата дома и го видела пустата жена и му велит за сламката:

– Што ти е ова, никојпат сламки не си носел?

Оџата, сиромав, пусти штури, ама никако не можел да е измамит и најодзади е кажал.

Кога си отишол оџата, анката е пратила слугинката да го викнит полјакот дома. Дошол полјакот и свршиле уба работа, ама токмо тогај ете ти го пустиот оџа идет дома. Кај ќе го скриет анката полјакот? Овде, онде и е истекнало да го скриет на таван. Се качил полјакот таму и заспал. А полјакот бил научен ко ќе се разбудит да викат: „Хо, бре, а ха, ха, ха!“

И така, штом се пробудил, се развикал на таванот полјакот.

– Кој викат вака? – прашал оџата.

– Што зна ја? – рекла анката.

– Кој е горе? – викнал оџата.

Се јавил полјакот и кажал дека анката го викнала, та зато се нашол на таван.

– Ај, сиктер – рекол оџата – не си ти крив, ја е згрешив работата со пустата сламка.

# 16. КАЈМАКАМОТ, НЕГОВАТА АНАМА И БЕКШИЈАТА

Во турско време некој кајмакам излегол на прошетка по лозјата. Имал и свое лозје. Одејќи така, наишол на полјакот (бекшија по турски). Ама, полјакот си 'и турил гаќите, се припекол на с'нцето а меретенот го спружил. Кајмакамот ка видел така, зел една прачка, а пресекол и отишол му го мерил. И прачката си ја клал во појасот. Вечерта си оди дома. Си оди дома и таа прачката му паднала од појас. Го пита анката:

– Шо е тоа, шо е тоа?

– Ами, едно дрвце!

– Како дрвце, шо е тоа дрвце?

– Едно дрвце – рекол – денеска се занимавав ка лозје.

– Не, ќе ми кажиш, тоа зошто е. Оти не е или подолго или покусо, туку баш толкаво? Ќе ми кажиш!

И едно време кајмакамот ѝ кажа:

– Вака и вака е работата: денеска бе на прошетка по лозјата, па удри тамо на полјакот и вака е работичката: му го мери со ова прачка.

И му вели анката:

– Остави, не зборувај такви зборови во нашава куќа! Срамота е, не зборувај!

Добро, по некое време анката се разболела и му вели на кајмакамот:

– Ми текна за грозје.

Кајмакамот излава и го пречекува полјакот.

– Бекши!

– Бујрум, кајмакам ефенди.

– Денеска ќе земиш кошницата, ќе појдиш, ќе набериш грозје, ама бендере, бендере грозје и ќе носиш на дома кај мене.

– Пеќи, кајмакам ефенди!

И зема бекшијата кошницата, оди во неколку лозја, одбира грозје, а наполнува кошницата и ја носи. А носи, на вратата, тропа. Пита анката:

– Ким сен си?

– Бен'м, бекшилари.

Оди, отвора и му вика:

– Ѓел бре, ѓелди чери! (Дојди ваму.)

Овој вели:

– Како да дојдам внатре, кајмакамот ќе разбере, ќе нè заколе двајцата?

– Море, ела внатре, бре!

– Не, не!

– А бре, ела внатре. Ако не, ќе му кажа на кајмакамот оти ми побара ти мене и така ќе те заколе и така.

И овој влезе внатре и му вели:

– Сега ќе прајш работа!

– Бре!

Бре ќе биде, бре не бидува, бре вамо, бре тамо! Едно време се согласи... Ама во тоа време си дојде кајмакамот на ручек. Тропна на порта.

– Ами – вели тој – сега шо прајиме?

– Е, сега пикни се во оџакот!

Се пикнал во оџакот. Во оџакот имало едно железо протнато напреку и тој застанал на оџакот просту, ама заспал. Заспал во оџакот. И едно време во сонот, виде: некој влезе во едно лозје да краде грозје. И овој од оџакот вика:

– Ееej, кој си ти таму, бре, шо крадиш грозје?

А кајмакамот ѝ вели на анката:

– Бак, бак, каков полјак имам јас: вика наму во ридот, а овде се слуша!

Добро, ама полјакот па почна да повтара, да вика по втор и трет пат. Кајмакамот се сети оти полјакот е во оџакот и едно време му вели:

– Море, пријател, славај долу, да не зема еден сноп 'ржаница да те изгора. Славај долу!

И овој, виде не виде, излезе, слезе, застана.

– Е, шо е работата?
– Е, грешиме, ефендија.
– Е, како?
– Грешиме!
– Е, сега ќе ми кажиш право: правите работа со анката или не?
– Е, правиме.
– Колку пати?
– Трипати.

Кајмакамот вади ќесето, го развитка, му дава една бела меџудија.

– Еве ти ова бела меџидија – рече – да идеш да јадиш, да пијеш. Ај ми со здравје, немаш кабает! Мој е кабаетот оти на анката мерата е донесов.

## 17. ТРОЈЦАТА БРАЌА И ПОПСКАТА ЌЕРКА

Биле тројца браќа, живееле у заедница со татка им. Имале голем имот, имале овци, големи ниви, све... Дошло време стариов се разболел и умрел. И што напрајле, се поделиле. На секому му паднало по двесте овци. Првиот брат ги чувал овците, ги чувал, најпосле му здодеало и решил да ги продава. И искочил надвор една ден.

– Ајде, бате, ја ќе ги продава овците. Ми здодеа да ги чувам. Ќ' испаднам на пазар денеска, белки е среќа да фана некој динар пари.

И ги извајл овците. Наминал покрај една улица и видел една жена у дворот си мете, ама жена што има што да види, разбираш! Се расцркал:

– Продавам овци, продавам овци!

И го слушнал попот. Она имала поп татко.

– Колку пари ги продаваш овцивe?

– Абе, попе, не ги продавам за пари, ги продавам – за жена!

– Оди вамо штом је за таа работа. Оди вамо, имам ја една ќерка, погодете се сос неја.

Је вика на ќерка си:

– Ќерко, вака и вака...

– Е – рече – тато, испаѓам надвор.

Испаѓа ќеркава:

– Колку пари?

– Што колку пари? Да ти го пикнам еднаш доста е!

– Оди ваму!

Оди у соба, си легнуват тамо и го пика еднаш, испаѓа.

– Ами – рече – уште?

– Рече еднаш само.

Видел не видел чоеков, си дошол дома измиен со очите. Кога си оди дома, браќава го гледат:

– Бате, ги продаде овците?

– 'И продадов. Јака печалба добив.

Утрента рече и другиов:

– Ај, и мене ми се здодеа, да чувам овци, и ја ќе 'и продам. Оди н' истото место и он. Вика уште оддалеку:

– Овци продавам, овци продавам! Кој сака да ги купи?

Испаѓа попов:

– Колку пари им сакаш? – рече.

– Не 'и продавам за пари, само за жена...

– Оди, ја имам една ќерка, пазарете се сос неа.

Оди попот ќе ќерка му и вика:

– Вака и вака работи... Уште една будала. Да го стегнеме и него.

Кога он загледуе у дворот, ги виде на брат му овците. „А – си рекол – брат ми овде ги продал овците!" Флегуе внатре.

– Колку пари им сакаш на овците? – го прашала таја.

– Ништо нејќум, еднаш да си легнам сос тебе.

– Ајде!

Си легнуват.

– Ами, дај!...

– Како дај? Ти рече да си легнеш сос мене само!

– Ами како, не ти 'и дадов за џабе овците, ја ти реков да те ебам.

– Не, ти рече само да си легнеш сос мене! Еве, си легна сос мене, сега мојш да станеш да си ојш дома и готово!

Станал сиромав, си дошол дома измиен. Брат му му вика:

– Како ги продаде?

– Ги продадов, бате, и голема заработувачка добив.

– Е, што напрај?

– Пара зедов.

Овој се смее, знае оти и он ги измил очите ко него. Третиот ден вика малиот брат:

– Ќ'одам денеска ди продавам овците и ја. Не сакам да бидам овчар. Сакам да живејам и ја ко вас.

Испаѓа он, носи ги на истата улица. Кога гледа оддалеку: четиристотини овци! Не се малку, разбираш! Ги видел оддалеку. „А – си рекол – браќава кај ги продале овците!"

– Продавам овци! Попе, имаш некој дома?

– Имам, имам. Колку ги продаваш овците?

– Ја знам колку ќе ги продам, туку кој ќе 'и купе. Ќерка ти нека испаднит, да се пазариме.

Испаѓа ќерка му:

– Колку пари им сакаш на овците?

– Абе, сестро, ништо не сакам, само да ти го пикнам!

– Одиваму!

Го зима она. Вечерта муабет, јадење, пиење. Дошло времето, овај си легнал сос неа и ѝ го пикнал. Чека сабајлината ова да стане, овај си лежи.

– Абе, ајде, стани!

– Чекај, пазарот ни беше да го пикнам!

Кога чека: ден, два, три, недела, две недели... овој не го вади однатре. Разбираш, овчарска работа. Не дај боже, да не каптисаш на него! Влегол внатре попов:

– Аман, ќерко!

– Тате, што да му прам? Фаќај слугите да го фрлат сосе партали.

Ов'ј се грабнал за неа, се држи. Сосе кревет слугиве го изнесуваат на улица, мислат овде ќе се посрамоти, ќе стане откај неа. И ов'ј си лежи, ни срам ни перде! Кога утрото, мини некој пријател од неговото село таму.

– Е, Стојан – му рече – врати се навака, да ти кажам нешто.

– Што има, бе бате?

– Абе, те молам здраво–живо носи на бате. Кажи му нека ја посеат та нива горе големата шчо е бостанче. Ко ќе фтаса, нека донесе неко ластиче да каснам, оти изгорев од сонцево овдека лежејќи.

– Леле, ќерко, нема да станеш уште две години! Туку дај да му простиме све. Земи си го за маж, да го носиме дома! Ов'ј страмотилак не се трга – рече попот.

Зимает сосе кревет, сосе жена дома го носат.

– Е – му викат – стани, еве ти ги и овие шестотини овци, еве ти и мое цело имање, и земи си ја неа за жена. Остани овде за зет, само срамот да не го тргаме!

– Ами, како ќе речиш, попе; мене и вака арно ми е, ја уште ќе си лежам.

И така стануе он тогаш откај неа, остануе зет тука. Ги вика браќава:

– Е, абаци едни, еве ви ги овците, останете чоеци! Ја овдека станав чоек и така и така. Еве и женичка.

Напрајле една свадбичка за мерак.



## 18. МОМЧЕТО, АН'МАТА И МУХТИЈАТА

Еден сиромах човек еден син имал. Тове рекол:

– Тате, шчо чекаме туа, ај д'ием да купим три-четириесе коча, да откараме да продадеме. Да земеме некој грош пари!

И тове послушал сино. И ошли купили четириесе коча. И искараа ги у една планина. И вика сино:

– Тате, ајде туа ќе паса кочовето, а ти ќе ми донесеш една вреќа сол. Ќе си ги крма тука кочовето. Нека пасат. Ќе и поправа, па тогај ќе и продадеме.

И тове донел му една врека сол и ошел си. Заколи таа вечер еден коч: изеш месото, усукај си цревата на куро! За четириесет дена свршил кочовето, ги изел. Тове си јаа магарето, сос песни, сос свирки дома ошел си. Башта му рекол:

– А, бе синко, камо кочевето?

– Тате, јазе продадох кочевето.

– А какво тека, бе синко. Ја парите?

– Парите ја ќе ги зема. Ти се не коси! – рекол. – Ајде, ќ' идеме да земеме некој товар пченица да докараме, па да идеме у Џумаата да продадеме. А за кочовето оттам ќе зема парите.

Ошли, земали печес товари пченица. Товарили печес кона. Ајде, та на Струма. И загнал се башта му да јаа коне. Син му рекол:

– Тате, нема да јааш коне, конето са товарени! Ела, ја ќе те пренеса.

– Е, можеш ле, синко?

– Мога, мога.

Е, качил се баштa му на него. Таман до стрет водата фана ги до над појасо и сопира се:

– Тате!

– Шо бе, синко?

– Ќе те питам нешто ама право ќе ми кажеш. Ако ми не кажеш, ќе те акна у водата, ќе те удава.

– А бе, сине, шчо сам видел ќе кажа.

– Тате, да ми кажеш право, на младие вакт по колку пати тераше?

– М'чи, синко, това е срамота!

– Не, ќе кажеш!

– Е, по двапати, по трипати, највеќе до четирипати!

– Е, тате, ја мога да направа четириесетпати.

– Можеш, синко, ти си млад.

Па одонат река една алајка вода лие и чула. Ан'мата ѝ била оџова штерка, а маже ѝ таксидар, немало го дома. И кажала на ан'мата:

– Ан'м, едни тека и тека думаа, препираа се...

– Брже – вика – да ги пречекаш, да им кажеш у нашие ан нека дојдат. Имаме убаво сено, зоб... Нека дојдат у нашие ан.

Она ошла, кажува:

– Чичо, ан'мата ве вика у нашие ан да дојдете. Имаме рана добра, зоб, сичко имаме...

Добро, ошли тамока, расположил се. Таман се седнали, те ти на вратата: так, так, так! Отворила вратата, алајката.

– Што е?

– Вика те ан'мата.

Тове – сино – иди.

– Што има?

– Ја сам те викала да се облагаме. Еден облаг да туриме.

– Каков облаг?

– Ако можеш четириесетпати, ќе ти дам четириесет ќисета пари. Ако не можеш, ќе ти зема и коњето и пченицата и парите.

– Ќе се обидеме – вика.

Налегнале. Танга, тунга, танга, тунга... На четириесетие пат крф изблувава.

– А, не биде!

– Биде!

– Не биде!

– Ќе се судиме.

– Добро, ќе се судиме.

Ошли да се судат сега.

– Мухти ефенди, ние дојдохме да се судиме сос тове човек.

– Е, шчо е судмото?

– Да маане на мое орех и да отчука четириесе ореа. А па он еден шуплив отчука.

– Е, ти отчука ле четириесе ореа?

– Отчуках.

– Е, па еден ќе излезне шуплив у тиа четириесе ореа... Дај му парите!

Тинк, тунк, тинк: четириесе чисета пари дава на тове.

Иде дома:

– Тате, погледни: парите од кочовето ја ги а!

– А бе, синко! А-а-а!

– Таман седнал, па дооди ан'мата.

– Шчо има па сега?

– Сега ќе се облагаме па.

– Е, шчо е облаго сега?

– Од четириесе чекари ја ќе сам, а ти од четириесе чекари ќе се загнеш да ми свршиш таа работа.

– Добро!

Преброили четириесе чекари. Тове ка се пушти оттука, та в динг!

– Не биде!

– Биде!

– Не биде!

– Биде!

– Ќе се судиме.

– Ќе се судим, ќе се судиме.

Ошли да се судат, на мухтијата.

– Мухти ефенди, ја на тове рекох да си пушти коне право да флезне у моата порта, а он флезнал у капецико.

– Мухти ефенди, мое кон право идеше, ама она затвори портата, а он у капецико ќе флезне. Па оно е добиче!

– Ама затвори ле портата?

– Затвори а.

– Дај му парите!

Земи момчето сега и тиа пари. Четиресе и четиресе осамдесе ќисета пари. Иди си дома. По малку време, па чука на вратата алајката.

– Што има па се?

– Ан'мата те вика.

Дојд там.

– Има оште еден облаг сос теб да се облагаме.

– Е?

– Јазе ќе се соблеча гола на фустанче тенко и алајката ќе се соблече, а ти меѓу нас ф средата. Ако мош да се стрпиш, таа вечер да не не ебеш, те ти четиресе ќесета пари. Ако не, ќе ти земеме сè: парите и коњето.

– Добро!

И тове зима еден канап, стегни си куро. Арно ама, са ан'мата си легнала, а алајката а-а на тува заврти се – стенка, натука заврти се – стенка... „Ај, д'еба маќа му, што да чина?" Таа поленка најди едни сајбикини ножици: крап! отсече канапо. Земи сега сосе канап на алајката – так! Од неа на ан'мата – так!

– Не мож да се стрпиш!

– Стрпех се.

– Не мож!

– Стрпех се.

– Ќ'ием, ќе се судиме.

Ошли па да се судат у мухтијата.

– Мухти ефенди, дојдоме да се судим па.

– Шчо?

– Ја му рекох да си врзе коне, ни од нивата да докача ни од ливадата да докача. А по негово кон и од нивата докача и од ливадата докача.

– Е, мухти ефенди, ја си бех врзал коне, ама они фанаа та му скинаа ортомата. Па оно е добиче! Мора да пасе и оттука и оттука.

– Ама скинаа ле му ортомата?

– Скинаа му ја ортомата.

– Дајте му парите!

Тинк, ја парите. Дале му 'и тиа пари. И сега соблече а, веќе пари нема. Имала еден петел.

– Ела, ќе ти дам петело, уште еднаш сврши, па ќе се фанеме рака за рака, па ќе се простиме.

Иди уште еднаш и на неа и на алајката. Шчо ќе даде алајката бакшиш? Дала му сто лири. А ан'мата? Петело го даде тогова.



## 19. ШТО САДИШ, ДА ДАЈ ГОСПОД, ТОА ДА ТИ НИКНЕ

Живееле баба и дедо. Сами. Имале една бавча покрај некој крстопат и од неа се пренанувале. Тој везден во бавчата си работал. Бидејќи бавчата на крстопат, крај неа многу луѓе минувале и секој чоек ќе го поздравел дедото „Добро утро“ или „Добар ден“ и ќе го прашал потоа: „Дедо, што работаш? Како си?“ На сите познати и непознати луѓе, дедото им одговарал и на поздравот и на прашањата.

Еден летен ден, кога било многу голема вруќина, дедото имал баеѓи работа во бавчата. Тој ден голем број минувачи го поздравувале и го прашувале: „Што работиш, дедо? Како си?“. Дедото морал да ја прекинува работата и на сите им одговарал, ама веќе му здодеало. Кога веќе требало да ја приврши работата, покрај бавчата на деда поминал господ, преправен во селанец.

– Добар ден, дедо! Како си, што работаш? – го прашал.

На дедото веќе му било дошло до гуша од прашањата и одговорите. Онака преморен и лут што сеуште работата не ја свршил, на непознатио селанец му одговорил наврекнаѓо:

– Ете, садам курови!

– А, така ли, садиш курови? Ај, што садиш, да дај господ, тоа да ти никне! – и си заминал.

И дедото си отишол дома и па катаден работел во бавчата: насадот си го залевал со вода. Едно утро имал што да види: од земјата наместо краставички никнале курови. Дедото се стаписал, седнал под едно дрво и почнал да плаче. Ете ти го господ, сега поинаку преоблечен.

– Добро утро, дедо! Што вака, зошто си толку нажален? Што ти станало? Што мака имаш? Да ти поможам, ако можам – му рекол.

– Остај се, чоеку! Маката ми е голема. Што можеш ти да ми поможиш?

– Кажи, де кажи! Белки има некое чаре?

– Е, да ти кажам: му згрешив на господа. Тој ме накажа. Ја послушал клетвата на старецот. Така и треба, кога на чоекот нечоечки му одговорив на поздравот.

– Што било тоа, дедо. Што си сторил? Што си му згрешил на господа?

– Море, братче, ги гледаш ли овие во бавчава? Знаеш ли од што никнале? Не знаеш, се разбира. Ќе ти кажам па да ми олекне на душава. Еве, еден ден јас везден работав во бавчава и се изморив преку сила. Цел ден луѓе минуваа, сите ме поздравуваа и ме прашуваа како сум со здравјето, со работата. Ми домачне од многуте поздрави и прашувачки оти требаше да ја оставам работата и да им одговарам. Последен намина еден старец и ме запраша и тој што работам и како сум. Јас, онака истоштен, му реков: „Ете, садам курови!“ А тој ми рече: „А, така ли! Е, ај, што садиш, да дај господ, тоа да ти никне!“ Ја гледаш ли бавчава: го послушал господ, ме накажал... Со чоек треба чоечки да се разговара.

– Тоа ли ти е гајлето, дедо? Ич да не жалиш, ништо нема да изгубиш, туку ќе спечалиш. Овие ’ркулци не се обични, туку волшебни. Кога ќе имречеш „Ај сега!“, тие веднаш работа. Разбра ли? Ама ти уште малку време да ги повадиш за да порастат. После исечи ги и носи ги на пазар. Ќе видиш колку пари ќе спечалиш.

Му го рекол тоа господ на дедото и додека овој да се сети и да му заблагодари, господ се изгубил. Дедото продолжил да ја вади бавчата. Расадот пораснал и еден ден дедото исекол неколку десетици со срп, ги наредил во една кошница и пошол на пазар. Кошницата ја покрил со крпа, како што се покриваат јајцата кога се продаваат на пазар, и се наредил накрај до жените што продавале јајца.

Жените што купувале јајца, што ќе дошле до дедото ќе ја подигнеле крпата за да видат колкави се јајцата во кошницата. Имало што да видат: место јајца во кошни-

цата наредени – курови. Секоја жена ќе спискала. Дедото ќе ја смирел:

– Не плаши се, мори жено, не се тие тукутака... Тие се волшебни... Ако им речеш „Ај сега", тие веднаш работат, разбра ли?

Штом ќе го чуеле ова поучение од деда, жените купувале, како која: еден, два, три. Избирале големи, дебели, криви... Зачас ги распродал дедото – како алва, си го наполнил ќесето со пари и саде ќеф се вратил дома.[1])

*

Утредента била недела. Бабата му рекла на дедото:

– Дедо, јас ќе месам зелник, ти наполни шише вино, па да појдеш кај зето да видиш како се со ќерката?

– Арно, жено – се согласил дедото.

Не поминало многу и тој тргнал да оди во некое друго село каде ќерка му била мажена, ама тој не знаел дека бабата во кошницата турила и еден од никнатите за ќерка си. Таа умувала: „Зетот везден работи, одвај да има време за ќерка ми. Ќе ѝ се најде овој за зло време..."

Одејќи дедото по пат, се заморил и седнал под некое дрво да се одмори. Седејќи така се замислил нешто. По едно време му текнало дека треба да го продолжи патот. Гласно рекол:

– Ај сега!

Штом го рекол тоа дедото, пустион рипнал од кошницата и в газ му се пикнал...

Офнал дедо. До бога се чуло.

---

[1]) Очигледно, приказнава овде завршува. Меѓутоа раскажувачот ја импровизира и наредната епизода од причини што само нему му се познати.

## 20. ГОСПОД И СИРОМАХО

Некој човек бил сиромах и като попрос малку. Одил на орање. Дигни ралото од тове крај на рамото на оне, па спрегни воловете – па кара браздата. Заминал един стар човек и го попитал:

– Оти бе, синко, тека праиш?

– Е, ат какво?

– Тека од туа ќе обрнеш воловето.

Покажал му. Обрнал воловето. Си поминал старио човек. Тове бил господ. Претворил се, врнал се од другата страна од дека идел. Попитал го:

– Добар ден, синко!

– Дал ти бог добро, дедо

– Е, кој те научи тека да ореш?

– Е, па јас, кој?

– Е, ти? Па си научен од башта, од деда?

И тове му се досадило. Попитал го па старио човек:

– Што сееш, синко?

– Курове сеа – вика.

– Е га даде бог – вика – и да се родат!

Арно ама, од ка посеал нивата веќе не му се врнали очи да види што има по нивата што нема. Дур му текнало куа дошло ред за жетва да жние. Ошел да жние. Куга ќе види: сѐ курове по нивата! „Ева! – рекол – Што праа јазека? Това ме е накажал господ." Чудил се што ќе праи, што ќе праи... А това, а онова... Рекол: „Море, дај да ги ожна, да фнеса дома, да се не пезат свето туа по нивата сос них." Ожнал, однел дома на колата и чувал ги до некое време. Ама есента рекол: „Чекај, море, ја имам стока, па да однеса на пазаре, беќи ќе се продаде нешто, да си

зема некој грош пари." Арно ама, на пазаре навртели се мажје, жени, деца. Гледали кој откој и се смеали. Ама заврага, една млада жена, вредна тека на време, рекла:

– А бе, пријателе, мога ле да избера нешто?

– Невесто, па мож да избереш. Ја, бирај, бирај! Кој те ареса тове земи.

Арно ама, бирај, бирај, не ѝ се аресува. Един догледала у ќошето. Ка го видела, го бендисала. А он ѝ рекол:

– Само куга го видиш, немој да свиркаш, да си траеш и да го земеш.

Она послушала. Не хтела да свирне. Штом го раскрила рекла:

– Ко'ку бе, пријателе, това?

– Една ж'тица, невесто!

– Една, една! На ти една ж'тица!

Тури го под мишката. Кренала. Тове рекол:

– Невесто, куга таа работа ќе врши ќе речеш фиууу! И он ќе се ѕирне.

Па си кренала, ама заборила да го пита какво да го одбие од там. Одила, одила. Текнало ѝ, рекла: „Море, јас заборих да го питам какво да го одбиа?" Врнала се.

– А бе, пријателе, ти ми продаде това, кажи ми, какво па да го одбиа од тамо?

– Ќе му речеш, невесто, ац-ц, и он ќе излезне.

По пате ка си одила дома, рекла: „Чекај да вида па таа работа дали е истина или не е! Тове мож да ме излага само да ми земе ж'тицата". Имало тамо малку дрмушка. „При таа дрмушка ќе спадна, свето туа на пате немој да ме видат" – си рекла. Спаднала тамо до дрмушката, врблаци имало. И ка го отворила, ка му свирнала, он се ѕирнал. Акал, акал, а таа забораила какво ѝ е кажал да го одбие. Едно време г'цкала, г'цкала и рекла ац'ц. И он испуунал. И рекла: „Ох, милие, ох, милие! Такваа работа требе!" Фанала, омила го на водичката, там на реката. Увила го турила го у кутиата. И си тргнала дома весела, превесела.

Арно ама, кога ошла дома маже ѝ немало дома. Сложила го на долапо озгоре. Кутиата била шарена. Он ка дошел од некаде, угледал се: кутиа видел. Рекол: „Чекај да вида што има у таа кутиа". Арно ама, свалаеќи кутиата, ка а отворил свирнал – фиуу! Кат му се метни и на

него. Та надоле, нагоре низ гаштѝ. Гонил го, пустил, го удрил го. Он удри, тове не разбира. Акни му се у него. Едно време рекол: „у-у, д'еба маќа му!“ И тове сѐ разбрал, излезнал. И турил го са ф кутиата и си м'чи. Дошла жената му од некаде. Като се одморил, рекол:

– Жено, ќе те питам нешто ама право да ми кажеш. Што е таа кутиа тека на долапо?

– Е, човече, ништо не е.

– Не, ќе ми кажеш од дека го најде?

– У, човече, па ја не знам ништо.

Стани, он, свали кутиата:

– Отвори да виш шо!

Куга отворила видела што има.

– Од дека ти е жено тове?

– Од пазаре. Продаваше еден суџуци и ме ареса.

– Па ко'ку го купи?

– Една ж'тица.

– Е, не е суџук, жено, туку е кур што те ебе.

– Е, ја...

– А, тека е, жено, не инќари! Ја што сам фтесал од него, та ме гони низ кашти, та ме ака, ака, ака... Додека да се сета какво да го одбиа, ме раздра. – Е, жено, досега и тека и тека ама од тука натам шо да праиме ние сос тебе? Јас имам, и ти си купила! Ти кој ќе скриеш, па ја кој ќе скрија!?

Она рекла:

– Човече, па ја што сам купила тове ќе скриа а па ти што си носиш, носи си го и – мирна Босна!

## 21. ВОЛШЕБНИТЕ ДРВЈА

Некој човек си бил добар домаќин. Имал женичка и си живееле. Додека жена му била како што треба и он бил многу добар. Ко една ден почнала женава да досаѓа многу и му вика:

– Мажу, или биди чоек или ја отидов одрака!

– Добро, ќе се разбереме ја и ти убо.

Жената му побегнала, го оставила. Си нашла некое маже поасолно. Мажот тргнал да ја барат. Одејќи чоеков низ една планина сретнуе една крушка, каснуе од крушкава – стануе магаре.

– Ај – рече – и овој таксират ме најде мене: магаре, магаре да станам!

Пасејќи магарево по пат, наоѓа некоја јаболкница. Каснуе од јаболкницата – стануе чоек!

Се враќа назад и собира од крушава една торба голема, од то селските торби плетени некогаш. Наполнуе друга торба со јаболка. Оди понагоре, каснуе од едно јаболкниче малечко: му никнуваат рогови. Со рогови оди нагоре, наоѓа една смоква. Каснуе од смоквата: му паѓаат роговиве!

Добро, си зима торбата, е наполнуе смокви и од тоа јаболкничето и оди сега право пред царската палата. Се преправјл, се дотерал као трговец. Викат:

– Продавам крушки, продавам јаболкца!

Испаѓа жена му, ко гледа јаболкцава: да те види господ! Она него не го познала. Он си ја познал женава своја.

– Колку пари јаболкцата, колку пари ги продаваш?

– А бе, што ги продавам, само да каснш; само да касниш, па после ќе се пазариме.

– Аман, ме прати царицата. Колку пари сакаш да ти платиме? Многу се убави јаболкцава!

– Добро, дај некој динар, што ќе даеш сведно.

И ова одма плаќа и зима едно килце јаболкца. И ги носи горе. Кога ги видела царицата има што да види: јаболкца убави! Дошло време за ручок. Измиле јаболкцава, си каснует, не знаејќи што ќе им се случи. Тамам каснале од јаболката, по некое време им никнале рогови големи: почнале да терат тие ѓаолски! Море, немало кај да се вртат, низ баџа испаднале на царот, на царицата низ собата. Ќерка му исто се виткат. Кукаат... Па и оваа ѓаолска слугинка каснала од јаболкцата.

– А-а, аман, крај на ова!

Бргу царот наредува кај да се нај лекар роговиве да ги симни. Идат лекари на заобет, само не могле крај да најдат, што е, како е. Овај чул, мајчин.

– Сја ќе падне пара и овдека – си рекол.

И он фаќа, оди купува една бела руба, се дотеруе, се избричуе. Ко доктор зел едни слушалки фини и мине пред царската палата.

– А бе, да не си доктор ти?

– Да, доктор сум. Го барам царот. Слушам дека имал некоја голема болест.

– Оди ваму, сиромав цар душа дават само некој да го оздравее.

Одат они кај него. Кога ќе види, има што да види.

– Што вака, царе?

– Аман, ѓаволски јаболкца каснавме. Еве низ баџа роговите отидоа. Крај не можеме да најме толку време.

– Не бери гајле, царе! Тука сум јас, сѐ ќе биде, не бери гајле!

– Слушај ваму, докторе, ако ме излекуваш мене, женава и ќеркава, половина царство ќе ти го дадам.

– Динар нема да ти земам. Важно е да се славит моето име, дека можам да те излекувам. За пари не е мака, ти шо ќе дајш, ќе дајш.

Фаќа вечерта се најадуе, се напивкуе. Све ја гледа жена му убавка. „Само ако паднеш, ќе ти кажам тебе убо“ – си рекол. Утрента сабајлината фаќа од то смокви-

те, ги изгмечуе убо, ги исцедуе, дотеруе све и во шишенце разматуе. Оди кај царот, го фаќа за роговите, го растресуе, го чука.

– О-о-о!

– Не офкај, царе, не офкај! Потешки работи сум свршил а камо ли твојата. Ќе мине време, ќе помине сѐ. – Ај, царе, ај шо ќе ти дам, касни малкуцка.

Му пикнуе од то смоквите малку. Оп, роговите се смалиле, од оџакот спаднале, слегнале. А-а-а, царот почнал да ја врти главата.

– Аман, те молам, докторе!

– Што ќе биде, ќе биде, ама тебе ќе ти помине главата.

Па утрента дошол кај него, зел то чеканот: чукни лево, чукни десно. Го мачел царот ваму-онаму. И најпосле му дава повеќе од то смоквите. Ги лапнал царот. Оп! Му ги скинал роговите. Царот се нашол во небрана, радос голема. Бргу трча да види жена му што прај. Она седела у соба цела укопана, не може да мрдне од големите рогови. Царот рекол:

– Аман, докторе, те молам, и женава излекуј е!

– А-а-а, ќе биде, царе, ќе биде, полека! Како твојто помина?! Само трпение, бог здравје нека дајт, сѐ ќе биде. Господ дал болки, ама дал и лекови.

Кога утрента отишол кај жена му, ја гледал: царска женичка, знајш како ти е! Па почнал, си е галкал си је мазнил. Море, една, море уште една, до што му било слатко си терал, ќеф си терал. Па е дал малку смоквички. Оп! се ослободуе малкучка. А уште малку смоквички, па ѝ ги симнал рокчињата малку. Па уште малку терал ќеф, уште малку... Па смоквички. Три дена си ебавкал. Најпосле ѝ ги исчистуе роговите.

– Аман за аман, бог здравје нека ти даде – рече.

– Те молам, сега ќерка ми излекуј е!

– Зар и ќерка имате?

– И ќерка ми, докторе, се опакости: имат рогови!

– Не бери гајле, не бери гајле! Ќе биде, ќе биде!

Кога влегол внатре, кога ќе види, има што да види: на курето да капне, да си лизниш – толку убо била. Кога ја фатил, ко ја соблекол, сиромашкото пиченце ренде ѝ ја напрајл... Кај неа се задржал пет-шест дена.

Царот питал:

– Аман, ќе бидет?

– Ќе бидет, честити царе! Ама, младо, јаки корења фанало, роговите не може така брго да се симнат. Кај вас, стари луѓе, полесно оди!

Ѝ ги симнал роговите после шес-седум дена, кога истерал ќеф убавко. А сега го замолиле за слугинката што им била избеганата жена на докторот. Отишол кај неа.

– А, добро вечер, како си, што прајш?

– Ами арна сум, докторе, ама болна сум многу од роговиве. Еден врач дојде, дандалот ни го зема на сите, проклет да бидит до векот!

– Е, кога каснувате све, триста манци да каснете, ист вкус имаат. Ами маж, маж си имала и ти, што си побегнала од момчето твое?

– Ами од кај знаеш ти, докторе?

– Како од кај знам? Жено, те познавам, јас сум доктор, сѐ знам.

– Туку, докторе, ај излечи ми рогојве, не прикажуј многу!

– Ќе ти ги излечам, ќе ти ги излечам!

Фани, ајде, држ, удри со чеканот, удри, удри, удри и се онесвести она. Она кука, куќата јачи дури. Ама ќи бутне малкучка од тие смоквите, ќе ги ублажи болките ќе паднат роговите малкучка. Ајде, пак, соблечи ја гола. Терај... Пак бутни је малку смоквичка. По три дена ја излекувал и нејзе и оди кај царот.

– Честити царе, сѐ е готово!

– Браво, браво, докторе! Ако сакаш, остани у царството мое, ако нејќиш, сосила не те држам. Царството за тебе е обеќано.

– Фала многу, честити царе, многу ти фала. Ништо нејќум и за сета оваа работа што ти ја свршив, те молам ако сакаш за женичка да ми ја дајш само слугинкава, оти многу ми се бендисуе.

– У-у, дадено! Одма земи си ја. – Оди ваму ти, Милко, човеков те сака за жена. Ајде, слуги, дајте и еден товар-два лири овдека.

Товариле некое товарче злато на чоеков. И по пат одејќи накај дома, он бутни на жената една крушка. Ста-

ни жената магарица. Качи ѝ се. Јавај, јавај, по пат оди. Ко ќе му текне за друго, ќе ѝ бутне една смоквичка – ќе стане жена. Оп! ќе си ја земе женичкава, ќе си ја ебне. Па ќе го мрзи да оди пешки, ќе е напрај магарица, ќе ѝ се качи. Така ја мачил три дена и три ноќи.

– Ти, жено, ме познаш ли кој сум јас?

– Не те познавам.

– Ами ја сум твојот маж. Ми побегна мене, мислеше не ќе те најдам. Кај да идеше, ја ќе те пронајдев. Зато да бидеш паметна и за другпат да слушаш. Кај да одам дома сум ти. А сега, ова ти беше голема казна. Друг пат, ко ќе го напрајш овоа, уште поголема казна те чека.

Знајш, многупати жениве ко ќе се прајт паметни и ќе си го најдат внатре! Бате, тоа дума нема!

# 22. ВОЛОВАРОТ И ЗМИЈАТА

Пасол си еден воловар воловете по ливадата. Гори една капина фоф ливадата. Ошел да види там нешчо пискало. Видел змија. После спасил змијата и рекла она на него:

– Шчо искаш од мене да ти поклонам?

– Ќе ми дадеш една дума, куга а продумам да ми се уважува сѐ.

– Која сакаш дума?

– Кога кажа заќис, да се залепи сѐ.

– Е, добро!

Ошел воловаро да спрега воловето. Воловето подалеко били од јаремо. Он кажал заќис, они сами се упрегни. Канили го на свадба тове човек. На свадбата веќе има џумбус, игра се. А он бил запорник на момата, на невестата. И поради шчо не а земал и ка си легнали невестата и момчето там еден до еден, продумал он: заќис! Залепили се.

Бре саг, кумо натам, свекоро: чудат се што да праат. Невестата и момчето се залепили, не мош да се одлепат.

– А – рекли они – има една баба, она мош да разбаа тиа работи, ама нема кој д'иде.

Воловаро рекол:

– Јас ќ'идам.

Ошел тамока по бабата. По п'те пита го она:

– А, бре, што е?

– Така и така... срамота е, бабо! Да видиш какво биде!

– Е, какво биде?

– Невестата и момчето се залепиа, не мош да ’и одлепиме.

– Е, ка така, бре?

Бабата до магарицата си одела. Гледаа там преку ни дека оди еден ага сос чибук д’г. Он рече закис, чибуко се залепи на устата на агата. Он па рече закис: чибуко се залепува за газо на бабата. Устата за чибуко, чибуко на газо и он си води магарето.

Продолжили наонамо, одвел ’и там. Џумбуз гледа там: и момата и момчето, и бабата и магарето, и агата сос чибуко, сите се наловили еден за еден и шчо ќе биде, де бре, де бре! Он рекол:

– Јас мога да излекувам сите. Може ли да ме земе са мене невестата?

– Може! – вика запорнико.

– Е, ако може...

Продумал он раскис и се раскинали сите до еден. Агата си ошел фоф џамијата, магарето си одрикало, бабата си ошла. Секој си ошел дома.

## 23. КАКО СЕ РОДИЛА ЧУМАТА

Пред да имало чума на земјава, си бил еден цар на една земја кај што било сѐ лето, преку девет морињa. Тој цар бил најпоганиот на векот, триста лошотии праел на рајата своја; од што ќе му текнело, тоа ќе сторел. Најголемото зло што го имал било што која жена да видел, сѐ ќе ја обесчестел; дури за срамота е чоек да кажит како и бесчестуал.

Имала една сиромашка жена една ќерка. Како жената, така и ќерката биле многу предаени на бога. Еден ден ја видел царот жената, кај си одела в црква, заедно со ќерка си, и пратил луѓе да му ја донесат девојката од сиромашката жена при него, за да ја всили. Отишле луѓето царски и ја зеле девојката од сиромашката жена, та му ја донесле при царот. Едно ја донесле при царот, и повтил да ја всилуат, арно ама девојчето бидејќи било од мерата надвор ’рзелиа, никако не му се предавало. Откоа видел бесчеснио цар, оти девојчето умирало и не се предавало, го предал на големи маки да го мачат, дури да го кандисат да се предаит на царското сакање или да умри. Најпосле беше умрело девојчето од маки и не беше сѐ предало. Арно, туку проклетио цар, откоа беше умрело девојчето, беше го всилил, шу на негоото да биди, и го затворил девојчето умрено во некој подрум, чунки во тие саати беше му се отворил некој бој од некој друг цар и собрал војската што имал сета, та отрчал тамо на војна. Арно ама, од лошотијата негоа ич господ не му помогна, ами војската сета беше му се истепала и полујната од земјата беше му ја зеле.

На деветте месеци се вратил во столнината, застрамен како никој нигде. При сѐ што толку зло беше го нашло, пак од лошотиите не се остаал. Од негоиот лошотил'к беше се опојале полујната од рајата негоа. Беше му текнало еден ден за девојчето, што беше го всилил умрено и беше го затворил во подрумот, да појди да го видит. Влегол во подрумот, и коа го гледат девојчето – ич нерасипано, си лежало спружено како да спие; само во срцето било подуено, и нешто како живо је мрднуало. Позастанал да гледат, што ќе ѝ бидит на девојчето во срцето што је мрдат, и најпосле од што је пизмел, ја удрил со клоца што да можи во срцето, и веднаш беше се родила чумата од девојката умрена и беше застанала на нозе просто и му рекла на царот:

– Од поган татко сум се зачнала и од умрена мајка родена, за тоа кого ќе видам, ќе го испоганам кај скришните места и ќе го умрам. Тебе те видов за првпат, татко, и тебе ќе те испоганам, за веднаш да умриш, за што си сторил – да најдиш.

Тоа проговорила чумата и беше го испоганила царот, татка је, та на часот беше умрел. Откоа го отепало татка је, си излегла од подрумо и кого ќе видела пред себе, сѐ ќе го испоганела и ќе го удрела, та ќе го умрела. Во тоа време ја гледале чумата јавно и дури ја научиа, ич од пред неа не је се истаале, тиќи многу со лесно си 'и тепала луѓето. Тепала, тепала, дури сите погани луѓе 'и истепала и откоа беа останале чесните, си прешла во друга земја и тамо потепала. Зер така било повела божја, што ја прошетала сета земја и биела чумата луѓе: мажи и жеџни на ден по многу стотници, дури и иљадници, за да викат луѓето: „Себеп-онан бог џан'на, на тој што се стори себеп и се роди чумата!"

Ете, што рекле стари: „Еден чини, иљада тегнет!". Во времето тогашно коа беше биела силно чумата, дури му стоеле пред неа луѓето, стоело; откоа беа виделе, оти сите ќе 'и сотрит, трештиле да бегаат по планиње, по долиње, за да се кријат од неа, арно ама чумата и тамо и наоѓавала лошите и избивала. Се преправала на жена, на мачка, на јаре и друго.





# 24. ТРОЈЦАТА БРАЌА И ЗЛАТНИТЕ ЈАБАКИ

Дошло време да се женат тројца браќа. Арно ама се разгласило дека тиа били без курове. И никоа жена не хтела д' иде за них. И рекол најстарио брат: Јас ќе одам и ќе барам чаре да се жена. Одил, одил д'лго време. Ногу денове прекарал по патот. И некаде сретнал некоа стара бабичка. Таа бабичка оше поодалечко го видела дека е това момче нефелно, нешто уилно. И му рекла:

– Еј, бе синко, што си уилен толку?

– Е, бабичко, како да не сум уилен? Веќе над триесе години сам, па оше не мога да се ожена!

– Е, зашо не мож да се ожениш?

– Е, малку ме е срам, ама ќе ти кажа.

– Кажи море!

– Е, немам си кур!

– Е, сину, не се јадосај, бабичка ќе ти каже. Сѐ што ти кажа ќе слушаш. Ќе одиш оште малку и ќе те сретне една рајска градина. Там има едно дрво јабака. И таа јабака златни јабаки ражда. Ќе си отќинеш една јабачка и ќе ти ѝпоникне кур.

И тоа момче како што му рекла бабичката по нен пат ошел и нашел таа градина. И видел златни јабаки. И само една си отќинал. И ја изел. И едно изиждање, туку му никнало мевце. И ошел си дома.

Дома куа се научили дека најстарио брат си иде маж, тапањето викнали, џумбус. И после некое време тоа момче се оженило.

Са фторие брат му мака, оти брат му се оженил а он не мож да се ожени. Тове брат што се е оженил, кажал му каква е работата. И рекол:

– И јас ќе ода, и јас ќе тража чаре.

Исто като на постарио брат и на него му излезнала таа бабичка:

– Е, синко, што си толку уилен?
– Бабичко, тека и тека, немам си кур!

– Ништо не се јадосај. Ќ'иеш там. Има една рајска градина. Ќе си отќинеш една јабачка и ќе ти поникне куре.

Арно. Това момче од радости не послушало бабичката – малку било и лакомо. Место една јабачка да отќине, он две отќинал. Куга: два му никнали! И ошло си дома. И исто кат на постарие брат и на него му веселје направили. Арно ама, он бил уилен и рекол:

– Јас ќе ода каде бабичката па ќе а тража. Сос два не мош да врша работа. Дошли са еден на тека, еден на тека.

И ошел каде бабичката. И бабичката му рекла:

– Е, чедо, не се јадосај! И на таа има лек: еден за празник, еден за делник!

Е, он врни се и по некое време и он се оженил.

Дошло ред на најмалечкиот брат. Расправили му двата братја сè какво да прави. И ошел баш на тоа место. Најди ја таа бабичка. И он па оше толку бил уилен. Ка го видела бабичката:

– Што, синко, тука идеш?
– Е, бабичко, ниа сме труица братја. Сите се родихме без курове. Арно ама, какво правиа ониа браќа успеа и им поникна и си се ожениа.

– Ништо, чедо, и на теб бабичка ќе ти каже. И ти ќе си одимаш. Ќ'иеш тамока: има рајска градина. Едно дрво родило јабаки. И ќе си откинеш една јабака и ќе ти поникне и теб.

Оно, најглупафче, не да си отќине една јабака – какво го советувала бабичката – туку да откине три јабаки. Малку му била една, малку му биле две, туку три откинал и ги изел. Туку му поникнали три. И ошол си дома. Неговите родители и браќата почнали да се веселат. Арно ама, оно било уилно. Са шо ќе праи сос три? Рекло

„Јас ќе ода каде бабичката. Не мож да се кара сос три".

Иди каде бабичката.

– Е, синко, не се пукај! Бабичка ќе а оправи: еден ќе ти е за празник, еден за делџик...*)

*) Раскажувачот овде застанува, за да предизвика некого од слушачите на приказната да праша за третиот и да го добие следниов одговор, во кое се крие шегата:

– Третио за твое газ!

# 25. ЖЕНСКА ИТРОСТ

Едно момче селанче отишло на туѓина во еден град и тргнало по чаршија да барат работа. Од дуќан на дуќан позастануало и дошло до една берберница, та застанало да се обгледуа на големото огледало што било во берберницата. Берберо, бидејќи без работа, го викнал момчето в дуќан и го прашал од каде је и што је. Момчето му кажало оти јет од далечно место и дошло во тој град за к'смет да барат – некоја работичка. Откоа го испрашал арно, арно, и го познал оти било многу просто за да можит да го излажит и да добиват со него, преесапил со умот нешто. Бидејќи момчето било тамам навреме во годињето, во снагата маж четворен, во лицето како некое тетовско јаболко, црвен и бел, во веѓите калеш, како некој најкалеш брав, му рекол берберот:

– Момче, бре! Еве, ти си дошол на туѓина за да бараш некоја, каква да е работа, ај, послушај ме мене што ќе ти речам да работиш, и да спечалиш со лесно пари. Ама тоа, треба да знајш, што ќе спечалиш денеска, ќе си го делиме, – еве јас ти купуам најубави алишта. Ај, послушај ме, бре момче, за да речиш: бог да прости од мене некогаш!

– Арно, мајсторе, бидуа – му рекло будалестото момче – јас ќе те слушам за сè што да ми речиш, само некоја паричка да спечалам, да ја пратам на мајка, на виљает.

– Е, лели така, трај, душо; сега ќе видиш колку пари ќе спечалиме. Дај сега да те обричам и острижам и да те однесам в чаршија, да ти купам еден кат убај алишта – му рекол берберот и го обрикол, та го напраил како некој зет, да ти је мило да го гледаш; од кај што беше само од

себе лично, и откоа го спастри берберо со бричењето и стрижењето, со убајте алишта го промени, друг немаше како него во градот – кој да го видеше, ашик се чинеше. Го зеде по себе и го однесе кај една чешма, та го отурдиса да седни на еден камен што си пореа жените алиштата:

– Седи овде, момче – му рекол берберот – и на секоја жена што ќе дојд да залеит вода од чешмава, арно да је се пулиш в очи и ќе се чиниш мукает, која ќе ти мавнит со рака, стани и оди по неа дома је; ако ти речит да ѝ сториш некој измет, дури не ти даит две раци пари, да не ѝ праиш изметот.

Откоа седнало момчето на камено, ватиле да идат жени и секоја ќе му се испулела арно на негоата убаина; во истото време и тој им се пулел на сите в очи со ред. За пакос, се погодила една жена и му мавнала со рака. Станало момчето и назорум пошло дома и ѝ зел еден грс пари, та му ѝ донесол на берберот, на дуќан, та си 'и делеле наполу.

– Е, момче, али виде коа ти реков јас оти ќе спечалиме пари? Ами, откоа те испушти жената, што ти рече?

– Ми рече, пак утре да појдам и пак ќе ми дајт еден грс пари – му рече момчето.

– Ами на кое место ѝ беше портата, бре момче?

– Портата ѝ беше, мајсторе, до фурната од десната страна, коа да влегуаш внатре.

– Ами, коа влезе во дворот, што имаше, бре момче? – му рече берберот.

– Имаше една голема лозница и под лозницата чесма со две шопурки, ама не течеше вода – му кажа момчето.

Кога чу тоа берберот, го изеде змија, чунки, според како што му кажало момчето, негоата куќа беше била и негоата жена му дала пари на момчето.

„Ах, проклета жена што си била – си рекол со умот – чекај, јас што ќе ти напраам, ако те ватам на тој ред, што си кинисала!"

Утрото рано го испуштил момчето да оит пак кај жената што го викала, и тој сам тргнал по него. Кога приближало момчето до портата негоа и влегло, беше се зачудил берберот, чунки си ја знаел жената си најчесна

од сите жени во градот. Трчаница пошол до порта, турнал да ја отвори, чунки била затворена, склукал што да може на портата. Кога чула жената му оти приклукала портата, го завиткала момчето во една ругузина и го испраила во еден ќош, да стои без да мрда.

– Молчи – му рече – момче, дури да го испратам чоекон што идит!

Откоа го услагоди, излезе та ја отвори портата. Налутен берберот, затворил портата со клуч и грабнал едно дрво, та ватил да бара вамо-тамо низ куќа; секаде барал, нигде здраво место не остаил, жива вода се испотил од мака што му беше дека не можеше да го најдит.

– Море, домаќине – му рече жената му – што си деneска на овој ал? Што бараш нешто? Ја кажи ми мене, белким јас го знам?

Тој збор не му даат, саде туку барат, и никако не му текнуаше да побарат во рогузината. Виде-невиде оти ништо не најде, пак се престори и си рече со паметта да не неет во негоата порта. Молчејќи, си отиде на дуќан, да го чекат момчето да дојди и да му кажи кај беше. Откоа го испрати мажа си, берберицата го извади момчето од ругузината и го испушти пак со еден грс пари.

– Така де, момче, виде оти ќе спечалиме пари со овој марифет што те научив?

– Море, арно, мајсторе, сполај ти колку за тоа – му рече момчето – туку да знајш што зорт сум видел денеска.

– Што зорт виде, бре? Ја кажи ми да те чујам?

– Зортот беше голем, мајсторе; туку жена дињми, жив ѓаол јет; јас откоа влегов внатре, туку склука портата, и таа брго-брго ме завитка во една ругузина и ме испраи во еден ќош. „Трај тука – ми рече – дури да го испратам чоекон што ќе дојт!“ Чоекот беше бил мажот је; зер беше подразбрал троа, тики грабна едно дрво в раце и вати да барат низ сета куќа. Нигде место незбарано не остаи. Арно ама во ругузината не му текна да побарат, да ако беше ме нашол, пците ало ќе ми го јадеа, мајсторе. Ете, тој страв сум ти превидел, мајсторе! Дакоа бара, бара и не ме најде, си отиде, а жената му ме извади од ругузината, та ми даде пак еден грс пари и ми рече утре пак да одам.

Кога чу берберот тие зборои, како некој куршум да го удри, ни црна, ни бела не рече; од мака што му дојде, молчи и мисли за утрото како да ѝ праит на жената си.

Утрото го прати момчето пак да ѝ појдит на жената му и тој пак тргна по него да види дали вистина ќе влезит во негоата порта. Кога видел, вистина во негоата порта беше влегол. Пошол до портата и склукал. Едно чула жената му, и го скрила в оџак, му отворила портата на мажа си и пак тој тргнал да бара. Барал, шуркал, место здраво не остаил неизбарано; за в оџак не му текнало да побарат.

– Море, домаќине – му рекла жената му – што вака праиш вчера и денеска низ куќава?

– Како што вака праам, мори курво? Камо го момчето што влезе сега бргу овде, мори?

– Боже, боженце, сполај ти тебе! Да што му го зеде на мојо домаќин умот? Море, домаќине, море душко, не чини се како дете и не влегуј во грев, да ме земеш на душа, бре! Дали за вака ме знајш мене, бре домаќине? Немој, домаќине, не чини се аџамија, не ваѓај си на стопанката име за да ти се бијат шега светот; оти светот тоа чекаат, сам да си изваиш некое име лошо, тики чешај се после! Та за тоа ти велам: ој ми си на дуќан и чув-нечув, видов-невидов!

Виде-невиде пусти бербер, си отиде на дуќан.

Берберицата го извади момчето од оџак и пак беше му дала еден грс пари и беше му нарачала за другио ден да ѝ појдит.

Момчето си пошло кај берберот на дуќан и му 'и дало парите што беше му 'и дала берберицата, и му рекло:

– На, мајсторе, париве што ми 'и даде жената, туку и денеска мажот је дојде, зер пак некој му кажа што вака туку ме бастисуа; сегде побара, саде в оџак не му текна, тики куртулисав, оту ако беше му текнало да насри, ќе ме најдеше, тики пусти ќотек што ќе јадев, господ да ми беше на помош!

– Ами, откоа те испушти, бре момче, што ти рече жената?

– Ми рече па да одам утре, мајсторе!

Утрото па пошло момчето и, кога склукал на портата берберот, берберицата го скрила момчето в ковчег.

Влегол внатре берберот и ватил да бара. Како бара, како бара, здраво место не остаи, а не му текнуа в ковчег да побарат.

„Ах – си рекол – али до овде жената ми да ме слепеит ѓоз ѓоре мене? Јас кукава ќе ја горам ама сега не ќе го остаам за назад“.

Отрчал во гумното, зел слама и ја потпалил куќата од сите четири страни. Спискала жената, брате мило, коса корнит и мажа си го колнит:

– Море, мажу, море улав мажу, да што је оваа твоја улавштина, да си гориш куќата ич за низаошто? Ами, ако си гориш твојата стока, зашто ми гориш и мојата, што сум си ја донесла откај татка ми, цел ковчег со руба? Ај, елà, да не доиш и да не бидиш, барем ковчегон со мојте алишта да го изваjме; барем мојте алишта да 'и куртулисаме, за да не те терам утре нови да ми прајш!

Кога и чу тие зборој берберот од жената, си отрча и го грабна со жената си ковчего со алишта (ама и со момчето внатре), та го куртулисаа.

Откоа догоре куќата, си рече берберот со умот: „Е, и куќата си ја изгорев, ама и на жената до ак му дојдов! Со мене нека мрда, ако можи!“

Си отиде на дуќан и се раатиса. Не би час, ете го момчето. Кога го виде, во чудо се виде:

– Ејди, мајсторе, уште троа, ќе изгорев, ако не ме изваеше мажот је од жената со ковчегот кога ја запали куќата.

– Ај, момче, бегај си од кај си дошол, оти јас што барав, си најдов – му рекол берберот.

## 26. ПОПО ШТО ЈА ЗАКЛУЧУАШЕ ПОПАДИЈАТА ДОМА КОГА БЕШЕ НА РАБОТА

Си имал еден поп една многу лична попадија; секое излегуање попо да оит в црква, али на друго место по работа, ќе ја заклучеше попадијата в куќи, да не излегуат од куќи надвор, да не нешто ја видат светот и помислат лошо за неа.

Денеска, утре, поминало многу време што ја затворал попо попадијата. Сирота попадија се чудела што ја нашло да живеит апсаана, заклучена дома, да не можит да излезит од куќи надвор да се види и разгоори со некоја жена. Му рекла еднаш на попо:

– Море попе, попе, јас туку седам и се чудам со тебе, со ова што ми праиш, задека ме држиш заклучена мене во куќава како во некоја апсаана. Што кабает сум ти сторила? Те мола, жити венецо што го имаш, ако не ми кажиш?

– Како да не те заклучуам, мори пападие – и рекол попо – кога си најлична од сите жени во градов?

– Ами ако сум била лична, бре попе во апсаана да бидам заклучена ич бидуат? Кој маж како тебе си ја заклучуат жената? Лели и јас сум душа сакам да излезам понадвор, да појдам до црква, како што одат сите жени; да се поразгоарам со другачките мој што сум имала, а пак ако мислиш ти оти со заклучуањето твое што ме заклучуаш да ме дочуаш од некое лошо што да сакам да го праам, тоа крени си го од умот, оти и овде кај што сум заклучена, можам да ти сторам што е најсрамно и да не моиш да ме сетиш. Тако ми таткоа душа, попе, да сторам ниет, те праам што пустина да ватиш, вака да знаиш. Гледај дури ти велам јас евала, да откога ќе речам иљља-

ла, бељата ќе си ја најдиш! – му рече попадијата и го остаи.

– Ејди, мори попадие, зер со тие зборои сакаш да ме кандисаш да не те заклучуам и да те пуштам ајмана да шеташ како пусто гоедо; дури стој глава на рамена, јас нема да те пуштам да шеташ по сокаци, за кој да те види, сè да те окара деќа си ми убаа.

– Море попе, што се праиш будала: дека ќе ме виделе светот и после ќе ме окарале, ами дека ќе ме карале, да што можат да ми сторат? Кога сум препашана со унечка, кога сум си јас чесна, од никого страв ќе немам од светот, чунки полни очи ќе имаат – и празни раце; да ела дојди си на паметта, не заклучај ме, оти пишман ќе бидиш – му рекла и заќутала.

– Пишман, не пишман, јас ќе те заклучуам попадие, и друго ништо – му рекол попот со будалскио си ум што имал.

Попадијата бидејќум итра беше, скројала еден тертип за да се премажи и – друго чаре не бидуало. Имало еден маж од брго време вдоец останат, а пак тој маж, кога бил ерген, ја сакал попадијата кога била чупа да ја земи за невеста, арно ама татко е од попадијата бил пеан чоек, тиќи ќеф имал за попеан од него да ја мажит ќерка си и затоа беше ја дал да биди попадија. Мислејќи попадијата оти можи пак да ја сака да ја земи, пред сè што била попадија и бидејќи е бил комшија, еден ѕид 'и делело со куќата, копала, копала ѕидот и отворила една дупка колку да можи да се воври за да излезит надвор, в куќи у комшијата. Земјата што ја копала, сета ја послала под ругузина без да се сети попот; на дупката кај што била си наредила перници и откоа се видела со комшијата попадијата, си се кандисале да се земат и со каков марифет – му кажала попадијата да напраит комшијата.

Една утрина зел комшијата едно јаболко поголемо и му ошол на попо. Му даде доброто утро, сторија здраво и живо и стана комшијата просто, симна капата, и му бакна раката на попо, посигнал в пазуа и го изваи јаболкото, та му го подаде на попо велејќи:

– Да ме повелиш, оче, вечер да дојдиш кај мене на вечера и да ме венчаш, оти ќе се преженуам за една вдојца.

– О, о, да имаш да повелаш, комши, да имаш да повелаш, аирлија, аирлија! Од кога се сврши? Од кај сврши невеста? Домаќинка ет некоја навидум? Али некоја расплетена?

– Не ет расплетена, оче свети – му рече комшијата – туку баш-домаќинка, а пак навидум, оче свети, нема уште една друга како неа; во лице, во снага, во очи, во веѓи, во годиње, цела ет како твојата попадија, Господ да ми ти ја и поживит и век со неа да си ќердосаш! Туку седам и се чудам, оче, како Господ ми наврте; колцина не ја сакаа да ја земат, и му се валеа на татка је дури да ја грабаат сосила задека беше толку убаа, арно ама ете мој к'смет бил.Ноќеска во ниедна доба си појдов и си ја зедов без да види некој чоек. Да те молам, оче, побрго дојди вечерва, да ме венчаш, дури не разбрале тие што сакаа да ја грабаат, оти ѓаолот ни орат, ни копат, да не надупит од грабачите некого и да ми дојдат, да ми ја грабнат. Да за тоа те молам, оче, и еве напред ќе ми ти платам и натплатам вудве ако што ми ти чини, само и само побрго и никому да не кажуаш. И знај оти сум зел вино од тоа што го милуаш ти.

Кога виде попо вудве плата и кога чу оти имал вино комшијата од тоа што го милуал тој и на вечера го канит, откога го испрати комшијата, рипна на нозе, грабна петравилот со требнико и ја заклучи попадијата в куќи и отиде у комшијата да го венчат.

Дури да појди попо кај комшијата дома, попадијата се испровре низ дупката што беше ја напраила во ѕидот за у комшијата, и беше застанала во еден ќош до катот, со рацете оспреди и да гувеи како млада невеста, да се страми.

Влегол попо в куќи и седнал на стол крај огон. Гледат тенџериња кај варат, со манџи за вечера. Му подал комшијата една чаша ракија, од најубаа и откако блаосоил попо невестата, ја кренал, та ја испил; во пиењето ракијата ја виде во ќоше невестата кај гувееше и веднаш се сетил и си рекол со умот сам со себе: „Море, оваа невеста попадијата ќе бидит моја, ја чекај да појдам дома да ја видам дали ет заклучена?"

Дури да појдит дома попо, попадијата се испроврела низ дупката и си седнала да си плете чорапи, како кога си отиде попо, ич како недоветена си плетела.

Дошол попо и наsрел низ пенџере да види дали ет тука попадијата.

„ Еј шоана, каква работа ќе бидит оваа? Ене 'а попадијата в куќи кај си плети чорап; ее, не била таа, ја чекај да одам да го венчам коа е така“ – си рече попот сам со себе и појде кај комшијата да го венчат.

Попадијата пак се воврела и застанала во ќошот како напред. Дошол попо у комшијата, седнал на столот и ватил да си ѝ се пули на новата вдојца. Туку седит и се чудит пусти поп, и пак да си велит со умот: „Море, оваа жена попадијата моја ет, и друго ништо; да го прашам комшијата? Не знам како да праам: да не ет, тики да се сторам за срамота, ја чекај да појдам уште еднаш до дома да видам попадијата дали ет дома“.

– Комши, јас ќе појдам до дома да ја земам другата книга, што се венчаат вдоец, оти оваа што ја зедов ет за ерген.

– Појди, оче – му рече комшијата – ама те молам побрго дојди да се свршит оваа работа, да после да се курдисаме на вечерата.

Отрчал попо дома и пак ја нашол попадијата кај си плети. Треќи пат пак така напраил и влегол в куќи при попадијата:

– Мори попадие – је рекол – туку седам и се чудам со вдојцата од комшијата што ја зел.

– Ами заошто се чудиш, попе? Зер малку вдојци си видел и си венчал, тики на од комшијата се чудиш?

– Мори, како да не се чудам, попадие, кога цела си ти, мори попадие – је рече попот – во алишта, снага, во сè? Ја се убојав да не си ти, тики трипати сосе сега кај идам овде да те видам али си дома или не си.

– О, оф, попе, за срамота ќе се сториш, ако те сети комшијата! – му рекла попадијата. – Ами лели ти кажуаше комшијата од утрина, кога те кани, оти препсала како мене жената што ја зел. Зер едно брезо магаре има, бре попе, да ами колку брези магариња има на веков, да и жени што препсаат на лицето и на сè. Трчи, попе, венчај го и гости му се, ако има послатка вечера и не-

кое винце режоито, да не туку иди да ме гледаш мене, кога сум ти дома со два клуча заклучена.

Откога 'и чу тие зборои попот од попадијата, се увери на здраво оти не ет таа. Си зел некоја друга книга за да му кажи на комшијата, ѓоа за книгата отишол дома да ја земи, а не за друго нешто. Пошол и ја венчал; по венчанието попадијата си влегла во одаја и попо се курдисал да вечера. Му удрил комшијата лутата ракија, а после виното. Лаком бидејќим, попо се напил поеќе винце и се опил, како дрво се сторил. Зел комшијата, та му обрикол брадата, глаата, го напраил што да се чуди што го нашло, го променил со едни бели шајачни алишта, му клал еден ќулав на глаа, му врзал еден алов појас, му стегнале еден сиљав оспреди, му врзале едни опинци на нозете и го остаиле под трем да спиет, пијан како дрво и напраен на кумита.

Спал што спал пијан попо и во зората беше се разбуди, чунки учен бил секој ден да стануа во зора за да оди в црква. Рипнал од постела и без да се сети каков ет, отрчал кај чешмата во дворот да се измие образ и да оди в црква. Си изваил ќулаот од глаа и го остаил на ќутукот од чешмата, и начекал в рацете вода та си врлил на лицето да се измие образ, тргнал со рацете надолу за да ја измие брадата. Гледат во рацете брада не му влезе, уште еднаш тргнал, се најде без брада и без коса на глаата.

„Бре, анас'н' – си рекол сам со себе – јас имав брада синоќа и долга коса, ами оти сега да немам? Еј шоана, да не не сум јас попо?“ – Мислејќи во себе така попо, се опули во ќулавот, се виде во сето облекло; кога се виде со пиштоли за појас, на чудо беше станал. „Бре – си рекол во себеси – каква ќе биди оваа работа? Јас сум попо, али не сум? Цук, не ќе бидам јас попо, ха, ха, па? Ако да бев јас попо, камо ми брадата, косата, расата, калимавката? Ами овие пиштоливе кај се најдоа на појасов? Хаааа, кумита треба да сум, оти и ќулавкава еве 'а со алои шамии канде е преврзана! Така, така, кумита треба да сум! Ја чекај, тако ти бога, да појдам кај комшијава да го прашам да видам што ќе речи, али јас сум попо, али некој кумита сум.“

Во тоа време, комшијата со попадијата гледаа сеир низ пенџере попо што ќе праит. Дошол попо на врата и едно приклукал, дал вик комшијата:

– Луѓе, комшии, да видел господ, дали има жив чоек да ми дојди на помош, оти кумити арамии ни влегоа дома, ќе нѐ пленат!

Кога чул попо тие викотници, „море бре – си рекол – навистина сум бил кумита“ и трештил низ порта да бега. Поодел по сокак и пак се вратил, та пошол кај својата порта и клукнал да му отвори попадијата. Едно чула попадијата портата, и дала вик по комшиите. Кога чул попо оти и попадијата вика по него, тогај веќе се уверил оти вистина ет кумита и трештил, та побегнал в планина и се здружил со друзи комити и тамо коски остаил.

Бес си бараше, два си најде.



## 27. ЖЕНСКО ЛУКАВСТВО

Си била една жена бесчестна и многу итра. Сеедно мажа си го лажела и го маткала за да не ја усети оти ојт по лош пат.

– Мажу, мажу – му велела и го прегрнуала – да што олку тебе те милуам! Од милос што имам на тебе, и на соно те сонуам; да ослепеам, и да оќореам, и два на едно да не клаам, ако те лажам!

– Е, мори жено – је рекол тој – а пак да знајш, јас колку те милуам тебе, кај што спијам, би ме гледала!

– Види, види, жити господ – му рекла таа – да и ти зер толку си ме милуал! Сполај ти, господи! За чудење со нас ќе бидит! Знајш, домаќине, заошто имаме двата ние толку голем милос? Венчанието не приимнало, зер тики од тоа толку се милуаме. Алаверс'н нека даеше господ и убаа Богороица, довек така да се милуаме и да си се сакаме, да кој како сака, нека речи за нас. Ние не треба да слушаме светот, чунки на арните луѓе свето му завидуат; ама не је вака, домаќине?

– Така је, домаќинко, да ми си жива и здрава и вокоита! Ти гледај си ќевот; кој како сакат, нека си речит. Ние не треба да го слушаме, има да си се милуаме уште повелико од како што досега.

Што велаа стари оти мажите сет со крсто на чело, а жените со крсто на тило, та можат да си 'и лажат мажите. Така и оваа сестрица си го лажела и си го маткала мажа си со слатките зборои и си вршела лоши работи пред очите на мажа си; секое утро го скоривала порано и го испраќала на дуќан, та си прибирала друг маж. Една утрина, откоа беше си ошол мажот је на дуќан, беше си

го забораил ќесето со пари, да чунки му потребале за да поврати на некој чоек, и трчаница се повратил дома за да си го земит ќесето и, едно дошол до врата, видел во постелата двајца. Веднаш се устрамил, та се акнал в гради и си отишол на дуќан. Седнал и ватил да се мислит и сам себе да си велит:

„А, проклета жена! А, Јуда Искариотска една! Да вакваа беше милоста твоја што ме прегрнуаше и ме целиваше со Јудино целивање? И што ми се колнеше и месата си јадеше оти од срце ме милуаше? Зер сето тоа било да ме маткаш и да ми клаваш перде на очите? Чекај, курво ниедна, вечер ќе ме видиш што маж сум: јас, јас, ја ти, ја ти идам од акот, ја умирам!"

Така мислејќим, чоекот седел и дури не знаел кај седит.

Жената му коа видела оти мажот је ја видел со друг маж во постелата, се усукала и ватила и таа да мисли како да се отима и како да велит. Во тоа време ете ти една стара баба, просјачка, је дошла кај жената да је сака за бога милостина.

– Мори убаа невесто, дај ми за бога едно парче леб, да си ми жива и да ми ти је жив домаќинот – му рекла бабата.

– Мори бабо, ја ој ми си со здравје, оти си имам големо гајле, да со благосоот што ме благошаваш да сум жива и домаќино да ми е жив, јас довечера ќе бидам жива, а домаќинот ќе си биди жив. За тоа оти така ќе си бидит заисто јас си го знам сама, тоа нејќум да ме благошааш, а бабо! – је рекла жената нажалено.

– Уу, ќерко, ќерко, што зборуаш така? Да ет глуа земја! Плукни си в пазуа; каил господ да не се сторит, ти да умриш сега уште млада и зелена – је рекла бабата. – Од моите дни тебе нека ти дајт господ; каил јас не се чинам, а не ти да ми умриш младич. Немој, ќерче, немој, душко, не зарекуј се сама себе, оти од тоа полошо немат!

– Мори бабо, мори мајко! На моето гајле што го имам денеска, ќешќе да се заречев и да умрев на местово кај што стојам, одошто да сум жива да вечер и да ме отепа маж...

– Како, како, ќерко? Ја доречи го зборот! Дали мажот ти нешто ќе те тепа? Ја кажи је на баба за да ми ти забаит и да ме видиш што мајстор сум!

Вамо-тамо, бабата со уште многу збори што је рекла, је кандисала да ѝ кажит што ал имала.

– Еве што ал имам јас – ѝ рекла жената – јас си имам еден љубовник, а мажот ми ич досега не ме знаеше оти сум таква, оти го маткав, го лажев со ѓаолштина. Арно ама, што се рекол еден збор: сѐ што се праит скришно, на мегдан ќе излезит; и навистина мене ми излезе ова утро. Беше ми дошол љубовникот и мажот ми, не знам што беше го надупил ѓаолот, та се врати од дуќан по нешто зар да земит, чунки инаку тој никојпат дење дома ни си идеше, оти јас бев го курдисала и бев му велела да си оит порано на дуќан и да си седит везден на дуќан за да пе́чалит сега на младос, за да имаме на старос. Така си го маткав и си го лажев. Арно, туку еве денеска ме изваде ѓаол на мегдан, до вечер треба мажот ми да ме отепа! Ете, тој ниет имат, бабице! А сега ти барај ми крајот, ако можиш!

– А, така кажи ми де, ќерко, да бабица крајот веднаш ќе ми ти го најдит! Само ти готви ми една кошулица да ме промениш и кажи ми сношти што вечеравте и која чаршија му је дуќанот од на мажа ти, кажи ми, та ќе видиш што мајстор сум!

– Уу, бабо, бабо, цутила ти уста! Ако ми сториш тоа добро, тутики манастир си напраила. Ем глеај ваму, бабице мила, не една кошула ќе ти даам ами две, две; ем обете од игла, уште неразгранети да бидат; ваков бошнак да ме знаиш мене. Не прашај бабо, што вечеравме; сношти вечеравме леб и грав, бабо; а дуќанот на мажа ми јет на ќошот во тесното сокаче!

– Таман, невевче, клај си шамијата настрана и готви кошулите: ама слушај вамо што ќе сториш кога ќе го видиш оти мажот ти идит од дуќан: – ќе истрчаш и ќе го пречекаш уште кај портата и ќе му велиш: за ошто носиш гостин, чоеку, кога вечера немаме? Тој ќе се чудит на тој збор што ќе му го речиш, и ќе речит оти „никаков човек јас не носам; кај глеаш чоек да носам“. После ти ќе речиш оти „грав дека вечерав, тики од тоа еднио двајца ми се гледа, море чоеку.“

Бабата, откоа ја научила така жената, беше пошла в чаршија, близу до дуќанот од мажа је, таму посакала милостиња:

– Дарујте, ме, бре браќа – му рекла – по една пара, за господи, ви се молам, оти сум сиромашка!

– Замини, замини сега, стара – му рекол мажот је на жената – господ нека ти дајт!

– Е да, вистина, господ ќе ми дајт, бре брате, туку и вие да ми дајте. Ете, двајца домаќини тука сте, да сте ми живи и да ви се живи домаќинките и што ви дал господ; ај, дарујте ме двајцата по една пара; што ќе бидит за вас? А мене ми се собираат две по две и ќе ми се сторат четири, та ќе си купам едно сомунче помеко за да јадам, оти си немам заби да јадам домашен леб.

– Мори бабо, али не ти се гледат оти нема овде двајца, што сакаш од двајца по една пара? На ти една пара јас, и ој ми си со здравје – је рекол чоекот.

– Бог да прости, брате, бог да прости, да ми ти је жива домаќинката! Ај, брате, и ти дај ми една пара – се свртила ѓоа кај другиот чоек што го гледала в дуќан – ај да ми ти е жива домаќинката, што бидуа за една пара?

– Ама, бабо, не играј како некое дете; коа ти велам оти друг чоек од мене немат во дуќанов – је рекол чоекот.

– Оф, море брате, да и на друго место така ми рекоа; ама сега ми текнуат оти од пустиот грав што јадов сношти, ми се гледаат еднииот двајца. Од тоа јет, брате, од тоа! Сега ми текнуат оти имат во годината неколку дни ваквие, што ако јадит чоек грав, да му се гледаат дента еднио чоек два; да од тоа и јас така гледам. Туку те молам да ми простиш што ти додевав, и седи ми со здравје – му рекла бабата и си отишла по работата.

Вечерта чоекот затворил дуќанот и си отишол дома налутен; думат, мислит што да ѝ праит на жената си. Едно влегол в порта и таа беше го пречекала, спроти како што беше је нарачала бабата.

– Море чоеку, ами што ти текнало гостин што си повел со себе? Нели знаиш оти вечера немаме, а домаќине? Ти лели си сакал гостин да носиш, требаше да нарачаш за да приготвам вечера, а не така апансаз да го носиш.

– Каков гостин, мори никаквице? – је рекол налутено.

– Е, да што се лутиш, а домаќине? Срамота јет од гостинот.

– Каков гостин, мори? Кај глеаш гостин? Алајлем, ти се пресенуа нешто, како те глеам јас! – је рекол мажот је.

– Дуу, домаќине, домаќине, да завистина ми се пресенуало! Зер од пустио грав што јадовме сношти, така ми се гледат еднио двајца! – рекла.

Кога чул тие збории мажот, туку се претворил во мислите и је рекол на жената си:

– Оф, мори жено, оф, мори душко! Што ќе те земев на душа, ќе те отепав!

– Ами заошто, мили мој домаќине? Што кабает ти сторив? Кажи ми, жити мене!

– Море, сеа ќе ти кажам и грешката ќе си ја припознам; ама што вајде! Еве што, мори домаќинко: одутрина, кога дојдов да си го земам ќесето, те видов во постелата каде бевте двајца и многу се налутив и се сторив ниет да те отепам; ама господ ме чуал; и бог да прости на една баба што и та беше јала грав да је се гледаа еднио чоек двајца. Еве, и тебе така ти се виде, та од тоа ќе веруам оти и јас одутрина така те видов еднио двајца. Зер од пустио грав што јадовме сношти!

– Уу, домаќине, домаќине! Што грев голем ќе стореше и на душа ќе ме земеше; туку што ти велаат: ако ти јет јак ангелот, господ ќе те чуат; правината се танчит, ама не се кинит. Ама не јет вака, домаќине? Речи сега, да си ми жив и здрав и век со мене, верна домаќинка, си ќердосал?

– Така је, домаќинко, да си ми жива и да ми простиш што ќе ти згрешев!

– Простено и благосоено да ми ти јет, домаќине, од мене и од убаа Богоројца од сега до веки века!

Еве вака го изматила итрата жена мажа си и си праела пак што си знаела.

## 28. ЖЕНА НЕ МОЈШ ДА ДОВАРДИШ

Биле маж и жена и почнал мажот да е напаѓат:

– Курва си, ваква си, таква си...

А жената – поштена. И велит:

– Слушај вамо, бре! Ај, глеј си ја работата. Ние сне сиромаси луѓе... Ја ако сакам по́ таја работа да одам, ја пред тебе, ќе ја вршам ушќе ти ќе ме запрегнеш.

И овај се налутил и не ојт на работа, велит:

– Ќе те варда, мајчина ти!

– Е, добро, варди ме.

Ден, два, три, месец, два, никако на работа не ојт. Та ќе појт по нужѓа, а тој – по не. Та ќе појт на вода, тој – по не. Ко неко успојаска уз женава. И ова е фатила мака една ден. Децата ѝ гладоле. Овај никаква работа не работит, е вардит. И се договорујт со некој во комшиите, мераклија бил многу. И имал мерак за таја жена, со душа чекал да му речит.

– Слушај бе, комши! – му велит. Ја не сум по таја работа, ама ме напрај маж ме да бидам таква. Ќе дож изутрина рано, во зора, уште мрчко ко ќе биде, ќе се скриеш во бунишќено. Него ќе г' изважш – на готово... Ја ќ' излезам по нужда, ќе го натерам маж ми да ме запрегнит.

Та измислила на кој начин требит да бидет приморан мажје за да е запрегнет, оти е вардил. Замесујт рано тесто. Леб месила и нарочито г' остајла недомесено тестото за да морат маж је да е запрегнит тамо – на бунишќе – ко ќе појт. И велит:

– Мажу, знајш што е. Мене ми се ојт на голема нужда. Да се не фаќам да се запрегом, тестени ми се рацеве,

лебот не е домесен, ќе дојш – велит – ќе ме запрегнеш да свршам нужда. И требит да о домесом лебот.

Еј, та – напред, маж је – по не... Е запрегујт, се наместујт та убо ко на колче на тој скриен маж што бил тука. И сега, не могол да мрдат за да не се отскриет, за да может нешто да изведит... Го прашала жената маж је:

– Мажу, дали можеш да погодиш шќо ќ' имаме за ручек?

– Па, шќо ќ'имаме за ручек – велит – граф!

И она: потстани, потседни... Викат:

– Не погоди, не погоди, не погоди!

Паг му велит:

– Ќе имаме месо!

– Не погоди, не погоди, не погоди!

Паг си потстанујт, си подседнујт...

– Ќе имаме печено!

– Не погоди!

– Ќе имаме онакво...зелниг!

– Не погоди!

Имало едно сукано, се викало на појќе имиња: сутпите, ѓомлезе, тури-потпечи.

– Ќ' имаме – викат – тури-потпечи!

– Не погоди!

– Ќ' имаме сутпите!

– Не погоди, не погоди, не погоди!

Кога дошло да свршат работа, мажо викат:

– Ќ' имаме ѓомлезе!

И она викат: довлезе, довлезе, довлезе!

И така се завршила работата. И, маж је, ко се налутил... Та му се пулела прао в очи да не е удрит. Узмамал за да е удрит. И та си станала, му избегала. И тој потфатил, на мрчко пошќо било... Го чинел колче да не е'т во бунишќено закачено... За да е удрит жената... Го фаќат комшијата за кур, му се слизнујт, паѓат на плешти, на гас:

– Газот ми ти мајчин – велит на жената – ако не беше колчео сланосано, ќе те скршев од маање!

Кога отишол дома:

– Е, будалиште едно – му велит жената – ко ти велев ја ти ќе ме запрегнеш и ќе се еба ко ќе сакам, ко ќе бидам по таја работа...

– А, мајката мајчина – тој ѝ велит – и то го напрај?

– И то и то, така да знајш: ја ко ќе сака, да ме довардиш не мојш!

И така завршила работата.

## 29. ЕМ ТЕСНА, ЕМ БЕСНА

Си бил некој чоек и жито однесол на воденица, за да сомелит. Ама тамо ко го тргале житото, си ги мереле со воденичарот. Ги закачил шилките во гунчето, си ги клал на рамениците и ги заборајл така. Дошол дома.

– Море, што се тије дрвциња – жена му му велит – во вратот?

– Ај, не е за кажоње.

– Зашто не е за кажоње?

– Па срамно нешто е.

– И што е срамно со шилките? – рече.

– Абе, ги меревме со воденичарот алатите и јас вака сум забораел, сум 'и клал овде мерите, не да ги фрлам.

– Чие поголемата мера?

– Е, од воденичарот, поизлежан. Видиш: цел длан подолга еднава мера!

Ама на женава је останало тоа во умот и почнала брашното растурај на свиња, на кучиња, едно-друго го растурила. Мажот ја осетил, не е како другипат женава. И еден ден му велит таа:

– Ја, брашно немат, а глад жито сеит. Брашно немат, требит да се ојт на воденица.

– Ја не можам да одам воденица, ја на̀ орање ќе одам – велит мажот. Имам уште тамо недосејано орање.

– Е, ја ќе одам.

– Одај, ако ојш!

– Остај ми го коњот, ја ќе одам.

– Ете го коњот, јас ќе го носам со колата семето. Ете ти го коњот!

Зел колата овој и поминал тамо кај воденичарот. Му рекол:

– А бре, слушај, вака и вака: ќе дојде жена ми денеска воденца, на ти колку пари ти чинит надница, оди да ораш ти, а јас ќе ја чекам жена ми, овде да дојт. И уимот – рече – што ти требит, пак ќе ти го дам тебе.

Со воденичарот биле добри и се разбрале.

– Да видиме жена ми што сака да праит денеска вамо – и му кажал тој како било со шилките.

Добро, се разбрале. Ошол овој на орање, а мажот је останал воденица; алиштата ги сменилe, мажот се избрашненил така да не се познават. И лафит онака подмолито, да се не сетит. И дошла жена му.

– Ќе ми го сомелиш житото? – велит, откако го тргале.

– Не, имам друго.

– Ние сне ти стари муштерии, ќе го сомелиш, немаме ни за нас, ни за свињата, ни за кучињата.

– Да го сомелиме, само што вака наврапито сте завршиле?

– Е, немат, сме завршиле. Мажот ми не моеше да доет, па ја сум дошла денеска воденца.

– Добро.

Го прецрпале од кошојте житото туѓо во вреќи, ниното го туриле да се мелит и ќе го чекат. Ова почнала да ги префаќат шилките, да ги онадит.

– Абе, што сте прајле со мажа ми – велит – пред овој ред ко дојде воденица? Со шилките што сте мереле?

– Ај, зар ти кажа тој? Срамота! – велит.

– Не е срамота. Ми кажа, сте ги мереле куројте.

– Вистина, ги меревме.

– Чи беше подолг?

– Не знам, не сум запамтил.

– Твојот како подолг малу бил?

– Можит, јас су изумил.

– Ами ќе може – рече – да напраиме работа?

– Па ако сакаш, да напраиме. То е за то – рекол.

Неисе, почнале.

– Како подлабоко да одит? – велит таа.

Воденичаров, маж је, станува, е велит:

– Уште еднуш не сѐ можит!

– Ај, да напраиме уште еднуш! – рекла.

Ајде уште еднаш, трипати... Се сомлело брашното, го собрале и заминала. Си ошол и овој на орање, тамо сменил алиштата и му ја платил надницата на воденичарот.

И дојдуват дома вечерта, таа се пофалува:

– Бев воденица.

– Убо си напраила.

– Ама пак и го премлев, го почекав. Ми го премле, дека стари муштерии. Имаше жито друго.

– Е, добро!

Ама другиот ден било празник. Не одит на орање овој.

– Мори, жено, така ми е тешко, главата ме болит. Ја постели крај огнот едно постелче, фрли ја рогозината, да се потоплам, да полежам.

Му послала. Овој велит:

– Море, седни овде да ти полежам на скутот и ќе ми потупкаш така во главата. Нешто како да ме јадит и ме болит глава.

Седнала таја и овој почнал ѓо божем му кажува нејзината нешто:

– А, бре, поголем! Ај, двапати? Е, не требало...а трипати, е, многу, пак поголем?

– Поголем е, не требало – велит овој – многу зорлама ти дала. Не требало така. Ај да бил колку мојов, ајде, ама тој бил поголем, пак трипати едно подруго. Што било то?

– Што е – рече, – море чоеку?

– Мори, како што е? Еве ја, туку плачит твојава, ми кажуват нешто: вчера со воденичарот сте претерале многу. Ем поголем, бил, пак трипати!

– Ама како?

– Па еве ја, таа кажуват, плачит...Еве ја е, како је заилена.

И како што седела ова до огнот е добрала машата до огнот, во огнот. Мажот станал, излегол надвор, и ова со машата: фрк си ја пикнала, и таја чр, чр...

– Ова, ем е тесна ем бесна! Ем таа ме натера, ем таа му кажа. Му се исплакуват, а таа ме натера!..

## 30. ПОПОТ ШТО ВУ ДАЛ НА ЖЕНУ СИ ЛИРУ

Никој поп имаја многу мерак на никоју Станику.

– Станике, ќе дојду, ќе спију крај тебе. Станике, ќе дојду, ќе спију кај тебе!

– А бре, попе, мани се од мене, ја си имам мужа, ја си имам деца.

– Не, Станике, ќе дојду! Ќе ти даду лиру.

– Море, не ми треба мене лира. Ја нејќу. И отишла та кажала на његовуту жену. Такој и такој поп ми вика. Такој и такој, такој и такој... Попадијата рекнала:

– Слободно можеш да му речеш вечер да дојде, а ја ќе дојду на твоје место.

Отишла попадијата, променила се у Станикине алине, улегнала там, у плевњу. Поп'т дош'л.

– Станике, Станике! Туј ли си, мори?

– Овде с'м... (Не мож' да зине посилно, стра гу, ќе гу познае).

– Ти си слатка, Станике! Мојата жена не чини, а ти си слатка.

А попадијата не мож' да зине, да преговори – ќе гу познае.

– Ох-ох-ох, Станике, што имаш убаву гушу! Што имаш овој, што имаш оној...

Све ву покидал! Дал ву лиру, папуче, чарапе, прстен. А Станика стои на крај. Попадија легала, а она се заставила с'с њега, искочила и она од плевњу. Па к'д си пљукне, да си дојде дома! Дошла дома, легнала. Легнала, те га он – дош'л:

– Попадије, мори, дек'да легну, мори?

– Па куде сакаш, дедо, там легни.

Сабалето, с’мна ли, попадијата станала, измила се по очи. Нацрвила се, набелила се. Дотерала се, ишчешљала се. Лируту и ланчето врзала за гушу, чарапе обула. Е, тој сто банке ли, колко било – закачила гу књишкуту, паруту, с’с шнолу на главу. Папучи обула, па га посипује.

– Ајде, дедо, да се мијеш!

Посипувала га, а он гу глееееда, па гу поглееедне... Глееееда гу, па гу погледне. Она викала:

– Ох-ох-ох, што с’м си ноќеске печалилa! И чарапе, и лиру, и папуче, и ланче – све с’м си печалила!

Он гу погледне, па гу погледне. Добро. Измил се, улегнал унутра. Па к’д си земала ед’н стап с’с децата. Колко го тепале, не знам.

– Чекај да ти кажу ја тебе другу жену! Чекај да ти кажу другу жену! Станику да ти кажу ја тебе!

Раскостиле га, па га оставиле. Па викала на децата:

– Деца, глејте си ви работу, ја ќе га тепам јоште!...

## 31. ПЕЧАЛБАРОТ И НЕГОВАТА НЕВЕСТА

Некој во Мариовското имал една ќерка. А мажил во некое друго село. Дедот отишол три пати во Америка. На третиот пат го зел и зетот, тој има богатство дома, ама да спечале троа пари. Во Америка седиле три години. На трите години си кинисале. Ама дедот ка пошле дур да си кинисаја му водел сметка на зето шо носе, шо јаде, шо пије и ко'ку пари ќе му останат. Со дедот една иста работа работеле, токму пари земале. Демек, го обиѓава дали оде по друзи работи да му 'и зеват парите по курвалок. Тој не одел, се додржал. Ко с' иделе на пат на трите години, му вели:

– Колку пари имаш, зете?

– Имам околу триста наполони.

– И јас триста имам. Сеа те знам оти не си одел по чужди жени, оти 'и чуваше парите да 'и донесиш дома. Сеа си добар, сеа ќе ти кажа нешчо.

– Шо?

– Ќе си ојш дома, ќерка ми ќе а пробаш дали курвуала во вија трите години.

– Как ќе а пробам?

– Три вечери ќе спиеш и не ќе а дирнеш ич. Таа ако курвуала секак ќе те обиде.

– Как знајш?

– Таа не те остава, па ако не курвуала и таа ќе спие.

И вој си дошол дома. Ко шо му рекол дедото првната вечер вечерале, се напиле вино, ракија. И си легнале. До некое време невестата лежала, некое време го скорнала:

– Ајде!

– Не можа сеа. Од параодите водни цревата 'и исфрлев од блуање. Сеа не ода, да одмора, утре, другиден, подругиден ќе биде и таа работа, ама сеа не можам.

Се осамна со муабетите. Другата вечер па така. Го скорна побргу. Бре, вака не, бре, нака не, се караа, се караа, се пустија и најодзади ѝ рече:

– Право шо е право, ако сакаш да седиш – седи за сермија, ако не – оди си! Таја работа немам јас, оде тамо по жените во Америка, ми го секоа курето.

Таа ѝ пушча на мајка ѝ абер: вака и вака. Оде та и му кажува на дедот: вака и вака зетот.

– Бре, аман, как така, заедно беме?

– Вака, вака... токо утре ќ'ојме да а земаме ќерка ми. Три вечери ќе сторе оше вечерва. Таа рекла да дојте да ме земете, вој му го секле. Утре ќе ода да а зема.

– Добро!

И тој оше една вечер треба да издрже. Вечерта таа го стегнала пак, го стегнала.

– Нема – рече – сеа да вида!

– Не, шо ќе видиш: рана ми е таму, не се посега!

Горе-долу, па се осамна. И таја пусте, шуре, крше... Шо праве свекорот и свекрвата не знаат нишчо. Таја тура пајницата, пушчи ја – скрши се; тенџере шо било сè крше, пусте, к'лне... Е, без кур не се седе! Еве 'и, втасаа дедот и бабата.

– Добро утро!

– Добро утро!

– Шо праите?

– Арни!

– Шо праите, свату?

– Арни!

– Како поминуете со зетот? Донесе некоа пара?

– А бе, не знам, влезе ѓаволот от ка си дојде. Ва невестата – рече – пусте, шуре, крше, пусте, нишчо не е бива!

– Добро, и таа работа ќе се сторе, немајте гајле.

И не сака да а земе. Бабата веле:

– Не седи, туку ставај, нека ѝ изваде алишчата да 'и товариме, ќе си а земаме.

– М'чи, мори бабо, ако е за маж, сеа ќ' ода и ќе ѝ нај-

да еден, ама за сермија не можа да ѝ најда. Токо да ручаме.

– Како јадење? Стани, дедо, ќе си ојме: да ѝ земиме плачките, да а земиме ќерка ми, да бегаме.

– Дур не ручам кај сватот, јас не бегам. Ако не ви се јаде, мајчина ви, шо знаете правете, јас ќе ручам.

Добро, тија заклаа кокошки, гаски, носат вино, ракија. Ѝ веле мажот на невестата:

– Оди, од тоа убавото вино пушчи на татко ти и на мајка ти, да се напијат.

Таа отиде, пушчи од тоа киселото. Ко го пробаа: кисело!

– А бе, баго мајката, мене ме неќиш и не ме сакаш, ами мајка ти и татко ти 'и сакаш, на ни пушчи му благо вино.

Таа отиде, а натера, па пушча од киселото. И вој дедот му веле:

– Море, синко, ставај! Бочвите ќе ти 'и оставе отворени, ке ти истече виното, ваја збеснета е, не знае нишчо. Оди, види!

Ко отиде, таја наведена, па од тоа киселото пушча.

– А, бе, пушчи од тоа! – ѝ веле.

Таа помести тој чеп и го остави да тече. И вој го стегна тој чеп, та пушчи на другото и ка беше наведена – коа и го сложи, ка е стегна убаво, убаво... И таа двата чепови 'и вати и стегна да не капат на земи. Ќа се напи таа, та ѝ се слади... Оттамо идат дома. И веле мајка ѝ:

– Не туку пушчај, ќерко, туку ајде бери плачките да си ојме!

– Ут, магарице една, плачките, како плачките? Стани да се истребиш оттуа, ако си за тоа дојдена.

Се напија, сторија муабет. Дедот извади чесето, му веле на зетот:

– На ти триста наполони, оти се додржа! Машко си бил! – А на ти тебе три да си купиш отровачка да се отруеш, оти си не можела да се издржиш за маж.



## 32. АМАН, ЗАГОРЕЛА САМ ЗА ГРОЗЈЕ

Си бил еден маж и една жена, ама ногу са били сиромаси. Едно време на жената и се пријало грозје. Арно ама, пари немали да купат. И текнало на жената и рекла на мажо:

– Мажу, ќ'идеш да украднеш грозје! Земи кошница и ќ'иеш. Падаре е тамока. Ќе глеаш да го испазиш, да флезнеш, да нап'ниш таа кошница. Аман, загорела сам за грозје!

И мажо не г хтел никако на таков ајдучки начин да набере грозје. Арно ама, видел зор' од жената и тргнал. Одил, одил... Дојди до лозјето. И таман клокнал да бере грозје, туку падаре за шиата го фанал.

– Шо тераш тука?

– Е, малку да набера грозје.

Падаре му земал грозјето. Маани што му земал грозјето, туку го заплашил ќе го кара у станицата. Он од страх премрел. И са пуштил го. Са тове човек дошел си кае жената без грозје, без кошница. И жена му го пречекала. И куга видела оти нема грозје, почнала да му вика, да му црка. Најпосле грабнала една сачка и почнала да го маа. Тове човек маани шо се уплашил од жената а повише го страх да го не пријави у станицата падаро. Жената немала трпление и рекла:

– Мажу, ти са ќе чуваш каштата и децата тука, а ја ќ'иа, ќе набера и ќе донеса. И ќе видиш кој е поербап – Јазе ле или ти!

И крени она, поленка, поленка... Падаро се шетал. И она ни пет ни шес пришла си при падаро и почнала да го потштипнува, да го пофатува... Е, на тове падар му се

приебало. Одведи а у лозјето. Напупи а, тргни ѝ еднаш, двапати... Изеби ѝ се убаво. И нап'ни и он сам кошницата сос најубавото грозје. И она ќефна, радосна дома.

– Е, мажу, срце да те јаде, виш ле ка се доноси грозје? А тебе те не бива ни за ништо!

И седнали, јасли. Текнало и другио ден. Па ошла. Падаро почнал да рипа од радости ка а видел па:

– Идеш ле ми па, мари? Па ти се е пријало грозје?

– Еј, ида. Мажо ме прати. Усладило му се е грозјето!

И он па налегни а. Изеби а убаво. Па ѝ дај грозје. Е, таа жена зачистила, уарнило ѝ се. Арно ама, еден ден веќе мажо усетил работата дека е нечиста. Рекол си сам на себе: „Е, мамата нејзина! Јас еднаш ојдех и таман флезнах и ме фана падаре. Какво тека моата жена веќе десетина пати оди да а не фане падаро и сѐ грозје од најубавото доноси! Е, ќе а паза сега."

И она па крени. И он по неа, по неа... ама сѐ се прикривал да не го види жената. И дојди до лозјето. А падаре лежел, тека истегарил се убаво. И она ка дошла при него почнала да го гали. И он се разбудил.

– Еј, идеш ли ми, мари гургутко?

Са што ќе е са ќе биде. А мажо си а пратил. До това лозје, малку поодалеченко едно стотина метра, имало едно дрво гулемо. И маже ѝ качи се на това дрво горе и сѐ да гледа што се работи.

Падаро ка се разбудил, ка му бил станал, не чекал ни пет ни шес, одмах ја напупил. Арно ама, она не хтела, рекла:

– Де, де, немој одмах! Дај да набереме грозје па после.

И послушал падаро. Ошли, набрали грозје. И рекол падаре:

– Е, жено, сѐ пробааме, оше не сме пробали магарешката. Са ќе тераме като магарињата! Оди тука кае това дрво. Ја ќе те врза. И ја ќе застана одзаде.

Она се сложила. И он таман почнал да а врзува, да а напупува и некак погледнал нагоре воз дрвото. Куга да види: маже ѝ! Та кат си побегни. И таа, жената туку земала една рака трева и почнала да вика:

– Пулу, пулу, пулу, пулу!

Он се не обраштa. Она па:

– Пулу, пулу, пулу, пулу!

И маже ѝ одозгоре:

– Еј, мари жено, он зарежа златна путка, та ќе се врне по една рака трева!



## 33. ПРОДАВАЧ НА ДРЕНКЕ, ШТО НЕ ГИ ДАВАЛ ЗА ПАРЕ

Сакале си се никои, а не смеев на татка и на мајку да кажев дека се сакав. Куде речев они, там ќе отидев. Куде гу дале, отишла. Е, т'ј што гу сакал, викал:

– Остана ми мерак на тебе. Ед'н пут ќе те ваќам!

Она му викала:

– Не можу. Муж ми ме много чува. Ќе чује, ќе си омрзну на мужа. Зашто да си омрзну?

– Не, ја ќе ти кажу по как'в начин.

– По как'в начин?

– Ти ќе се разболиш, а на мужа ти – штом те много чува – ќе му посакаш дренке да једеш, та да оздравеш.

Она два-три д'на легала, ништо не јела.

– Што ти се једе, мори жено?

– Е па, мужу, ништо неќу, само дренке сакам. Толко, да има едну шаку дренке да изеду, ќе оздраву!

– Па, ако е за тој, ќе најдемо, жено, дренке. С'г ќе пронесе никој, белки, ќе купимо. Слушај да видиш.

Они збореејќи тој, он покрај куќу:

– Дренке, дренкеее!..

– Те, мужу! Те, куде вика т'ј по дренке; види да видиш!

Додек' да искочи муж'т, он'ј заминал.

– Е па, жено, отиде!

– Ајде, мужу, легај, трај! Ако имам век и лек ќе најду. Он па ќе пројде, белким.

Немало га колко ед'н саат, па:

– Дренке, дренкеее!...

– Те га, мужу!

Отиш'л:

– Ој, пријателе бре!

– Што?

– Што продаваш?

– Дренке.

– Оди бре, мојата жена е много болна! Колко паре тражиш, толко паре ќе ти даду, да ми дадеш едну чашу дренке. Ќе си ги измеримо.

– Добро, ќе ти дам.

Дош'л дома. Она лега.

– Што ти е, снао?

– Па, не можу, ќе умру. Болна с'м...

– Ќе даде господ здравје, ќе даде господ здравје!

– Дај, колко паре сакаш за дренке?

– Е, па, бре пријатељу, ќе ти кажу право: ја не с'м ги за ништо земал; за г'с с'м ги земал, за г'с ќе ги даам. Ако ти чини, ќе дам на жену ти, ако ти не чини, не даам!

– Е па, жено, што да праимо?

– Е па, мужу, ако сакаш да ме имаш, ќе земеш дренке. Ако не сакаш, не зимај. Ја ќе умру, не можу, једев ми се дренке.

– Е па, како за г'с?

– Ете, такој, ќе ти кажу како за г'с. Такој за г'с! За г'с с'м ги зимал. Ако ми дадете г'с, ќе ви даду, ако не... Ја за тој с'м ги зимал.

– Е па, жено, ако можеш?

– Па, да видимо, мужу...

Почнал гу.

– Не бре, пријатељу, не гу дрсај толко, она е болна!

– Ќе даде бог здравје, ќе даде!...

Издрсал гу, издрсал гу – дал ву дренке.

– Е, батко, бог здравје да ти дава! И на тебе и на деца!

– Добро, снао. Ако се разболиш, ја па ќе ти донесу дренке.

– Е море, пријатељу, ја се чудеше куде ќе најдеше дренке. Бог здравје да ти дава што си дош'л! Истин си ги за г'с зимал, г'с ти дадомо, аме нека ти е просто и г'с и сѐ...

## 34. СИ ГУ ЗАГУБИЛА...

Сакале се никои, па викала она:

– Ти да испратиш твојуту жену на прање јутре, да пере. Па после ја ќе дојду да перу. И јутротод'н, ја к'д дојду с'с мужа ми да кладу огањ, ти ќ'идеш уз дол, угоре, и сѐ у земљу ќе гледаш.

Добро. Ов'ј, такој направил: иш'л уз дол и сѐ у земљу гледал.

– Што тражиш бре, пријатеље?

– Е море, пријатеље, што тражу? Мојата жена јучер пра, па си гу загуби!

– Не знам ја. Женава дојде понапред, ако гу е нашла, ќе гу прашам:

– А мори, жено, нашла ли си такој и такој? Ов'ј пријатељ, жена му прала јучер, па си гу загубила.

– Боже, мужу! Ја си гу најдо, она улегна си крај мојуту. Крај мојуту, еве гу, измешала се.

– Е па, како ќе гу извадимо?

– Е па, такој, мужу: ти на мојуту тури твојуту шачку, а он'ј на онуј ќе си гу извади.

Ов'ј си турил шачку, он'ј гу вадил.

– Де бре, па ти ч'к у мојуту се умеша!

– Не е, мужу, не е. Ти си држ шачкуту туј. Он си гу његовуту вади. Не е.

– Де бре, у мојуту се умеша!

– Е па, пријатеље, извади гу! Ете ти гу твојата.

## 35. ЖЕНАТА, ПОЛЈАКОТ И НЕЈЗИНИОТ МАЖ

Се собрале во едно село да избират полјак. Од секоа куќа имало присутен, но од една куќа го немало домаќино и на негово место дошла неговата жена. Таа си се мрдала со некој си тамо што божем полјак ќе биде. И со него таа се здоговорила утрото да дојде кај неа и убаво да си поминат а потоа тој да си замине по работа.

Куа се вратила дома, уште вечерта мажот ја прашал:

– Де, мори жено, како го избиравте полјакот? Што ќе му се плача? Колку време ќе биде?

– А бре, мажу, лесна беше работата за која се погодивме. Ќе ги ебе на ред сите мажи, па рекохме бидејќи сам сама жена од селото да почне од кај нас: прво од тебе! И тоа утрото сабајлето да бидеш тука.

И како што било договорено тај божем полјак доваѓа да го ебе мажот, а таа се припремила неа да ја ебе. Кога влегува тој во дворот, таа му вика на мажот:

– Скри се! Јас ќе го превртам и нека сврши со мене работа. Само редот да помине!

Скрива го под една рогозина. И куга влегува тај, божем се кара:

– Каде ти е мажот?

Она го превртува тука и почнува неа да а работи. А мажот е скриен под рогозината, под кревето. Едно време полјакот прашал:

– Па што ти е, мори невесто, тоа под рогозината?

– А, бе, тоа е кучето. Ногу е лошо па сам го ставила под рогозината да не ги каса луѓето.

Едно време мажот почнал да 'ржи од под рогозината. И ништо. Сè се свршило: си ја изебал полјакот невестата и си отишол.

После тоа вика мажот на својата жена:

– Мори жено, е па како ти текна да се снајдеш да кажеш кучето е?

Таа му одговара:

– Мозок, мажу, мозок!

А пак вика она сега:

– Мажу, па како ти текна ти па да 'ржиш на носот?

Он оттам:

– Мозок, жено, мозок!

## 36. РАЗВРАТНА ПОПАДИЈА

Ф едно село имало еден поп. Тој одил и по друзи села да попува... Иде попо, а попадијата заколе кокошка, расточи баница сипе од бачвата вино, та си покани гости, та цела нош јасте, пите, песни и оро. Накара аргатино да свири с кавало, а тија ф орото се фука до гредите и пее: „Имам попа глупава, та го пратих на миндаљки, да ми бере миндаљки, уппеее, естааа, да ми бере мидаљки!"

Еднаш аргатино рек'л:

– Бре, дедо попе, фного добро с'м видел от тебе, та искам нешчо да ти кажа, ама да се не разјадиш.

– Ше е тава нешчо, бре синко, кажи да видим; оти па ќе се разјаде?

– Ти одиш по друзите села да искараш некоа пара, ама да знаеш тука што станува! Кашчата ти се расипува. Попадиата уготви вечере, сипе вино, покани си госте и цала нош јада, пија и играа оро. Мене накараа да им свире.

– Шо думаш, бре синко, ти ме лажеш: моата попадиа не е такваа.

– Ниста, бре дедо попе, нистина. Ако не веруваш, ај се обложим из двесте гроша. Ти ќе се скриеш на потоно и ќе вардиш из една дупка.

– Чекај па да се скриа, да виде шо ле ме лаже тоа калп, рек'л си попо.

Обложили се из двесте гроша. Попо излаг'л попадиата, ке ќ'иде по селата и се скрил на потоно да варди. А тија тава чекала. Растрчела се онаа попадиа, заклала кокошка, оплешила а, расточила баница, уготвила чудна вечере, сипала од бачвата вино и поканила госте. Јали,

пили и кату траснаа онова оро... Попадиата се фука до гредите и пее: „Имам попа глупава, та го пратих на миндаљки, да ми бере миндаљки, уппеее, естааа, да ми бере миндаљки!“ Аргатино е надул кавало и пее: „Слушај, попе, та трпи, та ми гости двестетеее!“

На оне попо му прикапувало на срцето, прикапувало, та като слезе, та грабне едно ропало, та кој дека стигне. Тату кату побара па попадиата, та млати, та млати...

# 37. ВИДОВИТОТО ДЕТЕ

Во една селска куќа имало многу челад. Едно од децата било многу зборливо. Еден ден тоа дете рекло:

– Утре дедо ќе умре!

– Како, бре, ќе умре? – му се изнавикале родителите и детето си изело убав ќотек. Тоа се расплакало и пак повторило:

– Утре дедо ќе умре! Ќе видите, ќе умре. Јас го видов умрен.

Утредента дедото апансас умрел, а бил здрав. Домашните останале замаени, не знаеле што да речат. Дедото го закопале.

По некое време, година или две, детето па рекло:

– Баба вечерва ќе умре!

Детето па изело ќотек, ама не се откажувало:

– Не тепајте ме! Баба ќе умре вечерва. Ќе видите, ќе умре.

По вечерата на бабата ѝ се слошило и таа умрела, како што беше рекло детето. Домашните спискале. Немало помош и утредента и бабата ја закопале покрај дедото. Сега веќе сите поверувале дека детето е видовито и дека вистина ја гледа смртта кога иде.

Поминале неколку години. Еден ден детето па се јавило и на глас плачело:

– Оф, леле, тате ќе умре утре!

Сега детето никој не го тепал. Сите плачеле и почнале да се подготвуваат за утрешниот ден. Кога се разденило во куќата сѐ било приготвено за мртовецот. Татко-

то се простувал од жената, децата и роднините и ја чекал смртта. Арно ама, одеднаш се чул пискот од кај комшиите: умрел комшијата!

Ете, така видовитото дете ја извадило на мегдан работата.



## 38. ПИЈАНИЦАТА И НЕГОВАТА НЕВЕСТА

Си живееле маж и жена. Мажот многу бил меракли-ја да си пие, секоја вечер пијан дојди си дома. Еден ден на невестата му се досадило, си фатила љубовник. Ќе си дојдел мажот пијан, ќе го потиснела в кревет, клучот на вратата, си излегвала, одела кај пријатело. Денес така, утре така... Дотогаш му викала на мажо, после почнала да го остава да пие. Тој си пие, оваа си тера мерако, никому нишчо! Еден ден чоекот си го клал прстот на глаата за ум: – „Зошто жената мене порано ми велеше оти пиеш, а сега нишчо не ми вели?“ Се препраил баеѓи пијан и си дошол дома.

– Мажу, ќе ручаме?

– Ќе ручаме.

– Една ракија да не сакаш? Убава ракија купив.

– Ама тури!

Таја не да му тури обична ракија, ами му тури препечена, јака, од една да се врзе. Ама и тој курназ, успеал да ја тури во водата. Почнал да се витка, да се препраа дека е пијан. Ручале и се спружил в кревет. Ова го покрила, мракот фатил, плеталото под мишка, клучот на врата и си ојде кај љубовникот. Мажот коа побара, а нема. Стана, слезе и заклучи долу сè. Едно време, кај дванајсет, еве таа кај иде. Тропа, заклучено. Тропа и се јавува на пенџерето тој:

– Кај беше досега, д'одиш и сега!

– Не бре, мажу, не бев нигде, во комшиите плетев.

– Не, д'ојш тамо!

Ова не може д'успее да влези, му вели:

– Јас ќе се врла в бунар, а тебе ќе те затворат и ќе се скапиш по затворите.

Ова зеде еден камен, го фрли во бунарот. Мажот мислејќи дека жената се фрли в бунар, слезе, отклучи, појди да види во бунарот. Ама ова влезе дома и го заклучи него надвор. Тој почна сега да вика:

– Отвори ми!

Почна да тропа. Ова спиште, спиште од пенџерето:

– Станвате, бре, комшии! Станвате, бре, овој пијаницава шо прај!

Комшиите го знаеа како пијаница, оти кавги крева, ѓурултии, криве. Почнаа да му викаа: неранимајко, бре таков, бре ваков! Замина полицијата, го забра. Го скинаа од ќотек. Се врати оттаму:

– Жено, немало шо: јас со пијачката, ти оди си кај љубовникот, па така ќе живееме.

И ден денес така си живеат. Таа кај љубовникот, овој со ракичката.

## 39. ЗАТВОРЕНАТА ЦАРСКА ЌЕРКА

Бил некој цар. Имал многу уба ќерка. А за да е не гледат момчиња е отстранил. Во некоја раскрсница ѝ направил една зграда уба и поставил стража – војници за да вардат: кој ќе се опулит спрема не, го фаќале, го чувале едно три дена и одма го поништале. До шќо поминале, та дека била уба многу, секој еден погледал во не. И стражата го сопирала, го фаќала, ќе о поништат.

Се разбрало дека со луѓето се прајт така. Почнале патот да го заобиколуваат од подалеку некаде, само тука да не врват, крај зградата. Ама еден младич измислил на каков начин да појт и да опитат – дали се может, или не. Отишол кај некој си златар и му велит:

– Ќе те замола да ми дајш една наколна, едно чекиче, еден гушниг и едно коланче и еден прстен. Сака да ода кај од царот ќерка му.

– Немој да ојш – тој му велит – ќе загиниш! Толку многу луѓе загинале, ќе те поништит и тебе.

Тој пофторно го замолил:

– Ја су решил да ода. Ако се вратам жиф и здраф, ќе ти платам тројно појќе. Ако не ќе ми прајш алал.

Ко видел неизбежно оти е, златароф, пофатил, му дал една наколна, едно чеканче, прстен, колан и едно ѓерданче. Тој зел тије рабоќе шќо му требале. Отишол тамо и се загледал прао во таја зграда кај шќо седела ќерка му од царот. Та била излезена на балкон. Стражата го забележала, го фатила и го затворила. Требало три дена да го чуват. После да го поништат.

Првиот ден ко го затвориле, пофатил тој – си чукат на наколната со чекичот, траскал: трас-трус, трас-трус,

трас-трус! Гледат стражарот нешто му чукат внатре. Ко погледујт: нешќо му светит во темницата. Младичот го зел прстенот и само си чукат на наколната и го вртит прстенот горе-долу, горе-долу. Ко видел стражарот што работит, одма јавујт кај од царот ќерка му:

– Знајш што, онај сега што го затворифне изгљат е некој мајстор. Што имат еден прстен напрајно – сјајт! Толку убав прстен – велит.

Ко кажал стражарот, пратила од слугинките:

– Прашајте го, колку пари сакат да ми го дајт прстенот?

И отишла слугинката тамо, велит:

– Мајсторе, ти го изработи ова?

– Ја.

– Еј, колку пари сакаш, од царо ќерка му прашујт, да ѝ го дајш, за нејзин да бидит?

Тој велит:

– Јас пари не сакам. Ја ќе живом ушќ' еден два дена. Чуму ми се мене пари? Ќе ѝ речите на од царот ќерка му, да дојт, да се запрегнит до колена, да е видам. И ќи дам прстеноф.

И слугинката ошла горе, кажала:

– Вак' и вака... Тој велит пари не ми требат, ја нема да останам жиф, ќе ме понишќат, ами нека се запрегнит до колена да е видам. Ако сакат така, ќе ѝ го дам прстенот, ако не – не го давам!

И е кандисале слугинките тамо. Ѝ велат:

– А бе, шќо ќе бидит ако те видит до колена? Тој не ќе жит. Ушќе два дена ќе о понишќите. И не ќе знајт некој што прајл тој, како прајл. Земи му го прстенот.

Е кандисале. Отишла долу, се запрегнала до колена. Е погледал тој, ѝ го дал прстенот.

Фторијот ден почнал пак да чукат на наколната. Герданот г' онадит... го сукат околу наколната. Вртит, божем, го работит. Ко видел стражарот, пак ѝ кажујт на ќерка му од царот:

– Вака и вака... Сега еден ѓердан што имат за на гуша, толку многу убаф је – очите 'и поземат, светит!

Та велит на слугинките:

– Прашајте го колку пари сакат, да го купиме.

Прашале. Тоі велит:

– Јас ви кажаф: не го продам за пари. Ја ушќе една ден од ова башка ќе живеам. Пари не ми требат. Ќе е речите ако сакат да слезит долу да се запрегнет да е видам до над колена, во дебелово месо горе – добро, ако не – не го дам.

Па е кандисале слугинките од царот ќерка му.

– Шќо ќе ти видит, мори? Шќо ако те видит?

– Шќо ќе ти видит, мори? Шќо ако те видит? Запрегни се, земи му го накитот!

Кандисала, слегла долу, се запрегнала. Е погледал, ѝ дал ѓерданот. Си заминала таја горе.

Трећијот ден пофатил пак – чукат на наколнава. И траскотит на празно така. Погледал пак стражарот. Пак гледат некој друг накит: колан ко за опашуење, златен!

Отишол тамо кај од царот ќерка му. Велит:

– Вак' и вака... Се мајсторот шќо работит еден колан, ушќе то да го имаш, ко тебе би немало!

Викнала на слугинката:

– Прашај го тамо дали го дават. Колку пари сакат.

Отишла слугинката, го прашујт.

– Ја за пари, ви рекоф, не го давам. Ушќе денес ќе живом. Довечер ќе ме понишќат. Не ми требат пари. Ќе ѝ речите до појас да се запрегнит од царот ќерка му, да е видам, ќе ѝ го да.

И ова најќела, се страмила. Е кандисале слугинките.

– А бе – велит – ќе о понишќите. Тој не ќе кажет некому. Запрегни се, земи му го коланќето!

И ова слагат, се запрегнујт. Е погледал, шо е погледал и е поплукал: Плу, плу...

Па велит:

– Од цар ќерка пичка не била позлатена!

И си заминала та. Му зела коланчето. Ама ѝ останало мака: зошќо така да ѝ речит. И се мислила, се мислила. Вечерта, от ко заминале сите, му велит на стражарот:

– Да го пуштиш кај мене да дојт тој чојк – затвореникот!

И овој велит:

– Те викат од цароф ќерка му.

Г' испушќил. И ојт кај неа. Тамо е прашујт:

– Што е, што ме викаш?

– Ти ќе ми кажиш – велит – зошто то ми го рече и ме поплука. Зошто ми рече: „Од цар ќерка пичка не била позлатена?“

– Е, така је. Ти сѐ имаш, ама то не... Требало и та да ти е позлатена.

– Еј, добро, ти си мајстор?

– Мајстор су ја – златар.

– Мојш да ми е позлатиш?

– Можам!

– Е, добро, ко можеш.

Му дала јадење, пиење. С' изнајал убо... ко шќо бил изгладнет в затвор.

– Е сега – велит – ако сакаш да гледаш ко ќе ти е позлата, али да ти покрија очиве?

– Како е поарно – велит.

И пофатил, е легнал убо, е издлжил. Зел наколничето, чекинот и чукат божем на наколна, и ѝ го клават. И дошло нејзи згодно... Пак чукат, чукат, чукат. Пак ќе погледат, пак чинел.

– Е, уште малу требит, уште малу!

Ко свршиле работа, велит:

– Е, сега, токму позлатена ти је!

Станала та, се погледујт: истата ко шќо си била. Ама дека неебана, гледат-малу црвена.

– А бре – велит – иста си е.

– Не е така, вакква не ти беше порано. Опули се сега како е црвена!

И ко видела та колку е-сатот веќе, оти е излажал, и не дала наредба да се поништит чојкот. И го земат за маж. Станал царски зет и по некое време се вратил кај златарот и му рекол:

– Што ти чинеше, еве ти двојно појќе. Останав жив и здрав. Станав царски зет.



## 40. УМНАТА ЖЕНА И БЕГО

Некое момче било слуга каде некој стар трговец. Тове бил добродушен, па и безроден. Ка нараснало момчето, он посинил го него, оженил го. Заживеали си арно сос домаќинката и старите и поштували. Фоф тове град, дека живеали они, имало некој бег. Имал една шчерка и ја чувал затворена ф една соба, никак човек да не флезе при неа. Бего а варди. Само џамо може да се отвори и през џамо она може да гледа на вонка дуњата, иначе фоф дуња никак да се не збрка.

На тове момче, куга одило на дуќане, пате му бил од тамо – по тове пат заминувало. А бил млад, така нанога, убав бил. Ка заминувал, она го бендисала. И еден ден ка заминал он, она земала едно огледало – на џамо било – завртела го накаде него сос гледо, после го завртела па сос грбо и го пушчила. Он ошел, земал огледалото и однел го дома на жената му. Кажал ѝ:

– Жено, така и така работата. Заминуваеќи од там, беговата шчерка пушчи това огледало. Ем да вииш – вика – еднаш го заврте сос гледо накаде мене, после го заврте сос грбо и го пушчи. И нишчо не ми рече. Јас земах огледалото. Шчо ќе да е таа работа?

– Мажу, вика те д'идеш при неа.

– Е, сега не ида. Ка ќе д'ида јас тамо? Неа ја чува часавој на вратата, та јас ќ'иа при неа. Ич, смеа ле!

– Ќ'идеш! Она те вика д'идеш ношја. Ќе те измакне през вратницата. Затова е така огледалото пушчила.

И он се поразмислил малку:

– Па, жено, д'ида.

– Ами иди – вика.

И оттука станува он една вечер, ка затворили дуќане, оди там. Она му пушча една ортома и го извлачи при неа. Знаеш, тамо убаво го пресретнала. Сè арно. Арно ама, по едно време часовое привикал на бего:

– Бегу, човек има при шчерка ти и това каурин!

– Бре, така ле е работата!

Бего се разјадосува и излези. Гледа: каурин!

– А бре, свињо, шчо ти тука?

И моментално тамо он пресуда: и двата ќе 'и бесат, шчерка му и него. И това ќе 'и бесат на соборе там, сите да гледат. И двата се они уплашуваа, веќе нема од них нишчо. И сега кажали на жената му: „Твоето момче е там и там. Ќе го бесат на ручок." Она се размислува: така ле е? Оди оттука, зима од попо котлето, крсто, една ќитка босилок, попсќи дреи, сè... Направја се поп и оди оттука при бего. Вика:

– Бегу, фанал си еден наш човек тука и ќе го бесиш заедно сос шчерката. Према нашче обичаи, ние него требе да го исповедаме, ако дозволиш, пред да го обесите.

Бего рекол:

– Може, флези!

Флези она там, затвара а вратата. Таа соблачи се и вика на него, и он се соблачи: она соблачи попосќите дреи, она вобува неговите дреи; он попските и котлето и китката ф рака и низ врата излази си. Е, сега веќе дошло ручок – дванаесе саато, ќе 'и бесат. Искаруваа 'и тамо, народ се собира. Ќе 'и бесат и двата: и шчерката и тове шчо е флезнал при неа. Прикарали 'и веќе на бесилката. И обичае тамо бил последно шчо има да кажат. Питаа го него:

– Шчо искаш да кажеш последно?

– Нема нишчо друго да кажа, само искам да кажа на бего оти сам и јас жена кат шчо е и шчерка му!

– Бре, така ле е работата! Ја две жени тамо да видат дали е жена това.

Гледаа они: жена! Е, бего са тука вика:

– Па зашчо флезна?

– Така, да ти докажа оти не мош шчерка ти да а дочуваш да не флезе човек при неа.

И од тогај бего ја ослободил шчерка му да живее слободно и она като сите.

## 41. ЦАРИЦАТА ВДОВИЦА И ИТРИОТ ИЗМЕЌАР

На една царица умрел ѝ царо и останала довица. Она забранила во царството да се не сишќа бесрамна дума. И терала измеќар кон неа да ѝ служи, ама шчо не ќе да дума бесрамно ич.

Имало троица братќа. Сиромашчија, ногу било, башча им умрел. Едено, постарие, вика:

– Мамо, јас ќ' ида кон царицата д' ѝ служа.

Ама царицата пратила абер: „Кој дое кон мене, ако продуме бесрамно, одмах ќе го застрела".

Мајка му вика:

– Мили синко, не оди. Ја царицата каков абер испрашча. Ако се излажеш нешчо да продумаш, ќе те застрела.

– Неќу, мамо, нишчо да думам. Ќ' ида.

И сиромашчија се не трае и ошел. Арно ама, царицата го качила на фиаќер и ќе го прошета да му каже кое до дека е да работи. По пате сретнали една кобила и еден пастух. И пастухо качил се врез кобилата.

– Шчо е това?

– Кобила.

– Шчо е това?

– Пастух.

– Шчо работат?

Кажал он: това работат. И продужуваа: јѐ една матурица на пате, нерезо ја јаанал. Па го пита царицата:

– Шчо е това?

– Матурица.

– Шчо е това?

– Нерез.

– Шчо работат?

Па кажал шчо работат. Ај, па продужуваа. Сретнали една крава и еден бик.

– Шчо е това? – прашува царицата.

– Крава.

– Шчо е това?

– Бик.

– Шчо работат?

– Това работат.

И вршча го и го застрелува, с пушката го утепува. Дума бесрамно.

Арно ама, средние брат са вика:

– Ти ојде, братко, утепаа те, ама па са јас ќ' иа. Мамо, не ќе мен да ме излажат.

Оди кон царицата. И на него така се десува: го качува фоф габролето, па оди, па наодат тиа нешча, па го пита, па го вршча, па го утепува. И него го застрелува. Ама третие – најмаленќие – вика:

– Па јас ќ' иа, ама мен не ќе ме застрела.

Е, ајде оди и он. И като оди, качува го и него ф колата, па исто сришчаа. Напред кобилата и пастухо. Вика царицата?

– Шчо е това?

– Кобила.

– Ами това?

– Пастир. Варди кобилата да пасе, да не напраи некоа штета.

Натаму сретнале матурицата и свинчето.

– Шчо е това?

– Матурица.

– Ам това?

– Свинар. Варди тука да не направи некое штета ф некои нивје. Свинар е та а пасе.

Ај, натаму кравата и бико.

– Шчо е това?

– Крава.

– Това?

– Воловар.

И са не дума нишчо бесрамно. Врнала го она и вика:

– Ти си за мене. Тува е бањата. Ф таа соба јас спија. Ќе се соблечеш като од маќа роден – гол, ќе се избањаш, ќе доеш кон мене на таа соба. Он са се чуди шчо го е патило, ишчо ќе да го снајде са, кат го тера гол да иде кон неа. И он мора, цар нарижџа – царица. Обанува се, оди тамо, оди малчичку, така пристапува, стра го е ногу. Царицата вика:

– Флезни, флезни!

Он флезнал и она гола – ф кревето.

– Ела понаовам! – вика царицата.

Оди и она му фата раката, тура по лицето:

– Шчо е това?

– Божјо лице.

– А тува понадоле, шчо е това?

– Рајсќи плодове.

Ама царицата мести му раката: ај понадоле.

– Шчо е това?

– Е, ливада.

– Ам ф ливадата това?

– Кладенец.

А он не смее нишчо бесрамно да дума. Ама царицата па него го пита. И на него му тура раката.

– Шчо е това?

– Ами божјо лице.

– Това?

– Рајсќи плодове.

– Това?

– Кон.

– Ами това под коне?

– Дисази.

– Ами ти вика што раниш тове кон?

– Повеќе го паса по ливадите, ама и сено по малку му турам.

– Ам дали не ќе по мојата ливада да пасе?

– Шчо знам? Ако ареса тревата!

– Е, пушчи го!

Он пушчил го да пасе по ливадата. Не ќе, не ќе да пасе, само лигави.

– Е, от не ќе да пасе? – вика царицата.

– Беќи му се пие вода.

– Пушчи го ф кладенецо да се напие вода!

И пушчил го ф кладенецо да се напие вода и го пригрнала.

– Ти ќе си за мене. Кој шчо знае нека си работи.

Од тогај се ослободило по дуњата сѐ.



## 42. ДУМАЛ СОС ГОСПОД

На некој била жената му од друго село. Имал балд'за ногу убава и са кроил ка да а ебе. Жената му си одимала малечко дете и са он ќ'ие по балд'за му да а доведе да им гледат детето. Фата там некоа друга жена, месува му една погача и една кокошка испечува а. Ќ'оди он каде бабата там, дедо ќе види и балд'зата ќе доведе да гледа детето.

И ка оди натамо, ф едни трње остава на едно место погачата. Понаонам така поодил, поодил, остава па кокошката. И ошел веќе тамо.

– Ка сте, шчо сте, бабо, дедо? Јас дојдех по балд'зата да дое да погледа децата, оти са маленкото ногу праи бела. Ониа да погледа, да а пушчите.

– Ама ќ'а пушчиме – рекла баба му.

И качува а он на коне и ајде покарува коне, он по неа. И ка си одат така по пате, он се озавја, вика: „А, а, а...? А, а, а!" И са она се зачудила:

– Бато, сос кој думаш?

– Сос господ!

– Е, шчо ти вика?

– Вика ф тиа трње там има една испечена кокошка, та д'иа да а зема.

– Ами, иди а земи!

Оди он, зима кокошката и па тргнува по пате. Таман ка придели веќе на ке погачата, он па вика: „А, а. А, а, а,...!"

– А шчо викаш, батко?

– Вика ф тиа трње там има една погача, та д'иа да а зема да ручаме.

– Иди а земи!

Оди, зима и погачата. Понаонамце така имало кладенец. Седнуваа до кладенецо и наручуваа се: изижџаа кокошката и погачата. Стануваа па ќе одат. Јааанали... Така еден ендек понагоре. Тове вика па:

– А, а, а...? Јок, јок, това ич не ми думе. Това не бива работа.

И па нагоре ка одат:

– А остави се, море! Ами ако умра, ќе умра – вика. Това јас нема да го сторам... Ме е срам!

И она са се зачудува:

– Бате, шчо вика, бе?

– М'чи, море, еле ме е срам да ти кажа. Ам еле вика Господ да се ебем. Ако не, ќ'умра!

– Ами, бате, ако е така, за да не умреш, па и ќе се ебем.

И фанал, тргнал ѝ го. Разбираш ле? И си ошли дома така сос ќеф.

## 43. ЦРНАТА ЧУМА

На некој, дошла му младата балд'ска на гости. Како да е ебе? Врткал се, сукал се – текнало му!

– Ej, жено, ојдо ја до сред село.

А он, качил се на црницата у дворо, преправил го гласо и почнал да вика:

– Ја су црната чума! Стојан да си е ебе балд'ската!

Врнал се дома.

– Леле, мажу! Ти коа беше у село, дојде црната чума и рече да си е ебал сестра ми!

– Ја, мајката... Ај' пà ќе одам ја до сред село, имам нешчо работа.

Пà се качил на црницата:

– Оооој! Ја су црната чума! Стојан да си е ебе балд'ската, оти целото село ќе го издавам, така да знаете!

Пà се врнал дома.

– Мажу, пà доваѓа чумата и рече да си е ебал балд'зата, оти целото село ќе го издавила. Леле, леле – шо ќе праеме?!

– Шо знам ја?

– Не ли бива ја да се аз'рдисам, па ти сал' да ѝ го допреш на сестра ми, а другото на мене?

– А, не! Ако ебам, ќе ебам!

## 44. ПУСТА СИРОМАШТИЈА...

Бил некој младич. Излегол една ден и немал шќо да работит друго, туку измислил: зел неколку бои и си го нашарил курот. Се поставил покрај еден селски пат и чекал кога ќе наминит некоја жена. Му наишла некоја жена и тој легнал на плешќи, го надрвил нашаренко со бои во линии и легнал – како да спијет. Жената кога поминала, кога го видела, се зачудила: „Па, што мојт ова да бидит?“ – рекла. Му потфрлила едно камче и продолжила како нишќо да не било. Одеднаш тој отскокнал и ѝ викнал:

– Застани малу!

– Таја застанала и просто се потсмевнувала. Ѝ рекол:

– Зашќо се задираш кога не те задирам?

– Ама – рекла – прости, не бев во нишќо намера. Само се зачудив: секакви су видела, уште ваков шарен не су видела! А што мојт то да бидит?

И тој ѝ рекол:

– Прво да те прашам: каква си ти жена – дали си сиромашка, или богата, или пребогата?

– Ја сум жена сиромашка – та му одговорила.

– Дали имаш маж?

– Имам маж.

– Е, за тебе ова е многу арно – рекол.

– Да чујам.

– Овој шарениов, до првава заршка, кога ќе го клам на жена, таја ќе бидит полубогата, ќе родит дете полубогато. Ако ѝ го клам до фторава зарешка, ќе родит многу

богато дете. А ако ѝ го клам до треќата зарешка, ќе бидит ептен сиромашко.

И таја му одговорила:

– Да се зас'лниме на некоја страна, па, дај, клај ми го мене до полубогата. Није сне сиромаси, барем дете да имам малу богато. Д' имат напредија.

Се зас'лнале на некоја страна и тој ѝ кажал:

– Јас за сѐ барам пари.

– Еј, како бараш пари?

– Па, за полубогата барам поефтино. За многу богата – поскапо, а за сиромашно не барам нишќо.

И таја се согласила. Кога почнале, тој ѝ го ставил само до таја зарешка – до полубогата. Нејзе ѝ се насладило, рекла:

– Море, дај до многу богато нека бидит. Приклај го до другата зарешка!

Кога го клал до фтората зарешка, таја се запалила.

– Море, аман – рекла – сијот фтерај го! Белки ќе бидит нешќо...

И ко го лупнал внатре сиот, рекол:

– Еј, пуста сиромаштијо, знајш ти зошќо си сиромаштија!

## 45. УМНОТО МОМЧЕ СО ТРИ ИМИЊА И ЦАРСКАТА ЌЕРКА

Имало во едно село едно момче кое сакало да а ебе ќерката на царот. Се чудело шо да направи и кај да оди само това да го сврши. Еден ден му паднало на памет да оди и да биде офчар во царските дворови. Куга ошло тамо, бидејќи се согласил да работи секакви работи, го примиле какоќ измеќар, како офчар и други нечисти работи да работи. Со време тој се приближувал сѐ повеќе и повеќе до ќерката на царот.

Еден ден го прашала царицата:

– Момче, како ти е името?

– Царице, името ми е многу безобразно. Ќе ви го кажам само немојте да му го кажувате ни на царот, ни на ќерка ви, нити пак на стражарите.

Таа му одобрила тоа дека нема да збори никаде и тој ѝ кажал дека неговото име е Путка. На другиот ден дошол царот и му вика:

– А бре, момче, како се викаш ти?

– Честити царе, на мене името ми е Кур. Само немојте да зборите ни на вашата жена, ни на ќерка ви, ни на стражарите, оти такво име е сремно.

На четвртио ден дошла ќерката и таа го прашала да си каже своето име. Тој на неа и кажал дека се вика Боп.

По некој ден го пита и стражарот:

– А бре, момче, како ти е името?

А тој на стражарот си кажува име Лани.

И така времето поминало и тој се доближил сосема до ќерката на царот. Дошол и роденденo на царот. И тој припремал многу јадење. Во јадењата имало и боп (граф). Се навечерале сите а баш ќерката јадела најмногу

боп. Кога се навечерале, таа почнала да офка, да писка од стомах и легнала. Во тоа време умното офчарче ѝ се приближило. И ги дигнало нозете и почнало да бута. А таа и понатаму пискала: „Олеле, боп! Олеле, боп!“

Царицата сакала да види шчо е работата со ќерката. Коа гледа: офчарчето ѝ се натиснало меѓу нозете и бута ле, бута... И вика по својот маж:

– Оди, цару, да видиш: Путката на ќерката меѓу нозете!

А тој ѝ одговара:

– Па, мајчина ти, меѓу нозете ќе ѝ биде а не на челото!

Му се досадило викањето и притрчал да види. Куа гледа, вика:

– Мори, жено, тоа е Курот!

А тој веќе свршил работа и бега низ дворот. Царот му викнал на стражарот:

– Фати го Курот и сечи му а главата веднага, веднага!

Наредба е наредба, браќа! Стражарот си го извадил, го фатил за главата и си го пресекол. Момчето побегнало низ дворот. И доваѓа царот кај стражарот и му вика:

– Зошто не го фати Курот?

– Честит царе, јас го фатив!

Ама царот му одговара:

– А тој што побегна?

– Честит царе, тоа беше Лани.

# 46. ГОВЕДАРОТ И ЧУПАТА

Некое момче било многу лично а сирома, веќе немало посирома од него. И се главило во едно село говедар: да 'и пасе говедата селски. Имало нека чупа чорбаџичка. Појди да 'и тера говедата од татка ѝ и ќе му речи:

– Море, лиго, море, лиго, ти убаво да ѝ пасиш говедата!

Пак утре, па оди.

– Море, мрсолко, ти да не 'и забаваш ногу навечер говедата!

Пак утре, па оди.

– Море, ќелав, ти оти не 'и пасиш говедата убаво? Да 'и тераш кај шчо има трева!

И овој сирома се врати вечерто и шо да прави. Имало некоја баба, ѝ вели:

– Мори, бабо, вака и вака, шо да права? Една чупа секоа ден кога иде, кога 'и тера воловите, сѐ ми вади некои прекари, вамо тамо ме напаѓа. Шо да чина?

– Добро, баба ќе ти каже, ама имаш три наполончиња?

– Е, мори бабо, ќе барам, ќе најдам.

– Е, добро! Баба ќе те научи и ќе ми ти ја наврти, ти да си свршиш работа со неа.

– Брѐ, аман!

– Ќе биде таја работа.

Чупата ќе оди да пере на реката. Се навела, го навалила котелот, се навела на коритото да пера. Ова бабата се вртка така, се вртка наки:

– А, мори чупе, убава си, нема каде! Ама – рече – пустото пиче ти е криво!

– Ами, чаре, мори бабо?

– Баба ќе ми ти го исправи, ама пет наполончиња.

– Море, пет, десет, не прашај за тоа, татко е чорбаџија, ќе даде, туку да не е манлија.

– Е, добро! Ти во сабота ќе дојдеш кај мене дома. Јас ќе зема тро масленце и ќе зема една глајца праз – добра, арна – ќе ти го намачкам со масленце и таа главицата и ќе го натегнеме на главицата и ќе се исправи.

Бабата му вели сега на говедарот:

– Слушај, ти во сабота ќе платиш еден чоек да 'и пасе говедата, а ќе дојш кај мене дома и ќе се скриеш. Скриен ќе бидиш и баба ќе ја намести за таа работа.

И вој вати еден чоек да 'и паси гоедата и отиде кај бабата. Отиде, се скри. И чупата дојде и ја легна бабата тамо.

– Е, добро, ама слушај: ќе ми ти наметнам јас една вреќа на главата, вака, да не гледаш. Нешчо да не се уплашиш, али нешчо некако да не рипаш – ќе ти наметнам вреќа.

– Добро, бабо, како шо знајш ти, како те учил госпо, така!

И оваа му а наметна вреќата и почна со тоа масленцето, му го намачка, му го стори и се накашла, така било збор со момчето. Тоа иде отаде.

– А – рече – сега!

Говедарот почна, си сврши работа. И бабата со ишарет му вели:

– Ајде , сега испаѓај, испаѓај!

И овој с'излезе. Бабата а вати вреќата и а праша:

– Сети нешчо болка, али нешчо поарно, али полошо?

– Е, мори бабо, коа ми го мачкаше масленцето и така и така, ама таа главицата празот коа ми а стави, ми идеше вреќата со заби да а скина...

– Е, добро, добро!

Си отиде чупата. Утрото оди да 'и тера говедата на говедаро. И затера говедата.

– Море, лигло, зошло ти сношчи толку 'и забаи говедата, зошчо не 'и тераш на време?

– Море, лигла, мрсолка, јас ти ја исправи.

– Како, бре?

– Ами, како? Знаеш бабата кога ти го мачкаше масленце, па коа ти ја опна врекáта на глаа и тоа празот? Си го мислеше праз – ама тоа не беше праз, ова работа беше – моата.

– Како, бре, така?

– Така!

– Е, сега ја сум твоја, друг никој. Тебе ќе те земам.

И си отидоа дома, ѝ вели на мајка ѝ:

– Мајко, јас ќе се мажам.

– Како, мори?

– Ќе се мажам и говедаро ќе го земам.

– Како говедаро, мори? Селски говедар ќе земиш, сирома. Како така, ние толку богати, како?

– Осен говедаро друг никој, ако сакате да ме дајте, дајте ме, ако не јас ќе се отепа... Тој ќе биде и нишчо друго.

Видоа не видоа, пристанаа, си го зедоа говедарот и си го доведоа дома.



## 47. ШЌО СИ ПРАЈЛ, ТО СИ ДОЧЕКАЛ

Биле маж и жена. Овај, од многу шќо е сакал жената е завикал: Кривапичка! Коа ќе дојт од дрва со магарето – комшиите си слушат – тој ѝ викат: „Излези, мори, Кривапичко, да го расториме магарео!“

Таја се страмувала. А тој то ѝ го нарекол шќо толку е сакал. А не мислел оти таја се страмит. Таа, ден уз ден, ден уз ден, се јадосувала. Едно време дошол некој си прематар со прстенчиња и со накити, со рабоќе во селото. Се собрале жени. Една прстенче одбират, друга гушниче одбират, треќа ова, четврта она... Ова седит, си ќутит отстрана и останујт последна. Се растуриле жениве други и му велит на прематаров:

– Ти мајстор си?

– Мајстор.

– Ами, ти ’и работиш овие?

– Ја. Ја ’и работам – велит.

– Слушај вамо, бре: маж ми ме нагрдејт, ми викат Кривапичко! Па, ако си мајстор, дојди, ако можеш да ми е исправиш. Седам во таја куќа. Ќе те чекам, маж ми не е тука.

– Добро – велит – ќе дојдам.

Е, тој дур се подготвил, таја отишла дома, заклала еден петел, добро јадење му напрајла. Овај се јавујт кај женава. Таја му велит:

– Идај, идај горе!

Отишол тој горе.

– Е, – викат – ти ако си мајстор, вака и вака е работата моја. Дали можеш?

– Можам. Ќе ја исправиме... Лесна работа.

Е издлжил на кревет убо и почнал... Гнетол, гнел дур му било доста. Поистргај се чинел, попули се:

– Ај, уште малу, уште малу да се исправит!

Најодѕади, ко се задоволил:

– Сега, жено, е права ко пушка! – викат.

Е, ова радосна оти с' исправила. Мислила да ѝ е вистина крива. Дошол маж је. Викат:

– Слези, мори жено – Кривапичко, да расториме магарео!

– Е, доста, пусто име да ти останит. Помина еден мајстор и м' исправи... Ко пушка је – велит – ко пушка!

– Од кај беше мајсторот? – велит маж је. – Од кое место? Знајш ти?

– Знам... Беше од струшките села. Добар мајстор!

Увидел маж је дека е крив, тој дотерал до тоа нешто да бидит. Ништо не ѝ рекол на жената. Ѝ велит просто:

– Жено, утре ќе напрајш една погача. Ќе одам ја на далечен пат. Ќе се вратам.

Овај за да му вратит на мајсторов се напрајл питач. Искинат во алиштата парампарче, конец за конец алиштата, одит во Струга, прашујт тој златар кај се наоѓат, од дуќан на дуќан. И го наоѓат ќуфенџијата. Му влагат внатре в дуќан.

– Мајсторе, ме глеш каков су, до кое дереџе дојден... Да живеам немам. Ќе ти работам само за корка леб. Ништо ти нејќум друго: пари не, ништо! Само за јадењето. Што ќе ми речиш, то ќе ти работам – велит.

И овај, златаров, се помислил, се помислил.

– Добро, да појдам, да е прашам жената.

Отишол, е прашал.

– Добро, ако е само за лебот, земи го, нека работит – му велит таја.

Дојдујт тој на дуќан. Велит:

– Добро, ќе те земам. Ќе ојме дома, ќе те однесам.

Го однесол дома. Му задават рабоќе: ова, она... Работит све што ќе му речит. Златаров имал и лозје. Дошло време да го берат, да почнат во една ден сите. Било пазарен ден. Мајсторот му велит на момоков:

– Слушај, бе, момок: ти ќе ојш со женана на лозје! Денеска е пазар, ја не можа да дојдам. Ќе берите што ќе мојте да наберите. И припази.

Мајсторов бил Турчин, па жената да е припазол, да не наишол некој, ова, она...

– Добро, мајсторе, све ќе напрам шо ќе речиш.

Ко отишле на лозје, брале. Таман кон девет сатот, ко се згорешќило, и се соспало на Турчинката. Велит:

– Море, момок, ја ќе легнам малу, ти варди некој да не поминит.

– Добро, ќе вардам.

Таја носила и накит, златен, на гуша. Таман заспала, овај кроце кроце и го откопчујт ѓерданот, си го земат в џеп. Ова ко се пробудујт, гледат: нема ништо!

– Еј, момок, ела вамо!

– Шќо е?

– А бе, вака и вака... Ѓерданов ми го нема мене – велит.

– Не се тревожи, кадан, не се тревожи. Лесна работа.

– Еј, како лесна работа? Го немат. Маж ми ќе м'утепат.

– А бе, ништо живо не помина... Само, ти го лапна тебе пустината!

– Е, бога ти, како така?!

– Така, ја видов.

– А то, чаре?

– Чаре... ја имам едно ваѓалче. Лесна работа, ќе г'извајме.

Ја оддлжил убо, е избричил, шибал, шибал, дур му било доста. Тап, мајка, ѓерданот го наврел на ваѓалчето. Го е ваѓат...

– Еве го, кадан, готоо е! Да немаш гајле.

С' израдола та, до тука бидујт. Отишле дома. Па му велит:

– Ни загина и едно котле нас, стребрено.

– Е, да пробаме, да пробаме дали ќе можеме да о фатиме...

Удрил, удрил, удрил. Велит:

– Кадан, лошо е завртено: со газерот надвор, со рачката внатре! Да о зафата никако не можам. Сите сили е употребив, ама не можам.

Дошол маж је. Му кажујт женава шќо се случило преку денот. Ѓерданот је го лапнала пустиңата. И велит:

– Благодарение на момокот, да е жив, имал ваѓалче. Ми г' извај!

– Како така?!

– Така! Па и котлето шќо ни загина, то стребреното, и то го ваѓаше, ама со газерот било завртено напред, внатре со рачката. Никако да го зафати.

– Како – велит – и то ти напрај?

– И то.

Ко дошол момокот, му велит:

– Слушај вамо, бе! Ти шќо си напрајл?

– Еј, ја напрајв. Ти мајстор беше за исправање пички, а ја пак за ѓердани ваѓање! Шќо си прајл то си дочекал!

И завршило така.

## 48. КРИВАПУТКА

Некој поп ѝ викал сѐ на попадијата: кривопутко! Арно ама, на неа и криво паднало оти да ѝ вика сѐ кривопутко. И се поплачува на комшиката. А па тове поп закачал комшиката. Била она убава и се закачал. Она си се кажува на маже си. Попадијата што ја закача попо: оти ѝ вика кривопутка. И се договараа какво да напраат малку да го излулаа циганската тове поп.

Арно, ќа ќат да напраат.

– Ќе речеш ти на попо довечера нека дојде при тебе – вика мажо, па на неа ќе речеш нека дојде при мене, јас да исправа путката на неа.

Арно, дооди попо. Са феднага дооди и мажо. Она затворила го попо фоф ѓуклуко. Мажо вика:

– Жено, нешчо тропа фоф ѓуклуко: глушец има. Дај жеголаче, да го утепам!

Отвара, куга вижџа – поп!

– А, попе, шчо тераш тува?

И оттука шчо ќе да му направи друго, фата обричува му брадата. Таман му обричува брадата, туку дооди попадијата.

– Е, ти попадике, на тебе ти е крива путката ле?

– А-а, крива ми е. Попо ми сѐ вика: кривопутка!

– Де, попе, држ' светло сос забите (не знам дали знаете тиа светила сос фитил гореа, сос тиниќија направени, та има рачка да се закачаа на ѕидо), д'исправа јас на таа жена путката.

И фата та пред попо натрга го на попадијата. И отпушча 'и, одат си. И заранта попадијата вика:

– У-у, попе, дека ти брадата обричија?

– Дека ти на тебе – вика – путката исправија, тамо ми на мене брадата обричија!

## 49. ЗЛАТНАТА БОЈА

Седеле маж и жена дома. Си имале некое ниско куќиче, пенџерињата биле полојна метро до улицата надвор издигнати. Мажот, загледуејќи се во жената, ѝ вели:

– А, мори жено, многу си слатка, се уба на тебе. Уште онаа да ти је златна многу поуба ќе ми бидеш!

– А бе, мажу, така је, ама господ, ете, не остајл д' имаме златни.

– Ќе ти је напрам, жено, не бери гајле, ќе ти је напрам. Златна ќе ти ја напрам!

Кога они го прајле тој разговор некој си мине по улицата, слуша разговоров и застанује до пенџерето. – „А – си рекол – добро е: овде ќе падне златна утре сабајле". – И си иде чоеков.

Сабајлето домаќинов си оди на работа, а чоекот иде и так, так си чука на врата.

– Шо има?

– Вије ли сте Рајна на Ристе?

– Е, ја сум.

– Е, ме прати мажот да ви је позлатам.

– Леле, вистина муабетот синојќен го исполнуе, го прај!

– Ајде!

– Ами за пари?

– Лесна работа је, мори жено. Није се погодивне сос него. Лесна работа је!

– Добро, мајсторе, добро, што треба?

– Не треба ништо. Соблечи се, легни на креветот, одма идам ја.

Мајсторчево си влегује у соба, море ракииче, море винце си црцка вамо-онамо, додека му се наострило куренцето. И си флегује внатре и је гла женичкава пред него голка.

– Може ли, мајсторе?

– Може – рече – одма.

Фаќа ѝ го тргнуе еднаш, ушт еднаш, ушт еднаш, додека му се наситује душичкава. Најпосле зима од бојата, ја растворује малкучка, разбираш, и почнуе со четката да ја бојадисува. Ѝ је набојадисуе со златна боја и ѝ ги закачуе нозете горе з еден дирек. И ѝ вика:

– Немој да мрдаш сѐ додека мажот ти не дојде вечер!

– Ами, мајсторе, ние прајме муабет и на ќерка ми д' и је позлатите.

– О, уште поубо! Ајде, нека дојди и ќерка ти.

Ја кутнал и незе на кревет, си напрај ќефот. Со четката и нејзе ја набојадиса со златна боја. И незе ноцињата и ги закачује.

– Што чини, мајсторе, што чини?

– А бе, ние се пазаривме две лири, туку што ќе даеш – дај.

– Ау, како така? Ја нејќум да го погазам лицето на мажот ми. Зар он бил толку паметен, муабетот одма го примил – фатил мајстор, па ја да го одбија пазарот! Не, еве ти, мајсторе, две и пол лири.

Кога с' иде вечерта мажот и глеа нозиве на женава и на ќерката напрчени. Кога ќе види има што да види.

– Што е, бе, ова мајчина ви?

– Ту, види го, што је чуден! Ами ти нели си пратил мајстор да ни ги позлати?

– Како сум пратил мајстор?! О, да се не најде куќата што има пенцерења на сокак, да не мојш муабет да си напрајш асолен! – Многу убо си напрајла, жено! Алал нека ти је! Сега вистина ти е златна!

## 50. ГУРБЕТЧИЈАТА И ЖЕНА МУ

Си бил еден млад чојк. Си ојшол на гурбет. Тамо поседел и си дошел дома. Жената му – млада. Ноќта со се милуале, је велит:

– Мори, не си ко онамо... Многу знат... знат да лежат!

И та си го клала то в ум.

Еј, поседел, поседел така и си ојшол пак на гурбет. И таја си го имала то в ум. Си врвела крај едно школо. А тамо – учителот си школуат децата. Како шќо ќ' им речет – така: „Рацете кренете 'и горе!" – ќи кренат. – „Долу!" – ќи кренат. И таја стојт, му се пулит. И си рекла со умот: „Онај требет да знајт за сè да го изведет чојка!" Та – навредена од мажа је: не знала да му мрдат!

И сетне, влегле децата ф школо и та му влегла ф канцеларија.

– Учителе – велит – те гледа со децана многу убо си 'и школуеш. Дали знајш за ова работа... да ме извежбаш. Вак' и вака, ме навреди мажот ми.

– Уф, за то колку да сакаш можа! Како да сакаш, така можа да те научa.

И пушќил децата и си а извежбал тој, ко шќо знал. Си ојшла. Поминало некоја година, си дошел мажот је и си легнал со женава.

– Еј, жено – велит – сега ме задоволи. Многу си с' извежбала. Многу убо!...

– Е-е, море, мажу, да не беше учителон, ја не оти ќе знајф како. Тој многу знајт за сè чојка да го извежбат!

– Еј, добро си напрајла! Ја има кабајт – велит тој.

## 51. ПОПОТ ШТО ГО ДОПРАЈЛ ДЕТЕТО

Некој младич се оженил, поседол три-четири месеци со жената и отишол војник. Кога заминал жена му останала тешка. Ден за ден, нарастила жената прилично, да е погледнит човек можел да видит да е бремена. Еднаш било причесна и жената отишла ф црква, по обичајот. Попот кога ја видел, ѝ се исчудил. Му се допаднала убавата женичка. Е запрашал:

– Невесто, ти од која фамилија си? Кај си, шќо си мажена?

И таја му разложила сѐ, мислејќи дека попојте и оџите се многу побожни, да веруваат од бога и така... И та му раскажала она шќо знајла. И попот ја прашал:

– Маж ти кај се наоѓат?

– Мажот ми је војник – рекла.

Кога видел тој оти немат таја маж дома и немало никој во куќата ѝ рекол:

– Страм да му бидит на твојот маж! Ваква уба жена и така лошо да ѝ мислит.

– Зошќо, бре, попе, лошо да ми мислит?!

– Па – рекол – то шќо го носиш во меот, то не ти е допрајно.

Жената се опчудила:

– Како, бре, да не ми е допрајно?

– Па, не е, бре! Го запрајл тој и не го допрајл, си заминал војска.

– А то сега, попе? Аман, з'аман! Шчо чаре да прам ја? Како да се мола на бога, да ми се допрајт?

И попот рекол:

– А бре, ја можам да го допрам, само су стар чојк, ете, да ме не мачиш.

– А бре, аман, попе, шо чинит ќе ти плата!

– Е, мадам ќе ми платиш! Ете, ќе се помача, ќе го доработа јас. Ќе дојдам кај вас дома и ќе го допрам.

– Море, те молам, попе – го замолила.

И една ден, кога се договориле, ѝ пошол попот. Ко пошол таму, е фатил невестата, ѝ тргнал едно попско ебење и ѝ рекол:

– Сега детето ти е допрајно. Ако се родит фалично, тогаш да дојдиш да се караш со мене.

Си заминал попот. По некое време детево се породило. Жената видела дека е без кусур детето. Не му фалит ни рака, ни нога, ништо... Радосна, немало повише како да се израдујт. Детето растело. Дошло време да се пушќит мажот је од војска. Ко дошол тој од војска, кога видел како жена му го држит во раце детето, ѝ го зел за да го помилуват, да го бацит, да го гушнит. И таја, жената, му рекла:

– Мрш, тамо, да те немат! Ти не си ми мене маж!

– А бре, како?!

– Бегај! Ти да го сакаше детето, ќе го допрајше. Не г' оставаше недоправено. Едвај попон на стари годиње да го допрајт. Да се мачит попон. Срам да ти бидит.

Тој толку бил бистар и не сакал дури да се издајт на жена му.

– Шќо? – рекол. Па попот го допрај?

– Па, го допрај, сигурно. Шќо мислиш ти?

– Е, па добро, жено. Знајш како е: да беф јас ќе го допрајф, ама војска ти е тука... закон. Мораше да се одит. И ја заминав. Немаше шо да прам. Ја не су кабатлија.

Поседел два-три дена и ѝ рекол на жена му:

– Жено, сега јас ќе одам на работа. Ќ' одам подалеку да барам работа. Имаш некој динар дома, помини дур дојдам јас.

– Добро! – рекла.

Се облекол тој во едни искинати алишќа и отишол божем да барат работа. Место да барат работа, тој отишол и поминал право пред портата од попот. А попот имал две убави ќерки. И кога отишол тој тамо и викнал од портата:

– О, попе, о, попе!

Излегол попот. Ко излегол, му с' испулел вака... Искинато момчево:

– Што е, бре, дете?

– Слушај, попе, вамо: ти си божовен чојк, барем ти гледај некако, за едно јадење да работам кај тебе, оти сега су дојден од војска. Немат шќо да прам. Ќе умрам за јадење, су сиромаф чојк.

Попот го распрашал:

– Ами, добро, имаш нешќо жена, деца, мајка, татко?

– Нишќо, попе, нема. Како шќо ме гледаш вака, и такоф сум!

И попот помислил: „Ја с' имам работа доста (имал и нивје свои, рабоќе други...), па ќе го зема. Нека ми работит, за едно јадење чим је – нека работит."

– Добро – рекол – момче, дојди! Само ќе бидиш поштен, ќе работиш поштено, ќе ме не крадеш, ќе ме не лажиш.

– Не – рекол – попе.

Све и све веќавал, само да влезит во неговата куќа.

– Добро – рекол попот и го примил.

Ден за ден работел, онадел... Едно време дошло некоја слава, се правело на манастирите горе, за Мала Богоројца. И луѓето се збирале во манастирот. Одиле тамо и тамо го чекале ноќта. Цела ноќ тамо играле, се веселеле сите. А попот требало да појдит една ден порано. И попот кога одел за тамо, му рекол на слугава:

– Слуга, слушај вамо сега ти! Ќе ги земиш ќеркиве двеве, жена ми, ќе 'и прегнеш коњине фо фијакерон и ќе ги донесиш утре во манастирот. Само шќо порано ќе дојдиш за да фатат со време веселјето.

– Добро, попе, оди ти без гајле. Ја сѐ то ќе учинам.

Попот заминал една ден порано. Ноќта момчето спало до кај пола ноќ така... И се пробудило, слегло долу, ја прегнало колата, коњите 'и спремило и отишол да ги будит ќерките на попот и жена му. Викат:

– Попаѓо, станујте, оти доцна е, немат време! Да појме со повреме.

И попаѓата рекла:

– Добро, слуга. Се ќе станеме, само нека се спремат девојчињава: да се дотерат малу, да се променат убо. Тамо е слава. Не можат какогоде.

– Ама, попаѓо, дур се спремат тије, дур с'облака, дур се мијат, ќе се преденит. Под манастирот, тамо, имат едно чешмиче. Нека си земат со ними што им треба, на чешмичето ќе си измијат образ, лице, и ќе се преслечат и ќе се препроменат убаво.

– Добро! – рекла попаѓата и ги станала ними.

Собрале то шќо им требало за да се променат, се качиле во фијакерот и продолжеле. Кога дошле под манастирот, ноќе било, тамо имало некоја чешма. Тогаш почнувале здраци да се појават на денот, мала провидливос некоја се покажувала. И ј' однесол на чешмичето. Тије, обете ќерки околу-наоколу вратот ѓердан имале све со златички, една до друга поредени. И тије за да се измијат, ги извајле од себе и ги остајле до нив, до чешмичето и почнале да се мијат. А попаѓата останала ф кола, со слугата. Слугата кришом слегол и отишол кај ниф и покроце-покроце се прибрал до ними и украдел на обете златишките и 'и скрил во себе. Се измиле тије, се преслекле, се променале. Кога 'и побарале златичките за да 'и клат на гушата, гледат – нема! И почнале една со друга да се распрашуват:

„Кај се сторе? Кај ни загина? Одавде кај можат да појдат? Леле, како ќе појдиме сега? Ќе не утепат татко тамо без златички! Како смееме да појме без златички?"

Слугата 'и чул и одеднаш истрчал и рекол:

– Шќо, шќо?

– А бе, златичките! Ни ги немат, загинале!

– А, ја знам кај се тије. Само, не вером да успееме – рекол.

– Море, аман, ако знајш! Татко ќе не заколит. Барај шќо ќе бараш, само златичките...

– А бре, ми е страм да ви кажам, инаку знам кај се сигурно.

– Море, аман – рекле – кажи чим 'и знајш. Немат шќо, само кажи! Татко ќе н' утепат.

– Еј, па – рекол – златичките ви ги лапнале пичките!

И тије се зачудиле:

– Ќако, бе, така?!
– А – рече – то е сигурно.
– Ами, ал сега? Шќо да прајме?
– Ej, па јас можам да ви ги извам, само ако сакате.
– Аман, слуга! Аман, то арно учини го! Ќе н' утепат татко, свршено!

И тије се тргнале во шумата. Ја одвел прво едната, е легнал на плешти и е го клал курот внатре и божем ја бацуват по лице со едната рака го ставил герданот на него. Кога е измрдал, убо, ко г'извајл курот и ѓерданот паднал од него.

– Еве го – рекол – гледаш!?
– Брго, сестро, брго! Мојот ѓердан се најде. Брго и твојот нека се најт, побрзо! – велит.

И таја одма дотрчала. Ушќе неиспулена, је го закопал и не. На исти начин го шушќал долу ѓерданчето. Ко слегле долу, тије на мајка ѝ рекле:

– Мајко, знајш шќо? Златничките беше ни 'и лапнале пичкиве. Едвај успефне да ги најдеме. Оти ако не беше слугава не мојфме да 'и најме. Ами, стреќа, слугава беше знал да 'и барат. Го лупна внатре, сполај му, па 'и извај и мојте и од сестра ми.

И таја тогаш, попаѓата скокнала, рекла:

– Аман, слуга, чим си можел ти така да бараш, мене уште ланска година ми загина едно котле и да го најда никако не можам. Види ова пустина да не го лапнала и него!

– Ај – рекол – ќе ти учинам и тебе то арно.

Е сметнал од фијакер, е фтерал во шумата и ѝ го закачел. Е дупел е дупел, е дупел... и ќе издивнет:

– Ах, не можам никако! Свртено е со газерот од н'опаку. Да беше со рачката нагоре, ќе г' изм'лкнеф, ќе го тргнеф. Ама, му е газерот свртен од н'опаку. Да г' изва – рекол – не можа никако. Нека си стојт така!

И немало шо да прајт. Котлето, божем, ѝ останало внатре. Се спремале, се качиле во фијакеро и радосни отишле кај попот. А попот тамо кушат, се молит на бога.

Ги однесол на славата во црквата и се вратил назад.

## 52. ПЛАЧЕЊЕТО НА ПРЕСНИОТ ГРОБ

Некој слуга бил у некој поп. Поминували по пате и виделе некоа ожалостена жена, прилежна ногу, плакала на гробиштата. Плачи – крвави тркала на некој пресен гроб. Они с попо ка минали, к'одили некаде по работата, попо вика:

– Е, сирота жена, умрел ѝ маже. Виш, плачи – крвави тркала... Шчо праиме?

– Шчо ќе ми дадеш, попе, јас таа жена д' иа да а еба?

– Ка, бре? Таа е ожалостена. Там на гробо ќе маане да те строши кутлицата.

– Шчо ќе ми дадеш, јас да ѝ сврша таа работа?

– Мулето ќе ти дам.

– Добро. Скри се ти доле фов валтата, качи се там на таа ќиселица, мулето нека пасе. Јас шчо ќе праа, ти само гледај.

И оттука оди и он, гледа некој попресен гроб и се пуунува на гробо. Плачи и он ошче повеќе од неа. И она погледнала: маж плаче! И оди – тамо си е адет на гробишчата да претвара кој на кој поујаде – и вика:

– Оди, баче. Зашчо плачеш?

– Осте, невесто, не ме пите. Моата душа знае зашчо плаче.

– Баче, и јас плаках, плаках, нема фајде.

– Зарежи! Ти мож да не си крива. А јас кат сам си виновен, зашчо да не плача?

Е, са вече поусталожила го да не плаче. Вика:

– Кажи ми, зашчо па толку плачеш?

– Jà зашчо – вика: тове пушчина ми е толкав. Она вика половин го тури, јас цал, ако не е не мога... И одеднаш напнех и умре...

– Баче, и на мене не ми се живее. Ако може, дај и јас да с'умра. Дај и на менека!

– А, море, невесто, тува се гробишча, греота е...

– Не ми се живее. Ако мош така лесно да се умира?...

Са она е каил од това да умре. Од ќотек не е.

– Е, добро, ајде ќ'излезем од гробишчата вонка. Само, ај ќ'ием на сенка, под таа тамо ќиселица.

А попо на ќиселицата. И тие легнуваа. Мешнал, а не бил толкав.

– Де море, мушни!

– Е, мушни, мушни! Шчо ќе мушна?

А попо вика одозгоре:

– Мушни, мушни, д'еба вашча маќа! На мен муленцето оти ојде, не гледаш?

## 53. НЕВЕСТАТА И ПЧЕЛИТЕ

На една невеста не ѝ се држали пчелите. Писка, вика: „Пчелите ми са умрели, пчелите ми са умрели! Шчо да чина, ка да чина, какоф лек да им најда да ми останат?"

И јавило се некое момче од некаде.

– Невесто, тизека питаш пчелите нешчо ти ѓинат?

– Ѓинат ми пчелите, измреа сѐ: Ошче малку имам тамо. Сѐ ми фоф уленико измреа, лек да ми тераш.

– А, невесто, леко е у мене. Јас ќе 'и излекувам.

– Кажи ми, братче, каков лек?

– Час куга се стевни, ќе земеш тизѐка една мотовилка и едно кросно, та ќе јаанеш кроснотó, јас ќе јаана мотовилката и ќе им баа тамока. Не ќе вече да мриат пчелите.

И веќе стевнило се. Земала мотовилката, земала и кросното, ошли при уленико.

– Ако не сме – вика момчето – голи, не мош да се фане баењето, да оздравеат!

Соблекли се голи, јаанала она кросното, јаанал он па мотовилката, сос мајата да бае да 'и оздравеа пчелите. Е, изобиколили трипати голи и он бајал на мотовилката: „Мат, мат, мат!" Па она викала: „Брз, брз, брз!"

Ка изобиколили трипати мленико и ка а палкала, кросното по газицата, там ѝ дошло на ак'ло:

– Мили братче, мили, брцни го та макар ни една да не остане!



# 54. ЖЕНАТА ШТО СЕ НАШЛА ВО НЕБРАНО

Биле маж и жена. Имале еден петел, им одел во комшиите. Еден петок навечер, спроти сабота, со домаќинот се разговарале што да станит со петелот. Мажот не бил толку мераклија на месо и викат:

– Утре е сабота, земи го, жено, петелон, продај го!

И во саботата го носит петелот таја в раце и одит низ чаршија да го продават. Ама, женава, многу згодна била. Некој си е сретнал и е прашуват:

– Жено, колку петелоф?... Колку пари?

– Сто пари.

Овој премислил на кој начин да е однесит до дома, докај него, викат:

– Добро! – извајл пари, е дават. Подаве си ѝ повлекујт.

Ова го прашует:

– А бе, зашќо се пишмани? Скапо ти е?

– Не е – велит – скапо, само ја имам жена и толку убаво живееме со жената... Што да праам, е прашувам не. Ако таја се сложит, ќе го купам. Ако продавам нешто, пак не е прашам – толку многу убо живееме.

И женава викат:

– Далеку седите?

– Не, овде, под варош седиме.

И ојт тој напред, жената по него – сосе петел в раце. Одат горе, дома, се качуат по скала. Е наоѓат жена му. Си пекла леп. Гледат: маж је влагат, по него – жена.

Овај е прашал:

– Жено, што велиш ти, да го купам петелов од женава, али не?

– Па, што ме прашуеш? Ко си решил да го купиш, купи го – го пофаќат, велит: петелот, голем, ефтин, џабе...

– Ајде, жено, да слезиме долу – велит овај.

Долу имале една одаја, влегле внатре. В одајава – нишќо друго, сем еден амбар, подигнат колку една длан над земја. И ѝ подават париве тука, на врата. Женава,簡 posemajќи париве, петелот ѝ скокнујт, се пикнујт под амбар здола и ова – услуга да му напрајт на домаќинот, се навалујт да го фатит петелот под амбар шќо бил. Се навалујт и овај, е го засукујт фустанот и прајле работа... И ова шќо ќе прајт? Да викат, немат... Во небрано лозје била, во туѓа куќа. Ништо. Си излегла, си заминала. Дошла вечерата. От ко вечерале, му текнало на маж је да е прашат:

– Мори, жено, ти што напрај со петелоф? Али го продаде, али не, не те прашаф.

– Го продадов – рече.

– Еј, колку пари?

– Сто пари.

И овај дека ефтино го продала ѝ звикал со затегнување:

– Ама те мрднал!

Женава помислила пак мажот да не е гледал кога е ебал тој тамо. И велит:

– Море, пус петелот д' останит! Скокна под амбар. Ја се наведоф да о фаќам петелоф, да не му избега и тој ме еба. Та, инаку, пусто име ќе му останеше, шќо ќе ме работеше.

И така му кажала на маж је што напрајла.

## 55. БУТНИ ГО, НЕ ГО ТРЛАЈ

Един татко имал син, ама бил непокорлив на татко му. И го лагал: „воденица прави".

– Синко бре, каде одиш тизе та те нема за работа, а пари зимаш? Викаш, воденица правиш!

– Права, бе татко, права воденица. Само оште колото да замеле. Туку ми дај пари да купа три коча. Ќе ги откарам покор царската кашта.

Тове му дал пари и купил три коча. Ошле кае царската кашта. Пасол кочовите. Излезнала најстарата царска штерка. Видела убави кочове.

– Ej, бре момче, дај ми един коч од тиа?

– Ќе ти дам ама ако дадеш да ти вида нозете до колената.

И таа си рекла: „Па што ќе биде от ќе ми види нозете до колената, само да му зема коче?" Подигнала фастане. Видел ѝ нозете до колената. Дал ѝ коче. Другата царска ќерка и она искала да му земе един коч, като видела од сестра ѝ. Дошла царската ќерка тамо:

– А, бе момче, што пасеш туа по нашите бахчи кочовите? Ќе ти зема кочовето да ти откарам.

– А-а, не може! Пари сам броил за тиа кочове. Какво ќе ми ги земеш?

– Ти си пари броил, ама пасеш по нашите бахчи.

– Е, ќе ги откараш, ама дај да ти вида нозете од колената до газо!

– Е, срамота е това што викаш.

– Е, па срамота е и оти ќе ми земеш коче.

Ајде, ајде пресрамила се, запрчила се. Видел ѝ газо. Дал ѝ коч. Најзадната штерка рекла: „Сестрите ми земаа

кочове, та и јас ле да не зема? Ќе се пофалим на татко сос кочове." Ошла.

– А, бре момче, шо пасеш туа по нашите бахчи?

– Оти да не пасам? Това е трева, нееќете вие да пасете, стоката ќе а пасе.

– Ќе ти го земам! Ќе те убиа туа што пасеш.

– Немој, бе моме, немој! У твоите очи сам се заљубил. Сакам да те пољуба.

– Е, ако е за љубљење пољуби ме, па ми дај коче.

И тове едвај чекал. Мрднало му куренцето за најмладата оти е била најубава. И рекол:

– Ќе ти дам коче, ама да го потрлам покор путката ти малку!

И таа видела не видела рекла си: „Па што дека ќе го потрла? Коче да му зема." Пристанала.

А го потрлал а по земјата го повлекол. Ка земал да го трла покор путката, вжегла ѝ се путката. И рекла:

– Бутни го, бутни го! Не го трлај!

– Не мога, нема кој да е воденичар!

А татко му од гредата озгоре:

– Бутни го, синко, ја ќе сам воденичар!

## 56. ЛАЖНИОТ АБЕРЏИЈА

Во едно село имало собор. Некое момче од друго село дошло на соборот и видело една многу убава невеста. Ашик останал по неа. Се распрашал која е, чија е, каде седи. Така разбрал дека мажот и бил војник. Штом чуло дека невестата е без маж, момчето веднаш скројало марифет како да ја клаи в рака.

Приквечерината, кога свршил соборот, тој чукнал на нејзината порта. Му отворил свекорот на невестата.

– Добар ден, дедо! – му рекло момчето.

– Добро ти бог дал, момче! – му одговорил дедото. Кого бараш, момче?

– Дедо, јас сум другар на Стојана. Во иста чета служиме војска. Ви носам абер од Стојана.

Дедото се израдувал и свикал:

– Жено, снао, бргу ваму, момчево носи абер од Стојана!

В куќи тие почнале момчето да го распрашуваат за Стојана. Момчето било многу итро и раскажувало и што знаело и што не знаело: дека Стојан бил здрав, дека бил добар војник и дека скоро ќе дошол дома. Кога веќе се стемнило, момчето станало да си оди. Дедото му рекол:

– Момче, не бива, не те пуштам ноќе да се враќаш во твоето село. Далеку е... Остани кај нас вечерва, па утре, здравје боже, денски оди си.

Момчето тоа со душа чекало. Останал кај нив да преспие. Стариот тогаш и заповедал на жена си да меси една погача и да испече една кокошка.

Разговарале потоа што разговарале, додека стасала вечерата. Седнале да вечераат. Момчето кришум, под со-

фра, почнало да ја пофаќа невестата. Оваа ќутела. „Е, што ќе биде, ќе биде вечерва" – се израдувало момчето.

По вечерата, се приготвиле за спиење. Знаеш, тие сите спиеле во една одаја. Послале во едниот ќош за момчето, во другиот ќош си легнала невестата, а во третиот дедото и бабата. Момчето чекало, чекало... Кога бабата и дедото за'ркале, тоа лека-полека се прибрало до невестата и веднаш ја налегнало убаво, убаво. Онака загорена за маж, невестата почнала да офка, да стенка... Дедото се разбудил и привикал:

– Што праите вие, бре, таму?

Момчето се исплашило и рипнало да избега. И дедото рипнал и сакал да го фати. Имал в рака некоја голема крпа. Во темницата, не знам како, сакајќи да го удри момчето со крпата, го фатил за алатот и му го избришал. Момчето успеало низ врата да избега. Дедото од прозор свикал колку што можел посилно:

– Сељани, бре, сељани, држте га... Држте га, бре!

Мислејќи дека е некој крадец, селаните припукале со пушки, арно ама момчето веќе било далеку.

Дедото седнал на едно столче и фатил да офка:

– Оф, море едеп'сзу еден, такој ле бива да не излажеш сите? Оф, мори жено, ти погачу му меси и кокошку му испече! А ти, невесто мори, пичку му даде! А јас, јас кур му избриса! А сељани, сељани?... Сељани п'к с'с пушке га испратише!

## 57. НА БОЖИЌ КУКОВИЦА КУКА ЛЕ

Некој човек оженил се. Имал си невеста и така си живеали. Арно ама, он иде на работа некаде далеко. Невестата, това-онова, уједисала се с един шумар ф селото, они били на колибата прво.

Дојде шумаро, скрие се одонат ф осоето имало кладенец, и после завика: „Куку, куку, куку!" – кука. Невестата земе грнците, ќ' ие на вода и там сос шумаро да се видат... Де денеска така, де утре така, сека ѕаран доди куковицата да кука, там невестата оди. Куга маж е приметува таа работа: приметува оти куковицата кука па еднаш вика: „Стој, да вида јас таа куковица каква е!" Таман почнала куковицата да кука, невестата грабне грнците, ќ' ие на вода. Мажо зарижџа воловете, оди ф осоето, се скрива и гледа шчо се работи тамо. Невестата јадење однесе, пиење... Добро ама, мажо само гледа шчо се работи. Глеа, едно шчо не бива! И таман си ошла дома невестата, он ја преварил. Фата еден палечник од ралото, нажежува го, така мераклиската. Ѝ доди невестата. Вика:

– Ти каде беше?

– Е, одих на вода.

– Е ти, невесто, оди на вода, ама каква е таа куковица ф осоето? На Божиќ куковица кука ле? Това не мош да биде!

– Шчо а знам каква е. Таа беќи е некоа циганска куковица та јас не сам ја ни чула.

– Е, шчом не си ја чула, са ќ' а видиш.

Зема палечникот и – со извинение – изгорел ѝ газо. Арно ам тове шумаро не знае шчо бива. Утре невестата

легнала болна сѐ е опрлена. Доди шумаро ф осоето, кука: „Куку, куку, куку!“ Добро ама, момчето ѝ немало на невестата дома, она отвара прозорецо и се подига – од сресшча му вика:

– Еј, куке, куке, пушчино! Гнездото ти изгореа!



## 58. ЕДНАШ ПОПОТ ВИ СОМЛЕ БРАШНО

Имало некоја млада невеста, бргу мажена. Момчето ѝ било некоаш овчар, некоаш орач, не се вртело по дома. Во комшиите имале пак поп. И тој – попот – на сабајле кога излевал на бунаро да се мие очи, само се пулел кај невестата и правел: еее, еее, еее! и подвреснувал како прч.

А таа чим ќе го чуе попот така ќутечкум ќе си влези дома. Попот ѝ досадувал неколку дена така на сабајле. И решила невестава еден дена да му кажи на момчето. И му кажува:

– Вака и вака, вој поп ми досаѓа, не можам да го трпа!

– Ами шчо ти прави?

– На сабајле ќе дој да се мие очи на бунаро и јас ако шетам по дворо, само ми вреснува.

– Е, како ти вреснува?

– Ами, ете, така ми вреснува: ќе излези да си мие очи и ќе се опули кај мене и ако се опулам јас натаму и тој прави еее, еее... Така, прч се прај. И шчо да права од него?

– Утре, ко ќе ти вресни, ќе му вреснищ и ти. И тој ако те праша, ти ќе му речиш: дојди вечер!

Добро, а таман другата ден испаднала невестата и нарочно се шета низ дворо за да испадни попо. И попот отишол на бунаро да се мие очи и вреснал на невестата. Таман тој вреснал еее, еее, и таа вреснала еее, еее, еее.

– Кога да дојдам, невесто?

– Дојди вечер. Мажот ми не бидува тука.

Е наредила работата. А мажот и невестата си имале воденица шчо меле брашно, ама со коњ, врзан. Го врти каменот и се мели брашно. Попот дошол вечерта.

– Добро вечер, невесто!

– Добро вечер! Иди работата, сето е готово: ја заклав гуска, кафе сварив, да вечераме и ќе спиеме.

– Добро, ами мажот не е тука?

– Не е, тој на пазар отиде.

По малку време, уште неиспиено кафето и не вечерани, тропна некој на вратата.

– Кој е тој?

– Ами, море да не е мажот ми, да се вратил од пазар!

– Ами шчо бива работава?

– Ами шчо ќе биди! Слушај, оди ти кај коњот тамо шчо врти. Поврти малце така мажот ми да не сети, ние дури да вечераме. Поврти, трошка има царевка тамо, некој кутел, ќе паѓа по некое зрно, ќе се мели. Поврти малце на камено, мажот ми ќе вечера, таман ќе си легни и јас ќе дојда ќе те пушта. Друго чаре нема.

Се навати попо. Отиде невестата и му кладе амутите.

А го врза таму и влезе мажо.

– Еј, шчо прајиш?

– Ете, нишчо, седам. Еве, зготви вечера, те чекам да си дојш да вечераме.

– Е, добро! Ново нешчо, шчо има?

– Нема нишчо, сè е арно. Седи, мажу.

И си седнал да се одмори човекот.

– Оној пусти коњ што нака полека оди? Ко ќе се сомеле она пуста царѐвка? Да не не го напој вода?

– Ами поен е, како не, го напоив.

– Го назоба?

– Го назобав, како не.

И па туа имаше едно пенџерче, викна одавде:

– Ди-и! стопанката! Да не доа таму, да одиш посилно малце, да а сомелиш царевката!

– Добро, добро, ќе оди тој – му вели невестата, ќе оди, уморен е, одамна мели.

И таа невестата кроце, кроце појде до пенџерето, му шепна:

– Врти побрзо, оти ќе дојди мажот ми, ќе те види оти си ти, ќе те заколи.

Попот кутри али врти, али врти, али трча, али трча, трча, трча... Се умори, се спотна, течи вода. Е па, едно време си вечераа, се спремаа да си легнуваат. И си легна вој и она отиде:

– Слушај, попе, да те пушчам.

– Пушчи ме...

– А бе, за онаа работа шчо беше дојден?

– Не, не, не, пушчи ме да си ода, та таа работа нека е...

И кутриот поп го одврза невестата и си отиде дома. И по некој ден ја праша мажот ѝ:

– Ти вели сеа?

– Не – рече – не ми вели.

– Ај, пробај го да видиш дали ќе ти се одзвие попот.

И едно сабајле ваа испадна во дворот и го виде попот оти се мие очи на бунарот и му направи:

– Еее, еее, еее!

И попот и вели:

– Ааа, ааа, снемате брашно? Море, еднаш попот ви сомле брашно, ушче еднаш не мели!

## 59. НЕДО, МОРИ, АМА БЕЛИ НОЗИ ИМАШ

Некое време си бил некој поп мераклија, он повише си гљал жените отколку црквата. И си одел покрај чешмите, покрај фурните, обично тогаш кога жените се збирале таму. И една ден ја гља бела Неда, иде на чешма оддалеку.

– Е, Недо мори, ама бели нози имаш!

На женава ѝ се досадуе, му кажуе на мажот:

– Мажу, од овај поп глава не можам да кренам, туку што да му прам?

– Само едниов поп ли те задева?

– Како едниот? Од тројцата – рече – глава не можам да кренам.

– Не бери гајле, жено, кажи им утре некȧ дојдат.

– Добро, мажу.

Кога утрента оди она на чешма и овај еднио поп:

– А, Недо мори, ама бели ноџиња имаш!

– Да ти стојат на рамо, дедо.

– Кога? Кога, кажи? – рече попов радосен.

– Вечер околу седумте.

– Е, добро – е се насмеал попов и отишол по работа.

Кога по пол сат иде другиот поп.

– Е, Недо – рече – ама бели ноџиња имаш!

– Да ти стојат на рамо, дедо.

– Кога, Недо, леле убава на дедо кога?

– Вечер околу седум ипол.

И треќиот поп стасуват.

– Е, Недо – рече – Господ како те даде олку уба? Бели ноџиња имаш!

– Да ти стојат на рамо, дедо.
– Ами кога?
– Вечер околу осумте, дедо. Дојди, ќе ја свршиме таа работа.
– А, убава на дедо, многу далеку е осумте сатот, кога ќе чекат дедо?
– Што да ти прам, тогај ќе оди Стојан на работа.
Кога околу седумте сатот некој чука на порта. Ова си спрема вечеричка, убо сѐ си дотеруе и отвара.
– Кој е?
– Јас сум, бе Недо, попот.
– О, дедо, бујрум, качи се горе, оди!
И он едно влегол, од врата одма ја граба Неда.
– Чекај, дедо, одмори се малку, имаме време: ноќта е наша, цела ноќ што ќе работиме? Дај ќе̄ се напиеме, ќе си касниме малкичка, ќе си поиграеме. То не оди наеднаш, од врата право пикни го, и јас да осетам малку.
– Убо, Недо, убо, како ќе кажеш, така дедо ќе пристане.
Додека праеле муабет, поминува пол сат. Еве го другиот поп чука на врата.
– Леле!
– Кој е, Неде?
– Што знам, дедо, може е мажот ми? Бргу!
Го пикнала зад една каца зад врата. То кацата она спремала пред време, го пика дедово внатре. Еве го флегуе вторио поп.
– О, добро вечер, Недо!
– Добро вечер, дедо, што прајш, што чиниш, арен ли си?
– Море, не ме прашај толку, не ме виткај. Ајде, давај, да свршиме работа!
– Полека, дедо, софрава е полна, сѐ е спремно за нас. Ич не му се плаши. Цела ноќ ќе поминеме за мерак, со дикат.
Додека праеле муабет, ете трећиот поп чука на врата.
– Леле!
– Кај да се кријам?
– Пикни се у кацава, дедо.

Кога се видат двајца попови – ќутат. И трекиов:

– О, Недо, добро вечер, како си, што чиниш, арничка ли си? – рече.

– Арна сум, дедо, фала богу, да речеме.

– Недо, немаме многу време, осум е сатот... Ајде!

– Има време, дедо, мажот ми е на работа цела ноќ. Сум ја наредила, ќе си поминеме јас и ти цела ноќ.

Додека тие праеле муабет, чука на врата мажов. И она:

– И-и-и, дедо, мажот е ова – рече.

– Аман, каде да се скријам сја?

– Оди, у кацана таму, пикни се натре, па ќе видиме работава после, додека се смириме малкичко. Сигурно забораил нешто од работава? Кога се пикнува трекиот поп у кацата, влегуе мажот од вратата.

– Што има, мажу, што толку си забрефтал?

– Остај се – рече – отидов на работа, ме налутија: на секого му кажувам дека сум купил пушка, никој не ми верува. Дај ваму, жено, то пушката!

Ја зима он пушката и нишани у кацата. Дигни ја пушката погоре, попот слегни подолу, натопи се у водата; па он подоле, он дигни ја пушката погоре.

– Жено – рече – токму во средината ќе гаѓам.

– Аман, мажу, немој, у што ќе тураме расол?

– Море, мајката, ќе купиме нова каца, да ја измерам пушката, да им докажам на народот дека точно можам да гаѓам. Им писнуе три куршума, сите тројца натре ги свиткуе.

– Сја, жено, одма ќе 'и фрлиме, иначе маф ни е работата: попои да отепаш – рече – не е шега работа.

Зимат, го товаруват во една врека едниот. Носејќи го на рамо, на мостот го срекава еден комшија.

– Каде?

– Абе – рече – еден поп се намострил дома, душата ми ја вади цела ноќ. Го свиткав.

– Многу убаво си напрајл, да ти помогна, оти јас да можам уште двајцана да ги свиткам, оти душата ни ја вадат на сите. У поп вера нема, жена не смејш да пратиш в црква.

Фака он од мостот – бум! го фрла доле у то реката. Се врака назад, го зима другиот. Па комшијава:

– Каде?

– Мајчина му, ја уште дома не отиден, тој се вратил назад.

– Абе, како се вратил?

– Море, поп со лесно не умират, бог го оживуе.

– А, мајката негова: во подлабокото!...

Одат, го фрлат во подлабокото. Се враќа назад, го зема трекиот и го носи на грб.

– Што е ова сега? – го праша комшијата.

– Абе, одејќи дома, го сретнав пак, пред порта виси.

– А, дај, ќе му врземе еден камен на гушата, дандалот ќе му го земеме.

Му врзаа некој голем камен, го акнаа у то подлабокото – да не испаднел попот. Враќајќи се назад, поп друг од некое село на коњ си идел назад:

– Мамето твое, затоа предвреме стасуаш, оти на коњ идеш.

Му писнале двајцата, удри, удри, го отепуват и тој четвртиот поп. И него у Вардар натре. Се вратует дома назад.

– Што напрај? – го опитала жена му.

– Го свиткавме и четвртиот, со коњ фтасал. Мајката да им ебам, поп у куќа да не ми влезе од сега.

## 60. ПОПОТ ШТО ГИ ИСПОВЕДАЛ ЖЕНИТЕ В ЦРКВА

Некој ноф поп дошел у некое село. Арно ама како ноф поп мора нешто и да среди. Некој ден минал по пате, гледа: таа невеста убава, па друга поубава; еден ден сришча на пате најубавата невеста. Вика: „Ка мога јас таа невеста да а изработа?“

И ден-два минало. Мора да кајдиса, да избуне. И веќе сришча е и вика:

– Невесто мари, од тука?

– Зашчо, оче, зашчо, кажи?

– Зашчо ти с маже ти таквиа работи работиш и ф петок? Не те ле е грех?

Арно ама, таа млада кат млада, мора да с' огреши: петок не петок, таа не трпи. Тука шчо прави, вика:

– Ам од дека познаваш?

– Јас шчом те вида, по очите знам шчо работиш. Да доеш да се исповедиш!

– Е, шчо мога да се исповедам?

– Ка не, дојди!

И попо оди ф црквата, направја едно маленко џамче и озгоре тура шчичка на конец, сутле од ке светило, оттам мушкало на главата... Ка дошла невестата, спушчи шчичката, натисне а на шиата, заглави е. Дигне ѝ фустане, исповеда а убаво и салдиса. Арно ама, таа ја дојаде зашчо така само неа да а исповеда. Жени кат жени, муабет по муабет: дека оди, шчо оди:

– Ја така, одих да се исповедам.

– Зашчо?

– Ами зарад петок. Тиа работи не смееме да 'и работиме. Одих да се исповедам.

– Боже, ам еле и јас така праа, мари. – А, мари, там ле е попо?

– Там е. Варке додека е там.

Отрчува и таа. Таа кажува па на друга, па на трета. Арно ама некоа будала жена била. Вика, се чуде:

– Така и така: одих да се исповедам, ама ексик да му е исповедањето и сè. Мене така и така исповеда – и кажува на една довица – шчичката ќ' ѝ е спушчена на конец, фустане кренат...

– Па баш ф црквата ле тиа работи да работи? Е, досега ве он исповеда, ама са јас него ќе го исповедам. – Ти си м'чи!

Доди довицата кон попо. Са тове од дека знае дали е жена, дали е довица – жена с фустан! Ка му б'снали очите, само чека нешчо да закачи. На довицата кравата ѝ отелила шарено теле, го поводила и телето и зимала едно лонче млеко. А попо земал да заклучува, ќе с' иде.

– Попе, попе, чеке!

– Е, зашчо?

– Ја ида за исповедање.

– Ам теленцето?

– Него ти го носа за награда, за исповедањето.

– Е, добро, ајде, флази!

Отвара вратата, а телето останало у авлиата тамо.

– Ај, невесто, побрже мушни тува главата от треба да си ода, па гладен сам.

– Мушни ти, да вида, та после...

– Ја така – вика попо и мушнал главата.

Таа му спушчила шчичката и го натиснала на шианико. Смакнала му гашчите на попо, поплискала го млеко. Доводи телето. Додека се цари млекото низ космето, разбираш, телето цица... Намале, 'рга телето, разбираш ле, ќе тера млеко...

Жената му го чека за ручок – нима ти поп, нима ти нишчо. Отрчува да го тера, вратата на црквата отворена а таа вдовицата се скрила зад врата ка ропнала вратата. Жената гледа телето: 'рга – млеко тера. Извикала:

– Жени, варкате! Мое поп је отелил шарено теле...

Телето гладно за цицање, не мош да го откачат од цицањето.



# 61. ОБРИЧЕНИОТ ПОП

Еден поп од Разловци бил мераклиа на една комшика ногу. Добро ама, не е имало време како и што да направи од мажо ѝ. Секој ден она си одила като сите други жени на вода. А попот ја чекал сѐ куа ќе дојде на вода да ѝ потражи:

– Де, мори, кога ќе ми даеш?

– Еј, срам те било, бре попе! Попадиа имаш като кобила, од мене тражиш.

– Попадиата си е попадиа, ама јас искам тебе да те фана.

– Е, друг пат!

Ошла си жената дома. Кажала на мажа ѝ:

– Попот ми тражи. Шо да праа? Како да го одбиа?

– Мари, будало – рекол маж ѝ – не го одбивај! Викни го! Викни го нека дојде!

Другио ден ошла па на вода. Ѝ рекол попо:

– Ајде, мори, куга ќе ми дадеш?

– Ќе дојдеш довечера. Чорбаџијата го нема. Ојде на Виница на пазар. Тамо ќе спие а ти ќе дојдеш и... ќе свршим таа работа.

Попо одвај дочекал да се стевни. Стевнило се, ѝ рекол на попадиката:

– Попадие, јас ќ'иа малку у комшиите. Да спремаш вечера, ќе си дојда порано.

Ошел попо и почнал веќе да а пофата комшиката. Таман се она почнала да брани, притропал маже ѝ. Попот се исплашува:

– Дека да се скриа сега?

Имало во едно ќоше в'на, чешена била и рекла жената:

– Дај да те покриа под в'ната! – Скрила го она под в'ната.

Попо само главата тамо малку оставил да ѕирка, да се не задуши. Улегнал газдата.

– Де, жено, да вечераме!

Вечерали.

– Таа работа, жено, на мене нешто ми мериша като на поп! Тука поп е доодил?

– Ама, не е, бе мажу!

– Не, на поп ми мериша!

Де тука, де таму го тражи. И го најде фоф в'ната. Го тражи, да не испадне договорено. И фанал сега, рекол на жена му:

– Дај, ќе го бричиме на суо попо!

Обричили го попо и го врзали. И го турили ф ќошето тамо, па у в'ната, па го покрили.

– Жено, иди са тизе викни попадиата! Попо е тука, ќе вечераме, ќе штуриме!

Ка дошла попадиата и тове рекол на жената му:

– Жено мари, иди стави на добиците, ама ќе се позабавиш малку.

Жената му ошла да стави на добиците а тове фани па налегни попадиката, па ѝ тупи еден кур а попо гледа ка се изебали едно убаво. Пуштил а попадиата. Ојди си дома. Пуштил го и попо попосле малку. Ошел си попо.

– Еј, попадие, вечерата не е готова? – рекол на попадиката.

– Е, попе, вечерата неќе да е готова. Викнаа ме кае комшиите божем на вечера, та ме ебаа.

– Попадике, тебе те ебаа ами и мен ме мрднаа: фанаа та ми обричиа брадата! Са ме поп направиа баш като магаре!

## 62. НЕВЕСТАТА, ОЏАТА, СЕЛСКИОТ КМЕТ И МУХТИЈАТА

Некое момче и невестата му биле ногу сиромаси, момчето било голо, немало си дреи. Рекла невестата:

– Абе, човече, да ти спечала јас ношческа дреи?

– Ако, жено, ако можеш – спечали!

Излегни она навонка, на бунаро. Ја ти ефендијата тамока:

– А, невесто, ногу си црвена, ама дали мош да доеш до моите раце?

Она си ошла на дома, кажала на маже ѝ. Тове ѝ рекол:

– Иди па на бунаро, речи му нека дое у един саато.

Врнало се, он си седи тамока. Па вика:

– Невесто, искам една дума да ти кажа: дали ќе склониш да тиќ дам една ж'тица само да те цална?

– Ага, може дојди!

– Куга да дојда?

– Дојди у един саато.

Тове се зарадувал ногу, оти ќие при рисјанка, при невеста.

Едно време поврнала се она. Ја ти един селски кмет. И он се нагледал на неа, рекол:

– Невесто, стига оди нагоре–надоле при тове сиромах, еда при мен, пари ќе ти дам таа нош да одеш при мен.

– Ако, ти дојди! Ама ти да доеш поарно е!

– Е, ако, невесто! Тогава ја ќе доа. Мажа ти дома ле е?

– Нема го – вика – он е на пазар. Нема го дома. Сама сам таа вечер.

И един оџа фрлил мерак у неа. Оџата рекол:

– Оџа сам, ама верата ќе изгуба. Имам мерак да доа при тебе!

– Оџа, примам те сос добра волја.

– Е, па коку ќе тражиш?

– Неќу да тража нишчо, малку нешчо ќе тража.

– Е, коку?

– Куга доеш ќе се пазариме.

Арно ама она подредила работата да дое у един саато еднио, другио у два саато, оџата да дое у три. Дошел ефендијата у един саато:

– Добро вечер, добро вечер!

– Ожџлди, ожбулдук – одговорила му таа.

Прибрала го. Рекол:

– Е, невесто, ајде, не се туку улави надоле–нагоре, ела, на ти пари, да свршим таа работа, оти па ќе си ода.

– Чекај, бе, ефенди, ќе свариме кафе, ќе пијнеме, па ќе се соблечеш, ќе окачиш тука дреите на тове клин, па тогава.

Арно ама чукнал маже ѝ.

– Кој е? – рекол ефендијата.

– Мож да е човеко дошел!

– Е, дека да се скрија?

– Ја през вратницата у таа кашча да влезнеш.

Он рипил, та доле на пато гол, на гашчи и на кошула. Не бил маже ѝ, ами тропнал кмето.

– Добро вечер!

– Дал ти бог добро! Флези фнетре, маже ми го нема ат ја сам сама. Ќе те прибера, ај!

Затворила вратата, рекла са:

– Ќе свариме кафе, ќе испиеме по едно па ќе си легнеме: ношта е наша, шо сакаме тоа ќе праиме. Ама соблечи се, окачи си дреите, па ќе се расположиме, ќе си легнеме голи...

Арно ама маже ѝ се обажда од таване, спадне, тропне и па се скрие. Ама кмето соблекол се.

– Е, невесто, кој е? – вика кмето.

– Еле е човеко дошел од пазар.

– Дека д'иа?

– Ја од тука през таа вратница у онаа кашча ќе флезнеш!

Арно ама он ка се цифни та доле на пато гол виси. Куга види и другаре му сос него доле. „Кој си ти?“ Не мош да се разберат. Голи и двата, без капи, без пантолје, без палтишта, само на кошулча и на гашчо.

Е, дошел у три саато оцата. Чук–чук на вратата.

– Кој си?

– Ја сам.

Отворила му. Флезнал оцата.

– Добро вечер, невесто!

– Дал ти бог добро, оца! Ожцлди, ожбулдук?

– Е, не ме питај за ожцлди, туку ајде... Ме чека жената на вечера. Ајде, шчо е наше да видим!

– Де, море, оца, немој токутука од нога. Ќе свариме по едно кафе, па ќе се соблечеш гол. Окачи туа... па ношча е гулема и наша.

Он се зарадувал. Соблекол ќурко, палтото, пантолје нови. Окачил ’и на клино. Маже ѝ усетил куа е флезнал. Чук–чук па на вратата.

– Кој е?

– Ја сам, жено!

– Е, шчо ќе праа са? – исплашил се оцата.

– Ја през таа вратница ќ’иеш у онаа кашча, ќе заперда па неќе да види, сабале ќе с’иеш. Куга заспи, час ќе с’иеш!

Фрлил се и он доле на пате. Куга виа двуица го чекаа доле голи, зазикаа од студ.

– Кои сте вие?

Траат. И тове се са уплашил оти е гол и он.

Арно ама научил се мухтијата дека таа жена е терикат, оти е соблекла тиа мажје. Он рекол: „Кам мен да може да ме соблече некој? Мен не може да ме излаже. Да ми се падне на мен, та нека ме излаже: „Другие ден, ова рекла:

– Абе, човече, а д’иа покор мухтиово двор, беки е вонка, малку нека му мрдне!

Куга заминала она, мухтијата седел на праго и пуши луле тутун.

– Добар ден, мухти–ага!

– Еј, невесто, ка те глеам, да ти рипна а ти добар ден ми кажуваш!

– Ако, мило ми е.

– Може ле таа вечер да доа кад тебе?

– Е, мухти-ага, та ти си чорбаџија, имаш пари... па ќе дадеш и повеќе, нешчо малку, ние сме сиромаси.

– Абе, невесто, таа работа нека е! За пари коку сакаш има. Ќе те постела од петите до главата сос ж'лтици.

– Е, бре мухти-ага, па не се жала шчо ќе дам...

И мухтијата сос радо срце – малку е бил стар – накоравил се, ќ'иде при невеста.

– У кое време да дојда?

– Ќе доеш у полунош, куа нема никој да те види човеко ми е на гурбет.

– Е, ќе дојда тогава.

И зарадувал се мухтијата. Ошел околу три саато, никој да го не види, при невестата, почукал на вратата. Отворила вратата.

– Е, мухти-ага, добре дошел. Ка си се најмел сега?

– Е, невесто, за чуждо ле се не радува човек?

Флезнал мухтијата. Рекол:

– Ај, невесто, ај поскоро, да не узнае моата жена. Поскоро ај, не шетај нагоре-надоле.

– А, мухти-ага, са ми си дошел на госје, па ќе свариме едно кафе... Знаеш, на мухтија шчо се праи кафе.

– Е, ајде, ајде, па ќе ти послушам думата оти кафе ќе ми свариш, па и слатко е оти е од млада невеста.

Едно време, ка испил̀ кафето, рекол:

– Ајде, невесто, ајде де ајде, не шетај!

– А, соблечи се, па си полегни. Јас ќе расукам баница па ќе повеќераме, ќе те скорна и сабале ќе станеш и ќе с' иеш.

Расоблекол се мухитијата, свалил чалмата, на бели чорапе... „Ах – рекол – шчо ѕам начекал јазека. Това никугаш не ми се падало, са ми се е паднало". Едно време маже ѝ почукал.

– Кој чука?

– Е, маже ми од гурбет си иде!

– Е, каде са да се криа?

– Ја ќе те повија у органи, ќе реча родила сам машко дете. И он ќе послуша, куга заспи, ќе те пушча да с'иеш.

– Е, ако невесто – рекол.

Она го повила у јоргане и турила го на кревето, покрила му очите. Машко дете е родила.

– Ајде, жено, отварај, измрзнах, мокар сам...

– Чекај, бе човече, болна сам, не мога да стана, одвај се држа.

– Шчо е, мари жено?

Окаеќи едвај станала, отворила:

– Ох, болна сам, ох, болна сам!

– Шчо, бре жено?

– Е, шчо ти си ошел току време на гурбет, нема те... ја еле сам родила машко дете. Ја на кревето дека сам го повила.

– У, жено, миленкото... Кам да го вида?

– Немој, са спие, спие...

– Ако спие, ја като башча ќе го вида, нема да го разбуда.

Она не давала. Открил крпата од очите и куа виш: детето с мустаци, гулеми мустаци!

– Мари жено, оди де, оди тизе тука!

– Шчо, море човече?

– Па ти си родила дете сос мустаци. Саки срамота е това какво си го родила. Ќе доат жените утре, куа ќе видат ќе речат: „Дете с мустаци е родила!" Дај ќе му оскубем мустаците.

– Немој човече, ќе плаче.

– Неке, полека–полека ќе му ги оскубеме.

Скубаеки му мустаците, куга виш – имало и заби!

– Мари, невесто, виш: заби има детето! Ти ме лажеш дете си родила а дете се не ражџа сос заби!

– Е, па човече, таквоа си го напраил, такова ќе е!

– Донеси туа теслата и чуко да му ги исчукаме! Ќе те е срам, и мен ќе ме е срам, ќе речат какви са тиа свет дете сос заби да родат.

Донела она чуко и теслата. Чукаеќи искацали му забите. Он само трае. Едно време рекол:

– Жено, смрди ми нешчо. Сигурно това дете се посрало, дај разви го, истри го!

– Ај, човече, не се посрало.

– Море, разви го бре, смрди ми, не мога да седа ф таа кашча!

Куга го развила да го трие, видел маже ѝ: имал гулем.

– Ууу, жено!... Па това е па дури ногу срамота. Па шчо това дете с токав кур? Ја немам токав, оно да има!

– Абе, човече, такова се е родило. Шо да праа?

– Море, дај да му го отсечеме! Ќе те е срам, жените ќе доат, ќе го развиеш. „Кам да го видим?" – ќе речат и ќе погледнат. И ќе се исплашат, ќе избегат навонка. Шчо ќе праиш? Море, жено, дај да му го отсечеме!

– Ух, човече, ќе го боли еле е дете, ќе умре од това, ако му го пресечеме.

– Неќе, жено, неќе... Оџите сунетисуваат, па ништо, та наше ле дете ќе умре оти ќе му го отсечеме? Нема да умре!

И крај! Не знам какво е станало потака.

## 63. ГОСПОД ОД ПЕШТЕРАТА

Некоа девојка си сакаше ошче од девојче некој, ама не го зе него. Коа го зе овој шо не го сакаше, почна да му се праве на него многу:

– Те сакам мажу! Шо си ми мил. Ама не го знам господ да ми каже дали д'го ќе живееме со тебе, или да не умриме некој.

Ама мажот се сети шо сака она да праве и шо праве и ѝ вели:

– Господ е во наа пештерата тамо. Со едно огревање с'нце. Ама не можиш да го видиш, тој не се кажуа да го видиш. Ако појдиш во недела ќе се каже. Во недела ќе го најш!

Ваа оше рано во неделата појде да го бара, а вој се скри во пештерата и однатре вика:

– О-о-о, кој е?

– Јас те барам.

– Зоштоoo?

– Да ми кажеш дали ќ' умре мажот брго да си го земам тој шо си го сакам.

– А-а, не умира, не умира, туку ти во недела да ми донесиш една погача, една карта вино, еден пагур ракија и една гуска печена, па јас ќе го ослепа и ти слободно можиш со него да си живееш, да не ти види мажот.

И ваа се враќа радосна, праве шо требаше, зема вино, ракија. Другата недела пред с'нце оде и обесла на едно дапче шо ѝ рече господ и му веле:

– Боже, тука ли си?

– Тука су.

– Еве ти а погачата, печената гуска, виното, ракијата!

– Добро, добро!

Ваа си отиде. Мажот си слезе, си а зе погачата – си а изеде гуската печена, испи виното и ракијата. Вечерта си оде дома, слеп се прај – не му се виде.

Ваа да се увере дали е слеп го вика побратимот. Ѝ вели мажо:

– Кој е вој, мори жено?

– Брат ми дојде.

– Милата женска рода, дај да си а бакна женската рода!

Вој да се увере дали е слеп му наврте газо и вој му го бакна. Е, му го бакна газот. И вија се уверија дека е слеп.

Си легнаа жената и побратимот еднаш салам. Него му послаа сам и ваа му вели:

– Мажу, јас ќе си лежа со брата ми, одамна́ години не сме лежале под еден покрив.

– Лежете си, жено, лежете си! Милата рода женина, ах, милата рода!

Си легнаја. Таман ноќта заспаја, тој стана, со едно јаженце го удави брата ѝ, го удави. Коа се пробуди, ваа рече:

– Море, мажу?

– Шо рече, мори жено?

– А бре, умрел брат ми.

– Ами чаре, шо правиме? Ќе нè вате власта, ќе нè затворе. Шо праиме сега?

– Ами не оти знам.

– Ај, крени го ти на рамо и ќе го пуштиме во езерото да го удавиме, да не знае никој и ќе речиме оти не дошол кај нас. Мож' да не го видел никој да дојде!

И жената се сложи, го крена на грб, вој одзади а држи жената божем и го крепи. Ама вој си зе една игла и еден конец и за алишта од же́ната и од него шие, па шие, шие. И таман дојдеа на езерото, ѝ рече:

– Ајде, таму е подаб'ко.

Она боже да го врле него и она со него – в'п во езерото!

– Еве ти, жено: коа су ти мил јас, ти мене повеќе си ми мила!

А удави и се куртули од неверната жена.

# 64. СИРОМАИОТ СО ОРЛЕТО, ПОПО И ПОПАДИЈАТА СО ЉУБОВНИКОТ

Еден сиромав чоек повтил за да оит на туѓина, на подалечна страна и, одејќи по патот, го смрачило; видел едно село и се вратил да пренокеват таму. Влегол в село и вратил да се распулуат амо-тамо за да го прашат некој чоек: што бара, што туку се распулуа низ село. За к'сметот негов, го догледал еден чоек од селото, што многу и милуал јабанџиите, не за да им стори милос за да приберит јабанџија дома си, ами за да го отепа и да го плени, макар и еден грош да му најдел в ќесе. Таков лош чоек бил тој, што му излеѓол на сиромаиов на стреќа, та го прашал што туку разгледуа така низ село.

– Пријателе, разгледуам за да видам некој чоек од селово – му рекол – набожен, да стори милос и да ме приберит вечерва дома, да преноќевам оти сум јабанџија.

– Тамам, пријателе! Ами јас тоа барав; чунки во селово понабожен не је чаре да можиш да најдиш од мене. Затоа повели дома ми да си ноќеваме.

Асли и тој (сиромаиот) тоа бараше, и му пошол дома да преноќева. Вечерта го нагостил арно, убао, со секакви манџи, со ниет да го не сетит оти има мисла да го отепа ноќта. По вечерата после му послале во една одаја, набашка, да спиет. Сиромаиот, при сѐ што бил сиромав, ама бил и итар; тој од очите го познал домаќинот оти јет лош чоек и сака да му сторит некоја превара. Откоа легнале домаќините, станал сиромаиот и зел едно теле што лежело до вратата од одајата, та го клал на негоото место и со усул си излегол од куќи надвор.

Некое време ноќта домаќинот станал и зел секирата, та божем го отепал кај што лежал. Арно ама него не

го отепал, оти беше побегнал. Кога беше мавнал со секирата на телето, беше сторило: „беее“! Кога чул гласот од телето, беше се зачудил:

– Што бара во одаја̑ва телето?

– И кога запалил видело, гледат оти го немало сиромаиот.

– Ах – рекол – побегна, ми куртулиса!

Го грабнал телето и го исврлил од куќи надвор, го зел сиромаиот и го одрал телето, та си зел од месото колку што сакал и колку што можит да носит за попат, да му се најди за јадење. Ја зел кожата за да му се најдит, за да ја продајт негде, та да земит некоја пара, и си отишол по патот кај што му бил ниетот.

Одил, што одил ноќта и го разденило на една планина. Поодил до ручек и седнал на едно место, та запалил оган и испекол од месото телешко што го носеше и беше се наручал свински. Во таа планина беше имало многу орли и од миризбата беше долетале околу него едночудо орли:

– Ја, чекај – беше си рекол – да напраам еден маривет за да ватам некој да му оскубам перата и да ѝ продаам во некој град, да спечалам некоја пара.

Изваил од торбата кожата од телето и си ја наметнал на плеќи, та легнал ничкум а под мишка се пулел и сѐ траел. Постојал малце, и ватиле орлите да се прибираат околу сиромаиот, чунки му мирисало кожата на мрша. Ватиле да се вртат околу кожата; арно ама сеќавале оти имало нешто живо под кожата, да никому не му држало да се прибери до кожата и да појадит од неа. Се нашло едно орле малоо, полетарче и, бидејќи неучено уште да се страши од чоек, беше се пикнало близу до раката од чоекот. Посигнал сиромаиот и го чапнал за нога. Спискало орлето и од пискотницата негоа сите орли изразлетале.

Станал сиромаиот, си клал кожата и орлето в торба и си тргнал по пат да си патуат со надеж да го продајт орлето на некое дете за некој грош и да си купит сомун леб. Одел, одел и втасал во едно село. Застанал сред село и се мислел кај да влези за да касне троа леб. Му текнало да праша од попо куќата каде је. Му кажал еден селанец за од попо куќата каде била. Пошол кај од попо куќата и

дошол под тремот; се доближил до вратата за да клукни, чунки била затворена. Наspeл од една глуждоа дупка внатре вкуќи и видел еден маж со попадијата кај си се милуале и се разгоарале.

Попадијата му велела:

– Слушај, мој мил побратим, денеска ќе месам еден мазник, една бела погача, една пржена кокошка, еден пагур ракија и една карта вино тригодишно. Кога ќе оиш на орање, прати го момокот твој да ѝ земит и да ти ѝ донесит за да си ручаш.

Откоа му наравала со тие зборои, попадијата го испуштила да си оит од мала врата. Сиромаиот и чул тие зборои и ѝ врзал во умот. После кљукнал на врата, и попадијата му отворила. Во истото време втасал и попот. Бидејќи попот кроток и набожен, беше го пречекал многу убао – ја натерал попадијата да зготви ручек, пријатело да го нагостит. Се засукала попадијата, прво напраила ручекот за милосникот и после за гостинот напраила ручек што-годе. Им ставила попадијата да ручаат попот и гостинот. Едно зајале, и сиромаиот рипнал, зел едно залче леб и пошол, та го наранил орлето. Седнал каснал, што каснал и пак пошол и го наранил орлето. Попо туку седи и се чуди со чоекот:

– Што туку стануаш да го раниш она пусто орле? Дали црвени јајца ќе ти неси? Дали што? Седи си тука раат, ручај си, не чини се како децана што ранат чавки!

– Дејди, оче свети, де! Да го знајш тоа орле што маривет имат, ти би се чудел; туку не го знајш, да затоа така велиш!

– Братенце, оти не ми кажиш – му рекол попот – што маривет имат?

– Е, лели сакаш, оче свети, да го прашам шо маривет имат, еве, да го донесам!

Го зел од торбата и го клал на колено, откоа му врзал крајот на обете крила да не му излетат и го прашал попатого:

– Сега, оче свети, ја ќе го прашам орлево да ми кажи што имаш во куќава скриено. Али сакаш да го прашаме што имат скриено во селово?

– Море, кој ги глеа, бре чоече, за село што има скриено; за село мене не ме боли глава. Мене ме боли за во куќава моја, да за светот јас гајле не берам.

– Арно велиш, попе; колку за тоа си имаш право – му рекол сиромаиот – чунки што се рекло една лакрдија: не гледај туѓи есапи, за да не гориш твој свети; да зато, еве ќе го прашам орлево за да ми кажи за вкуќи што има скриено. Ај, боже, поможи! Кажи, бре орле, што има скриено нешто во куќава?

Така му рекол на орлето сиромаиот и го дупнал орлето во газот силно. Од болештината к'рууу сторило орлето.

– Е, попе, дали разбра што кажуат орлево?

– Бре, братко, кај ќе можам да разберам јас орлето што кажуат? Тебе, ако ти дал господ таква дарба да разбираш, кажи, да ти од мене не чекај да ти кажам.

– Ете што кажуат, попе, орлево. Знајш? – имало еден мазник скриен.

– Бре, вистина, мори попадие, има? – ја прашал попот.

– Е, вистина, попе, има, сум го месила за вечер – рекла попадијата.

– Аман, братенце, прашај го пак, белким ќе кажи нешто друго – му рекол попот.

Пак сиромаиот го дупнал орлето, и орлето, од болештината, пак свикало: К'руу.

– Што кажа, бре рисјанине, орлето сега? – го прашал попот.

– Сега кажа, попе, орлево, ѓоа имало скриена во куќава една бела погача, една пржена кокошка, еден пагур ракија и една карта вино.

– Вистина, мори попадие, имало таква работа? – ја прашал попот.

– Е, вистина, попе, има, туку бев ѝ приготвила за гости вечер да викаме – му рекла попадијата.

Кога видел попот оти орлето толку скриени работи изнашло, му се стегнал на сиромаиот да му го купит; вур-тут, беше му дал колку пари што беше му посакал, и беше му го зел. На ќеот згора, попот беше го молил сироматого да му поседит два три дни нагости и тој кан-

дисал да му седи. Попадијата беше го начекала и насамо сиромаиот кога седел и беше го прашала:

– Од што му је смртта на орлето?

Тој беше је кажал така:

– Смртта на орлето му је, попадие, два три дни да го вржиш не многу најадено и на треќи ден да го намочаш и веднаш ќе пцојсат.

Попадијата го клала на умот тоа што беше ѝ рекол сиромаиот и едно го испратила да си ојт гостинот, му рекла на попот, и тој да го испрати, оти така било чесно. Излегол попот да го поиспрати до негдеа и во истото време втасал милосникот да ја види попадијата. Арно ама пуста попадија беше го клала орлето меѓу нозе за да го намочат, та да пцоиса, и, бидејќи орлето гладно, беше ја закачило со ноктите за бутот.

– Море, брго, бре љубовниче, куртулисај ме од ова лошо, проклето животинче, оти ќе ме јади жива!

Едно посигнување милосникот со рака за да го ватит, и орлето беше го зграпчило за рака со ноктите. На тоа згора втасал попот и му се сторило оти чоекот праел со попадијата нешто лошо, да дал вик.

– Што бараш, бре никаквецу ниеден, при попадија? Зер ти не знајш оти имам орле што сите скриени работи што имат во мојава куќа, тоа ѝ знаит, а? Али виде како те улои? Ами ти, мори будала попадие, зер не знаеше оти орлето ќе те изваит на мегдан? Чекајте сега да земам патерицата, да да ви удрам еден ќотек!

Грабнал патерицата и му легнал да маат – десетпати мавај на љубовникот, еднаш на попадијата. Дури се откачил љубовникот, сто ока ќотек беше изел од попот.

Кога видел попот тоа што беше јавило орлето, грабнал патерицата и се пуштил со сиромаиот да го втаса и да му дајт бакшиш. Дал вик по него:

– Бре, рисјанине бре, почекај, нешто ќе ти даам, почекај!

Кога чул сиромаиот и видел оти попот трчат по него, трештил да бегат што да можит – тој бегај од страв, попот трчај, одвај го втасал и му дал едно ќесе со пари за доброто што му го сторил со орлето, и го испратил.

Од кај што се не надеал сиромаиот отаде му излегол зајакот.

## 65. ВРБОВИ ЈАБАЌИ

Имало едно време еден маж, ама жената при него била сѐ болна, а при други куга додат – здрава. И он питал ја:

– Кажи, мари жено, па не јадеш нишчо. Шчо ти се јаде да ти најдам?

– Е, шчо ми се јаде, мори мажу? Од врба јабаќи ми се јаде, ама нема.

– Е па да ода, мари жено, да терам.

– Е па ќе одиш, ами. Додека не најдеш да не додиш.

И го испратила. На попо била на крае кашчата, и рекол:

– Дека, синко, ќ'идеш?

– Па, дедо попе, жената е болна, нишчо не јаде. Јаде ѝ се од врба јабака та ме е пратила да терам и ќе ода. Додека не најда, ми е рекла, да си не ода дома.

– Јас имам у мене дома, оди – викнал го попо. – Седи довечера, довечера ќ'идеме.

– Добро!

Седел тамо и вечерта попо зел и го турил ф една вреќа. Од една страна товарил дрва попо и вика:

– Ајде са! Ти да м'чиш додека јас не ти реча да излезеш.

И ошли тамока и викнал:

– Невесто, невесто! Тува ле си?

– У, дедо попе, тува сам. Ка си дошел баре ќе ме венчаш.

Она си имала веќе друго момче дома.

– Де, држ' ти од там – од ка дрвата, јас од тува!

Има грнци фоф таа вреќа, та јас ќе држа грнците да се не строшат, па ти растоварај дрвата.

Е, добро, зел од вреќата и ја фнел у като дома. У ќоше ја турил. Она вика:

– Дедо попе, ка си дошел ќе не венчаш. Месила сам зелник за вечера.

– Добро!

– Дедо попе, да вечераме! Еле, та па ќе не венчаш?

– Ајде ќе вечераме!

Вечерали.

– Ајде, дедо попе, са да не венчаш.

– Море ајде, да заиграме едно оро та после ќе ве венчам. Дај клуче да заклуча врата! Немој случајно да дојде некој.

Заклучил попо и го турил ф џебо клучето. Вика:

– Ајде да играме една песна!

Кој ќе изводи? Она ќе изводи, па попе дю неа, па на крае момчето шчо довела.

– Ајде!

И она пое:

– Ах, мари, јазе пратих мое маж од врба јабаки да тера!

А попо пое:

– Слушаш ле, сајбио, шчо ти се ф кашча работи?

А момчето вика:

– Нешчо не ме грее поповата песна!

И изиграли и после вика:

– Ајде ќе не венчаш!

– Ајде! Стој, фоф вреќата е книгата и патраиле да извада и ќе ве венчам.

И он бил турил и един чук фоф вреќата та ќе го даде чуко на мажо и вика:

– Ајде, бре, излази! На ти чуко: додека стигнеш!

И он – попо – фанал тове момчето та натепал, а тове натепал жената. Вика:

– А сега да седиш тува, ете ти од врба јабаки.

## 66. НЕВЕСТАТА И ПОПО

Една невеста имала си работа сос попо, а момчето и било ќириџија. И на момчето кажували човеците:

– Бре, момче, твоата жена сос попо си има работа.

– Ајде, море, не кажувете това да се караме ниека со жената.

Неколку пати му кажал: „Ти ќе расипеш кашчата сос жената ти! Она с попо с'има работа." Е, вика: „Ќе обида да вида дали е истина." И он рекол на жената:

– Невесто, да земеш да ми собереш сага. Утре ќе ода јас рано на пазар. Ти да ми собереш да ми е готово за утре!

И собрала му невестата и ошел он на пазар. Дал коњето там на друзи, он се врнал и се скрил некаде да види ка ќе да е, шчо ќе да е. И видел: дошол попо при невестата. Стевнило се било. Он се направил ќораф и вика на вратата:

– Невесто, невесто, отвори ми!

– Кој си ти?

– Ја сам.

– Не те познавам.

– Отвори ми! Јас сам – момчето ти.

– Момчето ми ојде на пазар. Нема го тука.

– Ојде на пазар – вика – ама дуунаа ветришчата по пате – самовилите, та ми искараа очите, та оќоравех. Не вида нишчо. Нишчо не вида!

Е, станала, отворила му она. Гледа веќе оти е ќораф и прикажуваа сос попо, еле е ќораф, он не види нишчо. Арно, веќе като не види нишчо, вика:

– Вечерахте ле, невесто?

– Вечерахме малку. Ти ќе јадеш ле?

– Ќе јам, ама не мога да си угода устата.

Турила му на скуто да јаде. Он на шаро-напаро, веќе апнал малку.

– Наистина, нистина си е оќоравел – вика на попо. Тове не види. А на нас е лесно еле не види. Това е колај работа. Не види, не види, ама па ќе надѕира по малку! А, д'идем фоф плевната ние тамока, там не се види.

Он си азардисал едни ножички у него. И кат ошли фоф плевната они и тове полечка, полечка и он се намакнал фоф плевната. И зели невестата му и попо да с'играа. Тове издебна и пресечи му на попот курето. Турил го ф ѕебо. Врнали се од плевната: на попо пресечено курето, нема веќе шчо да чини. Попо си ошел дома с пресечено куре, а невестата се врнала дома. Сабаљето прочуло се, попо умрел и она вика:

– Боже, човече, попо е умрел!

– Еба ле му маката, са кој ќе нè чати? Ам не ќеш ле да му носиш китка, да му палиш свешчи?

– Арно е да му однеса да се запали. Ќитка не се носи, ама свешчи се палат. Ќе му однеса свешчи.

– Ако, ајде, однеси му!

Она земала свеш, ќе оди кон попо да му пали свешчи. И она ка се стегнала, ќе оди, вика:

– Човече, јас ќе ода.

– Ти ќе одиш, ама нешчо кат куга гледам, нешчо т' се напрашила шамијата, така ми се чини, по главата. Стој да вида дали е нистина!

И он пала а по главата, по шамијата, затни ѝ курето на главата. И ошла тамока и му пали свешчи и го плаче: „Попе, попе, като беше толку арен, од дека ти дојде таа умреш, та си умре толку брже?"

А ониа ка ѝ гледаа курето дека препетушчичка, исправја се, накриви се, ка се исправува, наклонува... сите се смеат.

– Попе, попе, да станеш да видиш, попе, сите ти се смеат, само јас те плача! Од шчо ти е, попе, таа умреш?

Они ѝ викаа:

– Од шчо му е умреште, на главата го носиш!

## 67. ИЗГУБЕНОТО МАГАРЕ НА ИТЕР ПЕЈО

Еднаш Итер Пејо со својето магаре отишел на пазар во Прилеп – да продаде дрва. Ги продал и ватил таму-ваму да шета по градо, а магарето го врзал пред една мејана. Таму тој си го оставал секоаш коа доаѓал на пазар.

Ко се вратил Итер Пејо предвечер да си го земе магарето, останал вчудоневиден: магарето никаде му го немало; дали некој му го украл, или само се одврзало, Итер Пејо останал без магаре и сега како ќе се врати назад в село. Де, барај ваму, де, барај онаму, магарето в земја како да пропаднало. Што да праи, пусти Итер Пејо, ем останал без магаре, ем немал доста пари за јадење и некаде да се прибере на спијење. Се пикнал кришум во некој ан, влегол во една празна соба и се подвлекол под креветот да спие.

Таман заспал Итер Пејо, ете ги во собата влегле двујца: маж и жена, млади. Си легнале на кревето и почнале да се милуваат, да се гушкаат. Итер Пејо се разбудил од крцкањето на креветот. Во некое време, тије почнале да си праат работа... Од што му било убаво, мило на мажот, тој ѝ рекол на жената:

– Ах, мори жено, сега го гледам цел Прилеп!

– Опни ми го уште еднаш, та и јас да го видам – рекла жената.

Итер Пејо од под кревет не додржал, се сетил за својето магаре, туку свикал:

– А, море човече, кога го гледаш цел Прилеп, дали го виде некаде мојето магаре? Те молам, кажи ми!



## 68. ДЕДО ЛЕСО И АНЏИКАТА

Некугаш некој дедо Лесо ошел ф Радовиш на пазар. Арно ама фоф ано там ка спали, рекол анџијата:

– Дедо Лесо, иди ти с моата жена, ќе пушчите вино, ќе донесеш да се напием!

Тамо ка ошли они да пушчаат вино од бочвата, маркуче она земала, турила и он така, ка се наводил, фата, пофата анџиката. Арно ама анџиката од там като маане с еден бокал по главата, пукнала му главата на дедо Лесо. Знаеш, и крв потекло. Одат тамока сос виното, вика анџијата:

– Шчо е, Лесо? Шчо си с таа гола крф?

– А бе – вика – ка одих коњето да обида, па таа една пушчинска кобила чужџа, стопаница ѝ, оттам, не сам ја ни знаал, ритлива. Та куга ме ритна, ќе ме утепаше.

А па анџиката знае а таа работа. И она е там, вика:

– Е, Лесо, ка чужџа кобила не ѝ знаеш пофато. Пооддалеко се држ! Не туку палке отука-отука, она затова ќе те утепа. Кат не ѝ знаеш пофато, не а палке дека не се пала.

И дедо Лесо така се смирил.

## 69. ТРИТЕ ЖЕНИ И СУДИЈАТА

Пролетно време собрали се жените така на припечина. И ка се собрали дошли до разговор од шчо е куро. Една рекла од кокал е, втора рекла од јака жила е, трета рекла од обично месо е. И се скарали, и са дошли до судење. Ошли са кон судијата за прекршок. Судијата бркнал сос раката фоф џебо да го пофати, та да пресуди од шчо е. Врти го на тука, врти го на понам и не мош да установи од шчо е. И не можел да пресуди жените. Ошел си вечерта дома и легнал си. Ни заспува, ни на судиката врши работа, сон го не фата. По едно време вика судиката:

– А, море, што тизека тека? Ни работа на мене вршиш ни заспуваш. Каква е таа работа?

– М'чи, м'чи! Това е срамота да го кажувам.

– Шчо, море? Кажи на мене!

– Е, шчо? Дојдеа три жени да се судат денеска. Не можех да 'и пресуда. Това е првпат да не мога да пресуда.

– Е, зашчо?

– Ами едната вика куро е од кокал, едната вика од јака жила е, едната вика од обично месо е. Ка а жените таа работа тумачат? Јас не можех да го претумача и не можех пресуда да дам.

– Какви беа тиа жени?

– Ами едната беше околу дваесе и дветри години, едната околу триесе години, едната околу четириесе години.

– Таа шчо е од дваесе и двеtри години, ќе речеш на твое маш е куро од кокал; таа шчо е од триесе години, ќе речеш на твое маш е куро од јака жила; таа шчо е од четириесе години, ќе речеш – од обично месо е! Ето ти пресуда!

И донеле пресудата на жените.

# 70. МЛАДИЧОТ И КАЛУЃЕРКИТЕ

Имало десет калуѓерки во еден манастир. Еден младич сакал да дојди да ѝ расипе калуѓерките. Женсколик бил, се преслекол во женски алишта и пошол таму. На старата калуѓерка ѝ рекол:

– Јас сакам калуѓерка да бида тука, и ја со вија калуѓеркиве. Молим те!

– Добро, ќе те примиме.

– А примнале тамо и сега се борат калуѓерките коа вечер побргу да спие со новата калуѓерка.

– Чекајте – му вели старата калуѓерка – чекајте на ред: ваа вечер една, другата вечер друга и така, да ви пројде мерако.

И спала една вечерта. Оп, коа легнале, таа рече:

– Шо ми нарасте мене овде, шо ми нарасте мене!...

Коа фаќа ова – стап, да простиш! Утредента па сака да лежи со неа. Не кажува никому. Сите на ред така ѝ помина. По некој месец-два: оп нараснаа меовите. Стана старата калуѓерка.

– Шо е воа работа вака? Од каде ваа работа? Ај сите на ред да клекните.

Старата зрцала имала на очите. Овој го нагнете стапот под него здола, го скрила. Погледај ваа таму: женско, погледај ваму: женско! Гледа кај него со зрцалата:

– Постани, мори, ти!

Коа постана, куро тап – ѝ ги крена зрцалата.

– Е – рече – су видела, су видела кур, само ваков со зрцала, немам видено!

## 71. НА ПРВИЧЕ...

Куде едну младу невесту дошла мајка ѝ одма по свадбу, на првиче...

– Ќерко, како тераш са зета, аран ли е, те чува ли?

– Аран је, мајко, многу је аран, сал у мене гледа, ама ја не можу с њега. Ќе га оставу!

– У-у-у, ќерко, што зборуваш: ќе га оставиш! Бива ли тај работа ич? Кажи де, што маана му најде, зашто сакаш да га оставиш?

– Срам ми је, мајко, ама ќе ти кажу: многу му је гулем, па не можу, ете, с њега...

– Како, мори ќерко, гулем му бил! За туј работу маж се не оставља. Туку почекај јас да виду как'в му је или теб само такој ти се учинило.

Повикала га зета и му кажала пред ќерку си дека она ќе га остави, бидејќи му бил гулем.

– Е, не е истина, мори бабо! – се налутил зето. Еве, ќе ги слечу гаќите па да се увериш оти јас не лажу.

И одма туј си ги слекол гаќите.

– Виде ли?

Бабата погледала, погледала. Истина, неговија бил како секој, виснат – мал. Не му нашла маана.

– Ќерко, згрешила си! Курето на зето не му је многу големо. С њега можеш да си вршиш работу...

Невестата тогај спискала на мужа:

– Надуј га, бре, надуј га, де! Не гу лажи маму!

## 72. ВОЈНИКОТ И БАБАТА

Бил некој војник. Пред да излезе од касарните рекол си на памет: „Ќ' одам и што ќе сретнам живо сè ќе налегнам, па било младо или старо".

Одејќи по пато, немал никој да сретне младо. Сретнал една баба.

– Ај, мори бабо, кај си тргнала?

– Ете, синко, мачам се, стара сам па одам тука да стигнам до едно село.

– Бабо, е знаеш ли што ќе те питам?

– Е, што синко?

– Ќе ми дадеш ли да те еба?

– Е, синко, немој, стара сам!

– Не, бабо, јас сам решил пред да тргна од касарните: старо-младо што сретнам на пат – сè ќе налегнам.

Е, што ќе праи бабата. Тој фати, налегни ја на земјата. А пред да ја налегне ја прашал:

– Бабо, колку заба имаш, толку пати ќе ти го пернам.

Бабата рекла:

– Ех, синко, имам само еден заб.

Другите ги сокрила.

– Е, бабо, шом имаш един заб – еднашка!

И тој си свршил работата со бабата и си тргнал. И куа тргнал војнико, на ваа бабата ѝ се усладило и почнала да вика.

– Синко, синко, ела, имам уште еден заб!

– Е, бабо, ја куа те питах колку заба имаш, ти викаш еден. Е, јас еднаш ти го бабнах. Сеа еби се сама!

# 73. ДВАЈЦАТА МЛАДИ НА АВА

Двајца млади испаѓаат од градот надвор на ава. И одиле тамо, ама некој стоел под некоа круша. Си бил на работа. Овој гледа одоздола идат овие: се бакнуваат, се дават и тргаат право на крушата. А овој се сетил оти тука идат на ебаање. И се качил на крушата и виа дошле под крушата. И вој ја кутнал, и оваа му вели:

– Еј, не тера го току дабоко да не се напрај некоје дете. Кој ќе го рани?

– Е, горниот ќе го рани, вој горниот!

А тој од крушата:

– Еј, бре сиктер, вие да го праите, јас да го рана!

Коа се дигнаа, брате, тие – бегај да ги нема.

# 74. КРАДИ ПУТКА НА ПЛАДНИНКА

Еден овчар си ги пасел овците. Жената му кинисала леб да му носи. На патот одејќи имало шума, во шумата некој дрвар берел дрва. Жената влегла внатре. Овчарот ја видел кога влегла жената, ја чекал да излези, ја чекал... Ја немало! А дрварот ја потиснал жената во шумата, на зелено, и си тера работа.

Овчарот кога видел дека ја нема, дека се забавила повеќе отколку можела да го изоди патот, си рекол: „Чекај да видам шчо стана со жената!" Кога отишол, гледа вамо, гледа тамо: на патот ја нема. На едно место над пат му мрда тревата. Гледа во тревата: нозите од жената му нагоре ѝ се мафтаат. А меѓу нози машка глава. Се доближил до нив, не можеле да го видат од тревата. Застанал и се чуди што да им прави. Си вели на себе: „Да го удрам од позади, ќе и го донапика, да го удрам отстрана по слабина, ќе ја шибни настрана – ќе ѝ ја исчепи! Да го удрам одозгора по глава, ќе го отепам, ќе умре, треба да лежам затвор. Ами чеки, ќе се поиставам подалеку и ќе му свикам, ќе го устрамам."

Се поиставил и почнал да вика:

– Не те страм: кради путка на пладнинка!...

# 75. РАСИПАНОТО ВЕНЧАЊЕ

Се свршил еден дедо за една баба и го викале попо да ѝ венча. Спроти адето рисјанцки ѝ прашал попо дали се сакаат и, откоа му зел зборот оти се сакаат, му рекол на старио:

– А, бе старче, заошто ти е тебе сега жена? Ти си стар веќе, тебе жена не ти треба!

– Вистина, оче свети, жена не ми треба, ами имам за гледање, да ме пери, да ме закрпи, да ми зготви. Ете, затоа ја земам старава.

Коа чула тие збoрои бабата од деда, се смуртила и наврекнато на попо му рекла:

– Ја збери си, оче, книгите, и ој си по работата, оти јас со ваков стар не се венчаам...

## 76. БАБАТА И КУПЕНИОТ ДЕД

Некоа баба стара имала еден син и снаа. Бабата била многу стара веќе, у години. Даже оќоравела, не ни види нишчо. Арно ама, почнала да накарува сино да а жени, да ѝ доведе дед:

– Де, синко, кат туку одиш на пазар, купи ми еден дед и на мен. И јас да с' имам дед. Утре вода ќе ми донесе, дрва ќе ми расцапи, това–онова. Требе ми дед!

Па сино, шегувал се:

– А, мамо, ако ида на пазар: има дедовци, продаваа се, ќе ти купа еден дед. Ка така, јас не те оставам без дед.

Арно ама, денеска а лаже, утре а лаже, друг ден а лаже, дајма а лаже. И са бабата чека дед. С душа чека дед да ѝ купат. По едно време оди па он на пазар, доди си. Знае оти маќа му чека дома дед и ќе земе да му се лути, ако не ѝ купил. И оди, вика:

– Е, мамо, каков дед бех ти купил арен. Убаф! Убаф! Убаф! Ама, ето, качих го на коне, падна од коне ф една река, удави се и ајде... Са шчо да праим?

– Е, оти така, синко, не си го вардил да се удави?

– Е, шчо да праа! Ја, носа му потурите, му собух за да се увериш оти вистина сам ти купувал дед. Едни потури му земах, да видиш оти не те лажа.

А он ја лаже. Земал од башча му – ќе умрел – некои потури стари, ѝ дава на маќа му да види тамо. Она не види, ни познава. Доноси ѝ потурите, фата она, пала ѝ, пала ѝ така, пала ѝ, пала ѝ, пала ѝ:

– Леле, златен, милие дед! Колкав е бил, вреден је бил! – Ах, синќо, синко, – земала да го к'не – ти не си бакарил, удавил си ми дед ми! Дед ми си купил па си ми го удавил!

И така бабата си останала па без дед.

## 77. ПРАЊЕТО НА ДВЕТЕ КОМШИКИ

Куќа до куќа, една до друга, живееле две комшики и муабетот си го имале, што се вели.

Забележала Цвета дека кога перела комшиката Петра, времето секогаш било убаво: сонце греело и го белело испраното. Таа, пак, кога перела секогаш било врнежливо. Мака ѝ било затоа, ѝ завидувала на комшиката и преесапила дека таа го погаѓа времето со некој марифет.

Еден ден, кога пак почнало да врне штом таа испраното го пружила, не можела веќе да додржи и пошла кај комшиката.

– Мори, Петро, ќе те прашам нешто, ама право да ми кажеш, немој нешто да ме излажеш!

– Кажи де, Цвето, кажи што ти е прашувачката?

– Виде ли, Петро, дека секогаш врне кога јас перам, а кога переш ти секогаш има сонце. Кажи ми, како погодуваш да избереш убав ден за прање?

Знаејќи колкав е умот на Цвета, итра бидејќи, Петра веднаш скројала шега.

– Е, штом ме прашуваш, Цвето, ќе ти кажам. Нема голем марифет. Штом имам ниет да перам, ко ќе станам сабајлето, му го фаќам мандалото на мажа ми и го подигам, па го пуштам: Ако падне налево, тогаш не перам: времето ќе биде лошо, ако падне надесно, почнувам да перам оти знам дека ќе има сонце. Ете, тоа ти е целиот марифет!

Утредента Цвета сакала да пере, и штом станала, му го фатила мандалото на мажот. Тој се зачудил и ја прашал:

– Што ти е, мори жено, што ти текнало уште взори?

– Трај, мажу! – му рекла таа и му го повлекла. Мандалото се скочанило, па не можела да го пушти и да види на која страна ќе падне.

Го оставила бргу мажот и пошла кај Петра. Уште од врата ја запрашала:

– Петро мори, Петро, на мажо му се исправи куро кога му го подигнав за да видам какво ќе биде времето денес за прање. Што да правам сега?

– Остај прање Цвето оди на ебање! – рекла Петра и слатко се изнасмеала.

## 78. НЕВЕСТА СИ ПЛАЧЕ УМРЕНОТО МОМЧЕ

Било едно момче касапин. Клало си овци, говеда, сè. И вечер ка си доодило од касапницата и си доносило дробец, слесчички, главички, нозе, та си варило, мезе си јало. И сè си имало ракиичка та си пило. Крстомата седели и шишенцето меѓу нозете му стојало и мезенцето и си пијнувало и си апнувало. Арно ама дошло време умрел касапино.

Невестата викнала да плаче момчето оти е арно било:

– Ах, море, човече, човече! Зашчо ме, море, зарежа? Какво беше си арно, море човече, куга беше касапин, куга ми доносеше глави врез глави, нозе врез нозе, дробове врез дробове... Ами сега, море човече, нима дробове врез дробове, нима глави врез глави, нима црева врез црева! Ами сега, човече, кажи ми шчо да чина?

На жените дава ракиичката, вика:

– Пијнете, мили жени, и викнете бог да го прости, ногу му беше слатка, сè му меѓу нозете стоеше!

– Човече, ами сага шчо да чина?

## 79. ЗАДОБЛИВИОТ МЛАДОЖЕЊА

Некој младожења малеч'к бил и мрвка, такој како задобливо дете било а довеле му жену. А она шерет била девојка. Правиле свадбу, ишле натамо-наамо, одиле што работиле – ќе ги турав навечер да спиев. А свекрвата: врц горе, врц доле – радује се. А он, на снаата не могал ништо да ву направи; земала ципелу, та у главу: бамбе!

– К'д не си кадар бија, зашто си се женија?!

Он почнал да плаче:

– Ох, леле, мамо мори, крвчица ми потече!

А мајката, озгор:

– Синко, мил на мајку, ако ми е! Мајка за крвчицу иде по село та целива туѓи мужи.* Ако е!

Слегне доле, на младожења глава расцепена. И, викала:

– А мори снао, што е овој?

– Што е тој? К'д не сте имале мужа за женидбу, зашто сте га жениле? Јутре од мене све ќе тражите, а он не е приш'л при мене. Ете, за тој с'м га чукнала!

---

*Обичај е во Кумановско: изутрината, на благата ракија, мајката на младоженецот да оди по селото и од радост што е снаата чесна, да бакнува кого ќе сретне.



## 80. ДЕТЕ РОДЕНО НА ТРИ МЕСЕЦИ

Се оженило едно момче, и невестата што ја зел му родила дете на трите месеци. Момчето било не дотолку итро и веднаш не се сетило оти требало на деветте месеци да му роди невестата. Множина беа му се подбиле шега на момчето, дека му родила невестата дете донесено од татка је и откај мајка је.

– Мори, невесто – му рекло момчето – за детево што го роди ти, мене ми се смеат светот оти си го родила брго – во три месеци. Требало да го родиш на деветте месеци, а не на три.

– Море, домаќине, не биди будала да ѝ слушаш светот кој како ќе ти речит; светот ни завидуаат, а домаќине, и сакаат да не расипат и милоста да ни ја земат од помеѓу нас. Да за детево што ти рекле оти не било носено девет месеци, тоа саде те лажат. Ами, еве, слушај, да ти го кажам есапот колку месеци ни имат детето: три месеци го носив откоа ме сврши; три месеци го носив откоа си ме зел, се сторило шест месеци, и три месеци ни имат детето, гопод да ни го поживит, ете ти девет месеци, домаќине. Еве пак, ако сакаш, преслагај сам ти и да видиш оти девет месеци ни ет. Еве пак еден друг есап да ти преслагам, бре домаќине, уште поблизу до умот: три месеци откоа се свршив јас и три месеци ти, еве шест месеци и три месеци детето ни имат, еве девет месеци, бре домаќине. Да ако ти се посмеит некој отсега вамо, стори му го овој есап, и удри го преку чурило за уште еднаш да не му текни да се бие шега со тебе. Оти знаиш, домаќине, светот си бараат пубудали луѓе за да си праат мезе со нив. Да уште еднаш ако ти речит некој, какошто ти кажав, удри го преку светила и гледај си работата.

Со тие зборои, бидејќи поитра невестата, го излагала момчето је и тоа си повеќуало оти е така.

# 81. ИСПОВЕД НА ЕРГЕНИ

Четворица ергени, едепс'зи знајале оти попо е многу мераклија, отишле кај него да се „исповедат". Улегле како кривци, со наведнати глави.

– Шо е бе, пезевенковци?

– Остај, дедо попе...

– Е, кажите де?

– Дојдоме да се исповедаме!

– Ајде, машала! Гукајте, ајде.

– Вака ли, заедно?

– Како сакате.

– Хм, па може. И најубаво е заедно оти и грео ни е заеднички. Па... еве: неќна, нели имаше панаир у Виница...

– Да, де. Ја се изедо шо не мого да идам!

– А ниа му се стегнаме и отидоме.

– И?

– Шо и? Поврткаме се низ сергиите боже ќе купуаме нешчо, а сај ги меркаме селанките...

– И?

– И... знаеш: кај белезичките и прстенчињата највише има младички. Лаф-маубет, лаф-муабет – закачивме трички. Купиме им по една белезичка, частиме ги ладна боза и – забраа нѐ...

– Девојчињата ве забраа?!

– А-ха! Сал' се смешкат и одат накај ливадите. Ние, шо ќе праеме, по ни. Пристемни се и... згрешиме ја работата!

– А... млади?

– Не млади, дедо попе, туку капка, роса! Едни црвени обрашчиња, едни ми ти остри циценца...

– Ааах, врколоци, ааах, мамичеценцето ваше, к'сметлија! Од каде ги нај́гате сѐ такви, младички, роса бре, ааах!!!

## 82. СЕКСУАЛНО ВОСПИТУВАЊЕ

Си било едно женско дете. Едино на мајка и на татко. Тие се здоговориле да не го воспитуваат детето никако од тај сексуален живот. Со времето детето одраснало и почнало да оди на школо. Кога одело на школо слушало од децата како зборуваат за кур, путка, ебање и други работи. Се враќа еден•ден од училиште и ја праша мајка му:

– Мамо, што е тоа кур?

– Е, ќерко, кур е она машките што го носат на кошулата. Ние го викаме машна, некои го викаат кур и други зборои.

– Мамо, а што е тоа путка?

– Е, ќерко, путка е ние тоа што го викаме фустан.

– Мамо, а што е тоа ебање?

– Е па, ќерко, ебање е тоа што го ние викаме возење во кола. Некои го викат ебање, ние возење, некои друго и така натаму.

Е, сега детето разбрало што е ебање, што е кур, што е путка! Тоа одраснало на печеснаесе години. Тргнале неговите родители еднаш на бал. И девојчето тргнало со нив. Куа отишле таму, почнале да играт. Девојчето останало само да седи. Го здогледал некој младич и го поканил да играат. Девојчето играјќи забележило дека на момчето му била машната настрана. И му вели:

– Извините, ама курот ви е настрана!

Тој сега не може да се сети зошто таа зборува и почнува да а стега... А таа пак му вели:

– Извините, ама ќе ми е згужвате путката!

А тај уште толку се загрева и не знае што е тоа!

Е, завршил балот. Тргнале да си одат. Тргнале и родителите на девојчето. Младичот а отпратува од салата. И ја покажува својата кола и ѝ вели:

– Ако сакате, повелете!

– За колку ќе ме ебете во колата мене, мајка ми и татко ми? – му вика таа.

– Тебе и мајка ти ќе ве ебам така без пари а татко ти нека си оди пешки! – одговорило момчето.

## ЗАБЕЛЕШКА НА РЕДАКТОРОТ

Во текстовите на необјавените приказни, таму каде што тоа беше нужно, извршив соодветни, во секој случај минимални, јазични, правописни и стилски корекции, за да не се изгуби духот на овој приказничен жанр, самата изворност на приказните и суптилноста на нивните епизоди, дијалози и изрази.

Како што внимателниот читател ќе почувствува, раскажувачите воопшто не го ограничуваат еротскиот тон на приказните. Оттука, без оглед на фактот дека одделни еротски епизоди, дијалози и изрази, што се наоѓаат во нашиве приказни („срамни" – како што народот ги именува), можеа при редактирањето да бидат заменети или барем ублажени со „пристојни" зборови, бидејќи со тоа би се изгубиле нивната специфика и карактеристичниот стилски потход – такви интервенции не се вршени. Моите настојувања одеа кон тоа тие да се објават онакви какви што егзистираат меѓу народот, впрочем и како категорија што допрва ќе треба да се изучува.

Необјавените приказни од збиркава се собирани во последниве десетина години. Освен моите лични записи и оние што се наоѓаат во Институтот за фолклор во Скопје, во неа се внесени и приказни што ми се отстапени од неколцина мои некогашни студенти; тие се занимаваат и со собирање на нашето народно творештво. Така, Душко Димитровски, новинар во РТВ – Скопје, ми даде повеќе приказни од Кумановско, Наум Целаковски, директор на Народниот музеј во Охрид, приказни од Охридско, а Ванчо Бошначки, директор на Гимназијата во Берово, ми помагаше во собирањето приказни од Малешево. Тој овие приказни и ги дешифрира. Натаму, фолклористот Милан Ристески, соработник во Архивот на Скопје, ми отстапи од својот богат приказничен фонд од Мариово, десетина еротски приказни. Се чувствувам задолжен спрема сите нив, како и спрема бројните раскажувачи, чиишто имиња, меѓутоа, не секо-

гаш можам да ги наведам, бидејќи ја немам нивната согласност. Без нивна помош, секако, збиркава ќе беше посиромашна.

Насловите на необјавените приказни, главно, сум ги извлекувал од самите приказни.

## ПРЕГЛЕД НА СОБИРАЧИТЕ

АЛЕКСОВСКИ ЖИВКО, службеник во Институтот за фолклор во Скопје, приказни број: 17, 21, 29, 49, 59.

АТАНАСОВСКИ ДУШКО, етномузиколог во Радио Телевизија Скопје, приказни број: 9, 11, 30, 33, 34, 71, 79, 81.

ПЕНУШЛИСКИ КИРИЛ, универзитетски професор – Скопје, приказни број: 2, 8, 13, 19, 22, 37, 40, 41, 42, 48, 52, 53, 56, 57, 60, 65, 66, 68, 69, 76, 77, 78.

РИСТЕВСКИ МИЛАН, службеник во Архивот на град Скопје, приказни број: 14, 15, 31, 38, 46, 58, 63, 70, 73, 74.

СТЕФАНОВСКИ ПЕЦЕ, новинар во Радио Телевизија Скопје, приказни број: 1, 28, 39, 44, 47, 50, 51, 54, 67.

УЗУНСКИ ДИМИТАР, учител од с. Тработивиште – Делчевско, приказни број: 5, 10, 18, 20, 24, 32, 35, 45, 55, 61, 62, 72, 82.

ЦЕЛАКОВСКИ НАУМ, директор на Народниот музеј – Охрид, приказни број: 4, 6, 12, 15, 43.

## БИБЛИОГРАФИЈА НА ОБЈАВЕНИТЕ ПРИКАЗНИ*)

МАРКО К. ЦЕПЕНКОВ, Македонски народни умотворби, во десет книги, Скопје 1972:
3 (кн. V, прик. 346, стр. 263)
7 (кн. VI, прик. 387, стр. 10)
23 (кн. IX, стр. 125)
25 (кн. V, прик. 364, стр. 210)
26 (кн. V, прик. 322, стр. 191)
27 (кн. VI, прик. 409, стр. 44)
64 (кн. V, прик. 327, стр. 204)
75 (кн. VI, прик. 388, стр. 12)
80 (кн. VI, прик. 385, стр. 8)

БРАТЯ ДИМИТЪР И КОСТАДИН МОЛЕРОВИ, Народописни материяли от разлошко (Сборник за народни умотворения и народопис, БАН, кн. XLVIII, стр. 280, София, 1854): 36

*) Првата бројка е бројот на приказната; во заграда библиографскиот податок за првото објавување.

## ПРЕГЛЕД НА РАСКАЖУВАЧИТЕ*)

Алиовски Шефкет (27 години), земјоделец од с. Србјани: 1, 44, 51.
Ацевски Јордан (35), службеник, Титов Велес: 17, 21, 49, 59.

Буревска Ванка (66), домаќинка од с. Цер: 50.

В'чковска Марија – Арнаутката (59), домаќинка од Берово: 53, 66, 78.

Дилизимски Јованчо (62), земјоделец од с. Тработивиште: 20, 55, 62.
Дојчиновски Ристе (74), земјоделец од с. Полчиште: 63.
Дупкарска Елена (60), домаќинка од Берово: 41.

Јовановски Пејо (84), земјоделец од с. Витолиште: 14.
Јолаковски Вангел (67), земјоделец од с. Ореовец: 4, 6, 12, 15, 43.

Кацарска Афродита (63) , домаќинка од Берово: 65.
Кожинковска Неда (55), домаќинка од с. Витолиште: 38.
Кожинковски Стојан (87), земјоделец од с. Витолиште: 16, 31, 46, 70, 73.
Крстевски Владо (23), земјоделец од с. Ветрен: 35.
Крстевски Младен (23), земјоделец од с. Ветрен: 45, 82.

Лазаровска Трајанка (72), домаќинка од с. Страцин: 9, 11, 30, 33, 34, 71, 79, 81.
Лупевски Перо (54), земјоделец од с. Ветрен: 5.

Милевски Мито (67), земјоделец од с. Вранештица: 67.
Миовски Јован (62), овчар од Пехчево: 48,69
Мисајловски Мирко (49), земјоделец, с. Србјани: 28, 39, 47, 54.

Пеовски Глигур (64), земјоделец од с. Смојмирово: 52, 57, 60.
Пешевски Будо (60), службеник од Скопје: 8, 13, 37.
Поповски Ванде (60), работник од Прилеп: 58, 74.

*) Бројот во заграда ја означува староста на раскажувачите; а другите бројки се броеви на приказните.

Радевски Стојан (67), земјоделец од с. Кучевиште: 19.
Радулова Лефтерка (20), медицинска сестра од с. Тработивиште: 72.
Ризински Атанас (49), земјоделец од с. Будинарци: 22.

Секулов Атанас (62), учител од с. Чифлик: 2, 40, 42.
Силјановски Самојло (61), земјоделец од с. Иванчишта: 29.
Синдраковски Благо (40), земјоделец од с. Чифлик: 68, 76.

Толевски Видо (34), земјоделец од с. Тработивиште: 24, 32.
Тодоров Драган (40), службеник од Скопје: 56, 77.

Узунски Бошко (35), земјоделец од с. Тработивиште: 61.
Усеинов Рифат (75), земјоделец од с. Тработивиште: 10, 18.

## ПРЕГЛЕД НА РЕГИОНАЛНАТА ПРИПАДНОСТ НА ПРИКАЗНИТЕ

*Банско*

Берово / Малешево 36, 41, 53, 65, 66, 78
с. Будинарци 22
гр. Пехчево 48, 69
с. Смојмирово 52, 57, 60
с. Чифлик 2, 40, 42, 68, 76

*Делчево* / Пијанец

с. Ветрен 5, 35, 45, 82
с. Тработивиште 10, 18, 20, 24, 32, 55, 61, 62, 72

*Кичево*

с. Вранештица 67
с. Иванчишта 29
с. Србјани 1, 28, 39, 44, 47, 51, 54
с. Цер 50

*Куманово*

с. Страцин 9, 11, 30, 33, 34, 71, 79, 81

*Охрид*

с. Ореовник 4, 6, 12, 15, 43

*Прилеп* 3, 7, 23, 25, 26, 27, 58, 64, 74, 75, 80

с. Витолиште (Мариово) 14, 16, 31, 38, 46, 70, 73
с. Полчиште (Мариово) 63

*Скопје* 8, 13, 37, 56, 77

с. Кучевиште 19

*Титов Велес* 17, 21, 49, 59

## ПРЕГЛЕД НА ПРИКАЗНИТЕ ПО АЗБУЧЕН РЕД*)


(32) Аман, загорела сам за грозје
(76) Бабата и купениот дед
( 4) Берокласецот
(11) Болниот сват и сваќата
(55) Бутни го, не го трлај
(37) Видовитото дете
(72) Војникот и бабата
(22) Воловарот и змијата
(21) Волшебните дрвја
(65) Врбови јабаќи
(46) Говедарот и чупата
( 6) Голиот на гости
(20) Господ и сиромахо
(63) Господ од пештерата
( 5) Гурбетчијата и жена му
(73) Двајцата млади на ава
( 7) Два мажа сакала
(68) Дедо Лесо и анџиката
(80) Дете родено на три месеци
(42) Думал сос Господ
(58) Еднаш попот ви сомле брашно
(29) Ем тесна, ем бесна
(28) Жена не мојш да довардиш
(35)Жената, полјакот и нејзиниот маж
(12) Жената мераклија што не му давала дерман на мажот
(54) Жената што се нашла во небрано
(25) Женска итрост
(27) Женско лукавство
(79) Задобливиот младожења
(39) Затворената царска ќерка
(49) Златната боја
(67) Изгубеното магаре на Итер Пејо
(81) Исповед на ергени


---

*) Во заграда е бројот на приказната

(10) Јазе стар, тизе млада
(16) Кајмакамот, неговата анама и бекшијата
(23) Како се родила чумата
(74) Криди путка на пладнинка
(48) Кривопутка
(13) Критериуми
(56) Лажниот аберџија
(70) Младичот и калуѓерките
(8) Момата што сакала маж со две чешала
(18) Момчето, ан'мата и мухтијата
(57) На Божиќ куковица кука ле
(71) На првиче
(1) Најголемиот грев
(66) Невестата и попот
(53) Невестата и пчелите
(62) Невестата, оџата, селскиот кмет и мухтијата
(78) Невестата си плаче умреното момче
(59) Недо, мори, ама бели нози имаш
(61) Обричениот поп
(31) Печалбарот и неговата невеста
(38) Пијаницата и неговата невеста
(52) Плачењето на пресниот гроб
(15) Полјакот и оџата
(5) Поповата ќерка што не сакала да се мажи
(51) Попот што го допрај'л детето
(60) Попот што ги исповедал жените в црква
(26) Попо што ја заклучуаше попадијата дома кога беше на работа
(30) Поп'т што ву дал на жену си лиру
(77) Прањето на двете комшики
(33) Продавач на дренке, што не ги давал за паре
(44) Пуста сиромаштија
(36) Развратна попадија
(75) Расипаното венчање
(82) Сексуално воспитување
(34) Си гу загубила...
(64) Сиромаиот со орлето, попо и попадијата со љубовникот
(2) Скршеното огледало
(9) Стар'ц'т што давал волови за алат
(14) Тенџерето си има поклопче
(69) Трите жени и судијата
(24) Тројцата браќа и златните јабаќи
(17) Тројцата браќа и попската ќерка
(40) Умната жена и бего
(45) Умното момче со три имиња и царската ќерка
(41) Царицата вдовица и итриот измеќар
(43) Црната чума
(3) Чоекот што бараше да најди чоек што нема гајле ич во живото свој
(47) Шќо си прајл, то си дочекал
(19) Што садиш, да дај Господ, тоа да ти никне

## КОН ПРОУЧУВАЊЕТО НА МАКЕДОНСКИТЕ ЕРОТСКИ НАРОДНИ ПРИКАЗНИ

Во најстарите епохи од историјата на човештвото, половиот акт на нашите најдалечни предци не бил обременет со никакви ограничувања и предрасуди. Историјата на сексот започнува со поделбата на луѓето по полови. Нејзините развојни фази науката ги согледала и ги објаснила [1]. Со текот на времето, во разни земји и кај разни племиња и народи, во зависност од степенот на нивното култивирање, луѓето започнале на своите полови односи да им наметнуваат разновидни норми.

Во сложените митолошки системи на разни народи дури и сексуалните односи на нивните богови и божества и помеѓу нив и обичните луѓе биле поставени на најприродни темели, разбирливи за мислата на примитивните луѓе. Во далечното минато, тие природата и нејзините животни процеси ги проценувале според сопствениот живот. За нив и „боговите живеат по сите правила на човечкиот живот"[2]. Нешто повеќе, тие растенијата ги

---

[1] Зголемениот научен интерес доведува до основањето на посебни институции за сексолошки истражувања. Прв таков институт во светот е основан во Берлин (1919 г.). Сличен институт формирал и Универзитетот во Виена (1928). Драгоцен е неговиот библиографски и биографски „Bilder Lexikon der Erotik" (1928-1931) во 6 тома. За нас особено се важни двата тома во кои е обработена еротската уметност и литературата. Во прашање е „Ein bibliographisces und biographisces Nachsclagwerk, eine Kunst – und Literatur – Geschichte für Gebiete der erotiscen Belleteristik, der Galanten, skandalösen und sotadischen Literaturen, der Facetien, folkloristischen und skatalogischen lunosa von der Antike bis zum Gegenwart. Ein Sammelwerk der Sexuell betonten Produktion aller Völker und Zeiten auf den Gebleten der bildenden Kunst".

[2] Џемс Џон Фрезер, Златна грана, Београд, 1937, 407.

персонифицирале како машки и женски суштества. Одовде до обидот, врз принципот на хомеопатичната или имитативната магија, да се повлијае врз растењето на дрвјата и растенијата со претстави за брак меѓу горските божества што го вршат луѓе, со одредени свечености и во одредено време, има само еден чекор. Во својата прочуена „Златна гранка“ Џемс Џон Фрезер – разгледувајќи го ова необично важно прашање на магијата и митологијата – заклучува дека „тие претстави не биле прости симболички или алегорички драми, пасторали за забава и поука на селските слушатели, туку биле магии, чија цел била да повлијаат горите да зеленат, да никне нова трева, да пораснат посевите и да цути цвеќето. И сосема било природно – продолжува Фрезер – да се претположи дека, колку глумата на маскираните луѓе, во лисја облечени и со цвеќиња закитени, поверно го подражавала бракот на горските духови, толку магиите ќе бидат поуспешни. Затоа е многу веројатно дека општопознатиот разврат на овие празненства некогаш не бил случајна разуларeност на страстите, туку битен дел од обред, и дека, според мислењето на учесниците во обредот, бракот на дрвјата и растенијата не би можел да биде плоден без вистинското полово спојување на луѓето...“[3] Натаму, Фрезер смета дека „примитивните народи... свесно го употребувале половото општење како средство за осигурување на плодноста на земјата“.[4]

Ако се согласиме дека примитивните луѓе вака гледале на животот на природата, на процесот на нејзиното

---

[3] На истото место, 179.

[4] Документирајќи го овој свој заклучок, Фрезер наведува пример за полово општење на нивите пред сеидбата кај некои примитивни племиња (во Средна Америка, на Јава и др., стр. 180). Овој чин со обредно значење произлегува од примитивното верување, врз принципот на имитативната магија (дека сличното произведува слично), оти половиот акт ќе придонесе и нивата да биде плодна, бидејќи се одбираат жени со повеќе деца. Патем ќе одбележиме дека во нашето еротско творештво се среќава мотив за никнување на фалуси на нива, по повела божја. Тие имаат чудотворно, активно дејство штом ќе се изговори одредена говорна формула (Институт за фолклор – Скопје, м.л. бр. 974; варијанта: мој запис од с. Кучевиште – Скопско). Овој мотив е обликуван и на една литографија на анонимен уметник (Bilder Lexikon, Wien, 1931, 657).

повторно раѓање, обидувајќи се да повлијаат врз него со разни магии, и дека ваквото верување нашло соодветен одраз во различните верувања и религиозни системи, почнувајќи од анимизмот, па преку митологијата натаму, тогаш нема ништо чудно што и половите односи влегувале во рамките на ваквите верувања, што првобитно не ги ограничувале никакви вештачки рамки. Половиот однос меѓу маж и жена се сметал пред сѐ како однос што го осигурува потомството, а единствените норми за овој однос се ограничувале на тоа како тој, во крајна линија, можел да се одрази врз животот на природата од која исцело зависел животот на нашите далечни сурови и примитивни предци.

Кај многубројни племиња и народи во светот, оттука, фалусот како симбол на оплодувањето станал култ (тнр. Пијапов култ). Кај Елините тој довел до воведувањето на проституција во храмовите, која Солон ја озаконил. Класична земја на обожавањето на фалусот е Индија[5]. И до денес зачуваните безбројни храмови во Индија (на пр. оние во Каџурах), но исто така и во хиндустичките и будистичките храмови во Кина, Бурма, на Целјон - се најдобрата илустрација за примарната улога на фалусот во нивната религија, но чии корени се секако постари. Со индиското божество Шива, чиј главен култ е фалусот, се поврзани големите празнувања во март што ги следат сексуални оргии и песни. Во стариот Египет овој култ бил сврзан со Озирис, богот на растенијата. Во Луксор, во храмот, познатиот Александар-релјеф го прикажува богот со голем фалус, а во Хиераполис (во Сирија) и денес пред храмот стои огромниот споменик на фалусот. Кај Грците и Римјаните овој култ е поврзан со култот на Дионисиј, односно на Бах. Тој култ го среќаваме и кај разни афричкиплемиња (Дахомеј), кај индијански племиња во Америка (Каја и Кобеја), познати по своите фалус-танци.

Слични се и верувањата за женските божества на плодноста. Во римската митологија, на пример, Дијана (идентифицирана со грчката богиња Артемида) се смета за богиња на природата воопшто, посебно на плодноста

---

[5] Види: Richard Schmidt, Beltrage zur indische Erotik, Leipzig, 1902.

и на породувањето. Во храмовите таа била претставувана со многу цицки и со други бројни симболи на бујната плодност.

Во грчката митологија Пријап, синот на Дионисиј и Афродита, се сметал за божество на плодноста, па затоа со него бил сврзан култот на оплодувањето на полињата и лозјата. Овој култ се раширил по целиот античен свет. Пријап бил прикажуван како брадест човек со голем фалус. Нему му се жртвувало магаре (симбол на оплодувањето). Од античката митологија Пријаповиот култ се раширил во Галија, Шпанија, потем кај словенските народи. Подоцна, со појавата на христијанството, оваа религија го прифатила и овој култ и го поврзала со Исус Христос, Марија и разни светии [6]. Во алпските земји, на пример, се почитува св. Леонард – како патрон и чувар на плодноста. Покрај неговите капели по полињата се подигаат железни тн. Леонардови клинци што имаат вид на фалус. Верниците ги прегрнуваат и ги бакнуваат, верувајќи дека тој ќе ги ослободи од неплодност. Кај словенските народи овој култ е сврзан со светиите Кузман и Дамјан, кои се јавуваат и како исцелители. Во Скопје, до пред Втората светска војна, кај старата Јигитбегова џамија (Меда џамија) секој петок и, особено, на празникот на светиите, доаѓаа верници муслимани и христијани и на чешмата што се наоѓаше покрај џамијата (Јигит-бег, освојувач на Скопје, џамијата ја изградил врз темелите на некогашната црква посветена на Кузман и Дамјан) палеа свеќи, оставаа нишани и се миеја од нејзината вода – за здравје и плодност![7]

---

[6] Сведочат за тоа, покрај другото, безбројните црковни, опсцени слики и скулптури по христијанските европски цркви, особено во католичките цркви (XII до XVI век).

[7] Ваквите и слични верувања и култови се поврзани со соодветни обичаи и празнувања. Меѓу другите, такви биле некогаш сатурмалиите, а од нив настанале европските карневали. Нивното потекло е од Египет, од процесите посветени на богињата Изида. Смислата на овие празнувања, со кои луѓето преку танци, мимички игри и соодветна полова слобода ги слават божествата на плодноста во пролетта, е во стремежот да се предизвика добар род на земјата.

* * *

Погледите и односот на луѓето кон еротските проблеми, со промените на верувањата и сфаќањата, со промените и на брачната институција (од полиандрија до полигамија и моногамија), постојано се менувале, во зависност од степенот на културниот развиток на секој одделен народ [8]. Природно е што ваквите различни верувања и сфаќања навлегле во обичаите и во фолклорните творби уште од дамнина и што некои од нив се задржале и до нашава современост, честопати во форма на најразновидни преживелици. Се рефлектираат тие, на пример, во бројните приказни во кои фалусот се претставува во најхиперболични големини. Така, во некои наши приказни со него може река да се премости или тој мора да се пренесува на дванаесет коли.

Во фолклорот на сите народи во светот, творбите со еротска содржина отсекогаш имале централно место. Во македонското прозно народно творештво овие творби секако ја сочинуваат неговата подобра половина. Ова не е ништо чудно, бидејќи во човечкиот живот токму еротскиот проблем по својата биолошка важност и по своите пропорции стои над сите други животни проблеми. Не треба посебно да се истакнува општопознатиот факт дека и денес безбројни еротски фолклорни творби од највулгарна до најсуптилна форма на обработка, циркулираат наполно слободно од еден човек до друг, добивајќи при тоа севозможни ретуши, веќе според вкусот и сензибилитетот на оние што ги пренесуваат. За раскажувањето на еротски приказни, анегдоти или вицеви секогаш се наоѓа време. Бидејќи тие речиси, немаат некаква поспецијална идејна насоченост, подеднакво им припаѓаат на сите општествени слоеви; подеднакво се среќаваат и меѓу неписмените луѓе и високите интелектуалци, речиси рамномерно и во селата и во градовите.

Во македонскиот фолклор, освен приказни, анегдоти и вицеви, вечната еротска тема широко е застапена и

---

[8] Фридрих Енгелс, Порекло породице, приватне својине и државе, Београд 1967 (посебно теоријата за дијалектичкиот развиток на семејството (според Л. Н. Морган).

во песните, пословиците, гатанките и прашанките. Меѓутоа, од големата ризница на нашиот еротски фолклор, што со времето постојано се надополнувала и се празнела, во македонските збирки со народни умотворби се внесени само по некои зрна, најчесто завиткани во срамежлива боја од запишувачите. Оттука, наметнатото табу (да не се објавуваат „срамни работи") придонесувало во прилична мера ваквите записи да ја губат својата еротска смисла. Обично во нив, наполно или делумно, се испуштало или се ублажувало сѐ она што можело да „скандализира". Тоа лесно се открива при споредбите на забележаните и објавени творби со нивните варијанти што и денес живеат во народот. Еден пример ќе може да ја прикаже оваа постапка. Нашиот голем собирач Кузман А. Шапкарев од приказната „Попот и измеќарот"[9] една нејзина тотално еротска епизода речиси сосема ја испуштил.[10]) Роб на своето време, чувствувајќи сепак дека тоа е недопуштено, својата интервенција во оваа насока тој посакал да ја оправда и да ја објасни со следниве зборови: „Овде претходи еден разговор помеѓу измеќарот, жените и оддалечениот во лозјата поп. За одбегнување на секоја неприличност, јас го изоставам". Всушност, со ова „изоставање" Шапкарев ја осакатил приказната: таа останува недоречена, а причината и актот на обесчестувањето на попадијата и нејзината ќерка недоволно објаснет. Уште еден пример: при објавувањето на прочуениот „Ерлангенски ракопис"[11] од Српската

---

[9] Кузман А. Шапкарев, Сборник от български народни умотворения, книга VIII, София, 1892, приказна бр. 95.

[10] Епизодата гласи: „Потоа после, утрината ошле обајцата со диклите на рамо, попот и измеќарот, в лозје, да копает. А лозјето не се копало со дикли, та попот пратил измеќаратого дома за да земит две мотики. (Лозјето не било многу далеко од попоата куќа, се гледало од лозјето во куќата и се слушало). Измеќарот ошол дома, а наместо да земит мотиќи две, тој обесчестил обете жени – попаѓата и ќерка му, пак сетне зел мотиќите и односел в лозје". Испуштен е во приказнава начинот на кој итриот измеќар ги прелагал двете жени да му се поддадат, бидејќи од разговорот што тој гласно го водел со попот, согласноста негова да му дадат две мотики, жените погрешно ја разбрале како согласност да му се поддадат на измеќарот. Попот исто така мислел дека на жените им дава согласност да му дадат на измеќарот мотики.

[11] Герхард Геземан, Ерлангенски рукопис, САНУ, Сремски Карловци, 1925.

академија на науките, од ова научно издание беа испуштени неколку еротски народни песни. Герхард Гедеман беше принуден – заради целината на делото – отпосле да ги објави во Германија. Патем да одбележиме дека во Германија Фридрих Краус во своите значајни списанија“ „Kryptadia“ и „Anthropophyteia“[12] објавил повеќе илјади еротски народни творби од Југославија (приказни, песни, пословици, обичаи и др.). Очигледно, тоа што кај нас се сметало за „неприлично“, како што пишува Шапкарев, не било неприлично во други земји. И големиот Вук Ст. Караџиќ собирал еротски народни умотворби, но објавил само еден мал дел од своите записи во првото издание на својот „Рјечник“ (1818 г.). Неодамна, само за научна употреба, беа објавени како посебна збирка неговите еротски народни песни[13].

Во светската литература еротската литература е стара колку и самата таа. Во оние далечни времиња, во стариот век, кога таа започнала да се создава, сексуалните односи не биле ограничени со такви рамки, кои подоцна, со текот на времето и цивилизацијата, сè повеќе ја стеснувале нивната слобода. Старите цивилизации, сеедно дали во Азија, Африка, Европа или Америка, во своите верувања и својата митологија, своите многубројни богови и божества си ги претставувале како човечки суштества, но секако со натчовечки можности, сили и дарби; се верувало дека тие во својот целокупен живот постапувале како и луѓето, дека живееле по сите правила на човечкиот живот, се раѓале, имале детство, се вљубувале, се женеле или се мажеле, имале пород, умирале. Во љубов-

---

[12] Dr Friedrich Kraus, (роден во Пожега во 1859 година), германски славист, е еден од најзначајните собирачи на еротскиот фолклор. Објавени се во неговите списанија: Kryptadia. Recueil de documents pour servir a toile rouge, 9 vol. Heilbronn, 1883–1889, Paris, 1897-1905; Anthropophyteja. Jahrbücher für folkloristischen Moral, Bd. I-X, Leipzig, 1904 ff. Во „Kryptadia“ е објавен и неговиот труд „Die Zeugung und Sitte, Brauch und Glauben der Südslaven“. Меѓу објавените многубројни еротски творби од Југославија се наоѓаат и творби што му ги собирале и испраќале д-р Валтазар Богишиќ, Д-р Александар Митровиќ и др.

[13] Српске народне пјесме из необјављених рукописа Вука Стеф. Караџића, књига пета. Особите пјесме и поскочице, Београд, 1974. – Збирката е издание на Српската академија на науките и уметностите. Редактори се Живомир Младеновиќ и Владан Недиќ.

та и бракот биле верни или неверни. Во староегипетската митологија Нута, жената на богот на сонцето Ра, го изневерувала својот маж со богот на земјата Себ, но тоа не ѝ пречело да има љубовни односи и со богот Тот. Нејзиниот син Озирис – богот на растенијата – се оженил со својата сестра Изида[14], итн. Грчката митологија врие од најразновидни љубовни доживувања на многубројните богови и богињи. Метаморфозите на Овидиј[15] блескаво ги опеваат љубовните страсти на боговите, казните и последиците што тие ги причинуваат. За да се добие сакaната жена или маж се вршат вистински чаролии. Јупитер се претвора во Дијана за да може да ја обљуби Калисто, нејзината другарка. Тој се претвора во бик за да ја грабне Европа и да ја пренесе на Крит. Во грчката митологија Афродита се вљубува во Адонис, но во него се вљубува и Персефона, кралицата на подземниот свет. Зевс тогаш решил тие двете да го делат по половина година, исто како што му било одредено на богот Тамус во вавилонската митологија. Тој бил љубовник на Истра – великата мајка богиња што се сметала за овоплотување на плодните сили на природата. Всушност, богот Тамус бил прифатен од Елините под името Адонис. Натаму, богот на љубовта Амор (римски Купидон), претставен како дете, дури ја следел својата мајка Венера во нејзините љубовни авантури. Овој мотив е широко користен во ликовната уметност. Богињата Јунона жестоко ги казнувала многубројните љубовници на својот маж Јупитер, претворајќи ги во разни животни или растенија, праќајќи ја чумата за казна, итн.

Еротската литература на стариот век пред сѐ е создадена врз основа на митологијата, но таа е одраз и на реалниот живот. Како основно дело во областа на еротиката од тоа време се смета и денес прочуената индиска

---

[14] Мотивот на родоскрвната љубов (инцестот), било како свесен или несвесен чин, е вонредно широко застапен во фолклорното творештво на сите народи во безбројни варијанти. Тоа е случај и со македонското народно творештво.

[15] Публија Овидија Насона, Метаморфозе. Превео Т.Маретић. У Загребу, 1907. Метаморфозите се мошне експлоатирани не само во уметноста, туку и во фолклорот. Бројни наши приказни па и еротски приказни и песни се градат врз разни метаморфози.

Камасутра. Старогрчкиот поет Сотадес,[16] пак, се смета за основач на опсцената литература (Пријапова литература). Неговите дела содржат разновидни перверзии, што биле секојдневна практика кај старите Елини, потем и кај Римјаните. И Овидиј е класичен поет на античката еротика а неговата збирка песни „Арс аманди“ (Љубовна вештина) е ненадмината во тој поглед.

Европската еротска литература е повеќе од огромна, особено ако се земат предвид и делата што немаат литературна вредност. Такви се безбројните порнографски дела, особено оние во вид на описи на љубовни авантури, љубовни мемоари и сл. Тука можат да се вбројат и разновидните алманаси, календари и антологии со еротска содржина; тие биле многу популарни во 18 и 19 век. Од ова време датираат и разновидните библиографии за еротиката на француски, германски и англиски јазик[17].

Во средновековната европска литература еротизмот се појавил во 15 век, поврзан со тнр. fabliaux или fables. Тоа се поетски дела во кои доаѓаат до израз овие три важни елементи: 1) продорот на ориенталните расказни, со нивните погледи за третирањето на жената, 2) црковното учење за жената (целибатот) и 3) нискиот статеж на мажите. Врвно дело на еротската европска литература од 15 век се смета и денес популарниот „Декамерон“ на Ѓовани Бокачо (1313–1375), чие прво издание е објавено дури во 1471 година. Во 16 век тој епитет секако му припаѓа на „Хептамерон“ на Маргарита од Новара (1492–1549)[18]. Германецот Хајнрих Бебел, професор по теологија во Тибинген, го објавил во 1508–1512 година во Стразбург своето прочуено дело „Facetiarum libri tres“ (на латински јазик). Во него тој ги опишал љубовните авантури на монаси, калуѓерки и разновидните неверства. За Германија, во времето на хуманизмот, ова дело го

[16] Од името на овој грчки поет останал изразот сотадичен – развратен, блуден: сотадични стихови, новели, анегдоти, вицеви, итн.

[17] Spencer Ashbee, Index librorum prohibitorum, London, 1887. Првиот еротски весник се појавил исто така во Англија: The Convent Garden Magazine, or Amoures Repository, London, 1772-4.

[18] Heptameron des Nouvelles (1559).– Меѓу 72 новели на оваа збирка, една од најпрочуените е „Servante justifiée“.

има истото значење како и Бокачовиот „Декамерон“ за ренесансата. На германски јазик ова дело е преведено во 1589 година, а во 1907 година Веселски извршил избор од него.

Без секакви претензии за подлабоко навлегување во извонредно широкото поле на европското литературно еротско творештво, патем ќе се задржам само на мал број писатели и дела, кои и без своите еротски творби претставуваат поими во светската литература. Така, Франсоа Рабле (1494–1553) – најгенијалниот хуморист во француската литература – и до денес е актуелен со својата еротска „Хроника на Гаргантуа“ и нејзиниот прочуен херој Пантагруел. На Франција ѝ припаѓа и Никола Хорие (1622–1692). Тој е автор на едно од најпрочуените дела на светската еротска литература, всушност на првиот „органски проведен сотадичен роман“[19]. Ова дело било често преведувано од латински на француски, германски, англиски и италијански јазик. Од 18 век е „La Puselle“ на Волтер. Занимливо е да се истакне дека и Мирабо – еден од духовните водачи на Француската револуција – се јавува како автор на бројни еротски дела.[20]

Наоѓајќи инспирација во Бокачовиот „Декамерон“, Оноре де Балзак, кој има посебна склоност кон еротизмот, ги напишал своите „Сто скокотливи приказни“[21]). Генијалниот Шарл Бодлер е еротски поет „par excellance“; тој често е именуван како „poete mandit“. Познато е дека неговите поетски еротски творби биле забранувани за печатење во Франција, па се објавувани во Белгија. Дури по неговата смрт, во неговите „Посмртни дела“ забранетите песни повторно се преиздадени. Тоа се „Les fleurs du mal“. Не помалку познатиот Гијом Аполинер се смета за еден од најдобрите познавачи на француската еротска литература – една од најсуптилните во светот. Значаен е, меѓу другите, неговиот библиографски труд „Les maitres de l'amour, Les coffret du bibliophile“. И голе-

---

[19] Elegantiae latini sermonis Aloisiae Sigaea Tolenatae Satira de Ananis Amoris et Veneris. Aloisia Hispaniae scripsit, Latinitate denavit Joannes Mersius (псевдонимот). V.C. Sine Nota, 2 T (Lyon, 1658-1659), 245 стр.

[20] Erotica Biblion (1783); Le rideau leve (1797).

[21] Les cent contes drolatique – 3 vol. 1832-37.

миот француски натуралист Емил Зола му посветувал посебно внимание на еротизмот во своите дела.

Не само во француската,[22] туку и во другите западни литератури[23], еротската литература го има истото значајно место. Прочуениот шкотски поет Роберт Бернс (1759–1796) е автор на убавите „Мали еротски песни", а великиот Бајрон на бројни опсцени песни. Во оставнината на најголемиот германски поет на сите времиња Волфганг Гете (тоа се чува во Гетеовиот музеј во Вајмар) се наоѓаат бројни необјавени еротски песни, кои „сведочат за неговото мајсторство ѝ во овој жанр".

Руската еротска литература исто така е значајна; како автори се јавуваат најпознатите руски писатели. Мерешковски веќе одбележал „дека целото дело на Тургењев е песна на љубовта што триумфира". Познато е дека и Лав Толстој решавал низа еротски проблеми во своите дела. Кај Писемски еротиката има доминантна улога. Арцибашев го сметаат за еротски нихилист. По Октомвриската револуција, поетот на револуцијата Мајаковски ја презеде битката за еротиката („Облак во панталони"). Руската поетска еротика е и преведувана.

И во Југословенските книжевности, како што е познато, мнозина нејзини видни претставници се јавуваат и како автори на еротски дела на пр. Боро Станковиќ со неговата „Нечиста крв" и мнозина други. Меѓутоа, многу еротски творби не можеле да се објавуваат, па некои се зачувани во нивните оставнини, а други циркулираат во народот, често како фолклоризирани творби. Таков е случајот, на пример, со еротските песни на Лаза Костиќ,

---

[22] Најнов антологиски избор на француската еротска поезија нуди книгата на Marcel Bealu. La poésie erotique de langue française, Paris, 1971, pp. 345. Во неа се внесени еротски творби почнувајќи од Гијом Кокилер (X век), па до современите француски поети. Покрај оние што веќе се спомнати, среќаваме и мнозина други (Малербо, Пјер Ронсар, Лафонтен, Алфред де Мисе, Виктор Иго, Т. Готје, Пол Верлен). Извонреден превод на француската еротска литература наоѓаме во збирката „Бордел муза" (издание на „Либер" на Филозофскиот факултет во Загреб). Превод Данило Киш.

[23] Една од најдобрите италијански антологии на еротиката е објавена во Рим уште во 1854 година и потем често преведувана на други јазици и преиздавана: L'Erotiade, fiori galanti di Casti, Marini, Rillosi, Pananti, Aretino, Ariosto, Battachi, Fortigueri, Franco...

Ѓура Јакшиќ, на Медо Пуциќ и други. Во подалечното минато, во дубровничката литература еротизмот си го наоѓал своето место, дури и во печатените дела. Влијанието на петраркизмот и ренесансата се чувствувале и на ова поле.

* * *

Во еротскиот фолклор најполуларни се приказните и анегдотите. Причината е сосема јасна: тие најлесно се пренесуваат и поради слободата што ја дава раскажувањето како творечки процес, допуштаат, секакви интервенции и интерпретации од страна на раскажувачите. Еротски песни има помалку. Најчесто се во прашање песни од кругот на љубовната и свадбената поезија. Забележлива е една специфичност на овие песни: во нив клучно место има често хумористичната страна на еротизмот. Тоа доаѓа од таму што ваквите песни обично се исполнуваат на заеднички работни собири или при одделни обреди, најчесто при сведбените обреди, па хуморот, наедно, го тапи еротското острило. Така, во Кривопаланечко, на пример, според вековниот народен обичај, како составен дел од свадбениот обред, невестата е задолжена во куќата на младоженецот пред сватовите (кои седат на трпезата и се веселат) да испее една еротска песна[24]. Кумот, кој повела на секоја свадба, дава наредба кога невестата треба да ја изврши оваа своја должност, што треба да се смета како подготовка за нејзиниот премин од моминство во жена. Во Кумановско наместо песни се раскажуваат еротски приказни за „кумот“ и за „старејкото“, итн. Според тоа смислата на нејзиното исполнување е јасна, таа во себе крие архаична симболика: дека невестата е подготвена за нејзината главна задача во бракот – да биде верна сопруга и да раѓа здраво потомство. Но, песната во овој случај е и средство за разгорување на сексуалниот нагон на младоженците пред првата брачна ноќ и за ослободување од стравот од претстојниот сексуален чин. Еротски песни се пеат од жените

---

[24] Институт за фолклор (натаму: ИФ) – Скопје, м.л. бр. 974.

и при месењето на свадбената свaќa (во Скопска Црна Гора и во западните краишта на Македонија, на пример). Тестото за свaќaта се замесува вечерта, а самата свaќa се меси во неделата, на денот на свадбата, рано изутрина. Собраните жени тогаш со толчник (познато е, тој има вид на фалус) ќе ја продупчат месената погача во средината. Смислата на овој чин е јасна, особено и поради фактот што тогаш се пеат еротски песнички и се кажуваат анегдоти и шеги за претстојното дефлорирање на невестата. Обратно, на прв поглед изгледа наполно неумесен и несоодветен обичајот да се раскажуваат „мрсни приказни" по закопот на брачен другар – при поставувањето на софрата по враќањето од гробиштата. И овде доаѓа до израз примитивното верување за „враќањето во живот" на умрениот, дека неговата душа и по смртта може да дејствува како добра или зла сила, дека е присутен и на софрата и дека и нему му причинува задоволство да слуша „мрсни приказни" во кои животот е – живот!

Инаку, еротски песни се пеат и при други обреди. Тие се составен дел при коледните и божиќните обреди, при игрите на џамаларите, кога се вршат такви адети со кои се претставува изобилство, добар род и приплод. Смислата на овие обичаи се крие во примитивното верување дека сличното произведува слично и дека со претставувањето на изобилството, новата година навистина ќе донесе добар род и приплод, бидејќи во основата нивна лежи стремежот магиски да се повлијае во обновата на природата по зимата. Затоа и христијанската вера Христовото раѓање го поврзала со паганскиот празник на новата година.

Еротските искуства и односот на нашиот народ кон најразновидни сексуални прашања со општо значење се среќаваат оформени и како пословици, гатанки, прашанки. Ги има доста. Десетината пословици од мојот личен фонд, што ќе ги наведам, ќе покажат дека тие по форма, строеж и стил воопшто не се разликуваат од другите пословици. И еротските пословици се концизни, обично двочленски, често со внатрешна рима:

Кај најдиш – клај.
Прво клинче – синче.

Кој со к'смет, кој со кур.
Кур писмо не знае, пичка есап ич.
Надеј се, куре, на пијана жена.
Старечко ебање – биволско орање.
Тепан и ебан никогаш не заборавaат.

Меѓутоа, оваа отвореност и непосредност на пословиците, природно, ја немаат гатанките. Како специфичен вид во народното творештво, гатанката ја сочинуваат два дела: прашањето и одговорот. Нивната метафорична форма и можноста одговорите да бидат различни, допуштаат некои гатанки веќе во прашалниот дел да имаат еротска смисла и насоченост, поради очигледно двосмислениот нивни карактер. Како што е познато, гатанката денес е пред сè средство за забава, но и сакана игра меѓу децата. Затоа кога на разновидни работни и други собири во нашите села, за да се постигне ведро расположение, се поставуваат гатанки какви што се следниве:

Арапка се расчекори – Арапин ја јавна. (пирустија и црепна)
Вујко свирна вујна нога дигна. (клуч и катинар)
Кусо дебело – на жените им потребало. (толчник)
На баба ѝ зјаи – на дедо му виси. (бунар и кофа)
Тврдо црвено – во женско месо проврено. (убетка)
Цел ден висит – навечер влегвит. (канца за потпирање)
Црн клај го – црвен извај го. (рак) итн.[25]) сосема е природно што наместо точниот одговор, ќе се добијат и одговори на кои асоцираат прашањата. Од друга страна, бидејќи гатанките се градат врз сопоставување, разни предмети, животни, растенија, делови од човечкото тело и други поими се обликуваат во нив на обратен начин. Така, во некои гатанки во прашалниот дел се земаат половите органи или самиот полов чин, а правилниот одговор, се разбира, нема врска со еротизмот. Гатанките: Едно детенце со куренцето на појас (стомне со дупче), Седи

[25] Гатанките се главно, од збирката на Филип Каваев: Народни пословици и гатанки од Струга и Струшко. Институт за македонски јазик, Скопје, 1961.

дедо в градина – со растресени мадиња (корен од патлиџан), Црвен курец на тарунец (црвена пиперка), – ја илустрираат оваа игра на зборови. Слободата по поставувањето на вакви и слични гатанки и навидум скриениот еротизам, што тие сепак го содржат, ја покажуваат широчината на еротските претстави и сфаќања на нашиот народ.

Мошне популарни се и еротските прашанки. Неколкуте примери ќе ја илустрираат нивната тематика и структура:

– Зошто петелот нема раце?
– Затоа што кокошката нема гради!
– Зошто петелот ги шири крилјата кога ја јава кокошката?
– За да ја покрие срамотата![26]

Меѓутоа, и во ваквите прашанки, речиси наивни, раширени и меѓу децата, продираат и некои современи сфаќања, па последнава прашанка, со незнатни измени, како варијанта, добива сосема поинаква смисла и во прашањето и во одговорот:
– Зошто петелот кога ја јава кокошката, ја клуца по глава?
– За да ѝ ја истера од глава мислата за брак!

Еротските народни приказни по својата тематска страна спаѓаат пред сè меѓу анегдотите, но одделни приказни, поради својата развиена форма и по своите стилско-композициски особености, припаѓаат на групата реалистички народни приказни (новели).[27] Затоа тие можат да се формулираат како приказни за реални настани и случки, или што се можни, иако изгледаат неверојатни.

---

[26] Записи од мојот фонд.

[27] Македонските народни приказни можат да се определат во Арне-Томсоновиот индекс на мотиви, во соодветните новелистички и анегдотски групи и гнезда. Меѓутоа, се случува, на пример, еден анегдотски мотив да биде толку проширен, да има толку развиена фабула и таква стилско-композициска обработка (детални описи, развиени дијалози, ретардации, често и повеќе епизоди и сл.) што тешко може да се смета за анегдота. И во ваквите случаи се покажува колку е мачно да се диференцираат новелите од анегдотите.

Имено, иако третираат реални теми од сексуалниот живот на луѓето, еротските приказни во многу случаи ги прикажуваат во стопроцентно невозможни димензии. Освен тоа, голем број од еротските приказни се доближуваат до волшебните приказни, не само затоа што во нив се среќаваат волшебни дејства и предмети што ги прават фантастични, туку честопати и по свите мотиви, па и по стилско-композициските сличности, без оглед што во нив е присутна и тенденцијата за гротескно-комично претставување на сè она што е волшебно или фантастично.

Главните мотиви во еротските приказни се црпат од секојдневните љубовни, брачни и сексуални доживувања на луѓето. Тоа се пред сè теми за верни и неверни жени, за љубовници во стапица, исплашени љубовници, за незадоволни сопрузи, за сексуална неспособност, за размена на жени односно мажи, за девојки што не сакаат да се мажат, за вдовици што божем веќе не сакаат друг маж, за казнување за прељуба, итн. Меѓутоа, ако во целина се бара основната идеја во овие приказни, тогаш проблемот се сведува најчесто кон тоа да се изнајде таков „марифет" со кој се овозможува да се прелаже некоја жена или да се измами мажот, да се казне прељубникот или прељубницата, и слично. За решавањето на овој проблем се користат не само домашните искуства, туку и интерналните, ако така може да се каже. Некои наши приказни се слични или еднакви со соодветните приказни на други народи; во некои се наоѓаат епизоди што се слични или еднакви со некои туѓи приказни, понекогаш објавени и пред стотина години, што никако не значи дека секогаш се во прашање прости пренесувања или заемања. Така, во спомнатата книга на германскиот професор Хајнрих Бебел, во едно доживување среќаваме речиси слично решение, со итрост да се дојде до жена, какво што употребил еден наш селанец во една малешевска приказна[28]. Еден французанец преноќевал во еден женски манастир. Ноќта почнал да вика: „Не, јас тоа нема да го сторам!" Кога игуманијата, разбудена од овој повик,

[28] Facetiarum libri tres. Strassburg, 1508-1512. Малешевската приказна е мој запис.

дошла во неговата ќелија и го запрашала со кого зборува и што викал, тој ѝ објаснил дека глас од небото му наредил да ноќева кај најмладата калуѓерка, а тој не се согласувал со тоа. Сепак, игуманијата го наговорила. По девет месеци младата калуѓерка родила дете. И нашиот селанец, за да ја обљуби својата свеска употребил слична, но многу посуптилна и пообмислена постапка. И тој божем разговарал со бога, давајќи ѝ докази за тоа на својата свеска, и тој најсетне извикал: „Не, јас тоа нема да го сторам! Подобро да умрам, отколку тоа да го сторам!" и кога наивната но веќе убедена свеска се уверила дека тој навистина разговара со бога, го запрашала што значи тоа, а овој ѝ објаснил дека господ му кажал да ја обљуби, инаку ќе умрел. И за да не умре зетот, свеската се согласува: „Е, немој, бате, да умреш!" Натаму, нашата (приказна за еден цар што испратил советници да најдат маж што сексуално би ѝ одговарал на неговата ќерка[29] се барал маж со голем фалус) е слична со една германска народна приказна[30]. И во неа кралот испратил советници да бараат за неговата ќерка соодветен маж, бидејќи таа „во еротските работи била толку незаситна што ни еден маж не можел да ја задоволи". Мотивот за преоблекувањето на маж во женска облека, за да се дојде до жена, се среќава во бројни варијанти во светскиот фолклор. Од француската литература да ја спомeнеме само книгата „Авантурите на опатот Шоази облечен како жена"[31]. И во една наша приказна, едно итро момче се претставува како девојка што сака да се закалуѓери. Откако било примено, момчето сите калуѓерки, една по една, спиејќи со нив, ги затруднел. Но, далеку поинтернационални се приказните за тројцата попови што паѓаат во стапица кога ќе појдат кај некоја верна жена, што го известила својот маж за нивните постојани љубовни предлози (АТ

[29] ИФ, м.л. бр. 1024 и 1476.

[30] Die Königstöchter. Ein Volksmärchen wie es unter Männern erzählt wird. Bugu: Bilder Lexikon, Literatur und Kunst, H-Z, S.592.

[31] Aventures de l abbe'Choisy habiilé en femme, Paris, 1862. И во нашите народни песни е застапен овој мотив. И денес во Малешевијата е популарна песната „Цандафила", во која едно момче, преоблечено во була, успева да влезе во харем за да ѝ се приближи на една анама што се фалела дека неа „машка рака" не ја пипнала.

1730). Такви се и мотивите: „Мажот што се престорува умрен" (AT 1350A), „Тој што е горе" (AT 1355), „Преплашениот љубовник" (AT 1358), „Неверната жена и нејзиниот маж што се прави слеп" (AT 1380) и други.

* * *

Најважната преокупација на тематската обработка на основните групи мотиви на еротските приказни произлегуваат, всушност, од тоа на кој начин се решаваат, се правдаат или се осудуваат еротските проблеми од секојдневните доживувања на луѓето. И нема да се згреши ако се каже дека не постои строг шематски пристап во нивното решавање. Присутна е единствената законитост: во сите случаи, без оглед каква е разврската на одделни приказни, тие да предаваат одредено животно искуство што не мора секогаш да има општо, пошироко значење.

Мотивите за неверните жени спаѓаат меѓу најраширените во приказничното творештво воопшто. Тие се користат и во волшебните приказни. Во нашите волшебни приказни неверните жени одат дотаму што се обидуваат да ги погубат и своите сопствени деца, само за да го задржат својот љубовник[32]. Неверни жени се среќаваат и во приказните на старите народи. Индиската Панчатантра[33] содржи, на пример, повеќе вакви приказни. Меѓу нив е и онаа за неверната жена на браманот, кој од љубов ѝ подарил на својата жена една половина од својот живот само таа да оживее. Неблагодарната жена сепак потоа го изневерила со сакат маж, во кој се вљубила. Се обидела потем да го загуби својот маж, но тој бил спасен и на крајот неверната жена била казнета. И во една староегипетска приказна една жена се обидува да го изневери својот маж со неговиот брат[34]. Откако овој ја одбил, таа го наклеветила дека тој сакал да ја напаствува. Следува разделбата на браќата со бројни перипетии.

---

[32] Марко К. Цепенков, Македонски народни умотворби во десет тома, т. II, Скопје, 1972 – приказните бр. 81 и 82.

[33] Th. Benfey, Pantschatantra, II: Übersetzung und Anmerkungen, Leipzig, 1859, S.303.

[34] Fr. v. der Leyen, Das Märchen (1911), S.88, анализа на приказната. Maspero, Les contes populaires de l'Egypete anciennre Paris, 1882.

Во нашите еротски приказни жените се неверни од разни причини, како и во животот, но најчесто поради тоа што се незадоволни во бракот или, поретко, затоа што се развратни. Тоа што приказните ги обработуваат речиси само неверствата на жените е очигледно поради вкоренетото сфаќање во нашиот народ дека мажите имаат понеограничени права во овој однос. Основните причини, пак, за ваквиот третман на жените се нивната социјална положба во семејството и патријархалната потчинетост на мажите. Всушност, штом жената во далечното минато ја изгубила својата рамноправност, нејзе веќе ѝ се прикачило неверството како особина, а самиот овој акт започнал да се смета како повреда на честа на мажот. Одовде до санкциите има само чекор.

Неверствата во нашите приказни мажите секогаш ги откриваат, често со помош на своите пријатели. Во приказната на Цепенков „Богомолната жена прва орospија"[35], откако бил предупреден од пријателот, мажот се уверил дека неговата жена „била најбесчесната жена, што ја мислел оти била светица. На маката згора, отишол при пријателот да му благодари и да се поразгоори за како да ѝ напраит на жена си..." Последиците од неверствата се различни. Во една категорија на ваквите приказни жената успева, со разновидни итроштини, често и со туѓа помош (советите најчесто ги даваат баби, значи жени со искуство), да му ја докаже на мажот својата „невиност". Наивниот маж, кој обично се готвел да ја казни или да ја тепа својата неверна жена, бива доведен во положба да ја моли за прошка. Тие го продолжуваат заедничкиот живот, а таа сепак не се поправа. Во други приказни, за неверството на својата жена мажот ја признава сопствената вина, бидејќи тој самиот, на разни начини, ја подготвил или ја принудил да стори „грев". Кога од својата глупава жена разбрал дека таа, сфаќајќи ги доследно неговите зборови, му се поддала на еден мајстор што ѝ се понудил да ѝ го позлати половиот орган, мажот заклучил иронично: „Многу убаво си напрај'ла жено!"[36]

---

[35] Цепенков, цит. книга, бр. 310.
[36] ИФ, м. л. бр. 1476.

Најбројни се, сепак, приказните во кои мажот ја казнува својата неверна жена. Забележливо е дека неверствата почесто завршуваат со обична физичка казна на прељубницата, отколку со отепувачка. Казните се разновидни и често се одраз на вековните традиции. Во погоре спомнатата приказна, [37] на пример, иако ја фатил својата жена на дело, мажот не пристапил веднаш кон казнување, туку тој првин сакал да се посоветува со својот пријател за мерката што треба да ја преземе. Најчесто брачната двојка го продолжува заедничкиот живот по казнувањето на жената, како ништо да не се случило. Едно од објаснувањата на ваквата разврска може да биде и ова: нашиот селанец до неодамна жената обично ја купувал, па ако би ја истерал или би ја отепал, тогаш би му се јавил повторно значаен економски проблем: да купи нова жена.

Во нашите еротски приказни, натаму, честопати се судруваме со уште полиберални сфаќања за брачните и вонбрачните односи што немаат подлога во вообичаените норми за овие односи во нашиот народ. Ако е разбирливо мажот на својата неверна жена, по кажувањето и прошката да ѝ рече како во некои наши приказни: „Друг пат ќо ќе го напрајш овоа, уште поголема казна те чека"[38], неверојатна е либералноста на една жена во нашата приказна „Умната жена и бего"[39]. Таа го учи сопствениот маж како да ја обљуби беговата ќерка, што му давала докази дека тоа го сака, а потем – откако бегот ги фатил на дело и сакал мажот да го обеси, жената со итрост го ослободила. Сепак, се прашувам: дали овде се работи само за слободоумност? Не срекаваме ли, можеби, сфаќање дека е недопуштено да се одбие жена што се нуди? И затоа ја доведувам оваа приказна во врска со една друга наша приказна, во која токму ова второто сфаќање е централно. Во приказната „Најголемиот грев"[40] едно момче измеќар ја одбива својата стопанка кога таа му предлага полови односи. Кога потем влегол в црква, си-

---

[37] Цепенков, цит. книга бр. 310.
[38] Приказната „Волшебните дрвја" во ИФ, м.л. бр.1476.
[39] Мој запис.
[40] Приказната „Најголемиот грев" во ИФ, м.л. бр. 1360.

те свеќи во неа изгаснале. Попот се досетил дека причината на изгаснувањето на свеќите е во некој голем грев, па го распрашал момчето што сторило дента. Ова му раскажало за понудата на својата стопанка. Тогаш попот му рекол: „Од тој поголем грев кај имат?“ Свеќите повторно се запалиле!...

Од друга страна, поинаков е односот на мажот кон љубовникот на својата жена. Многу често тој останува неказнет, се смета за невиновен, според мислењето што преовладува во нашиот народ дека е природно мажите да посакуваат и туѓи жени, но дека тоа право го немаат и жените. Меѓутоа, во поголемиот дел од еротските приказни и љубовниците страдаат еднакво како и жените. И тие биваат тепани, исмевани, понекогаш кастрирани, дури и отепувани.

Посебна група приказни се оние за неверствата што ги вршат жени на љубоморни мажи, кои на своите жени им ја одземаат личната слобода и постојано ги сомничат за неморал или дека тие ги знаат „женските итроштине“, па не можат да бидат излажени. За да им докажат на своите мажи дека „жена не мојш да доварлиш“ ако сакаат да одат со други мажи, тие успеваат дури и во нивно присуство, често и со непосредна нивна помош, да го извршат чинот на неверството и потем да му го кажат на својот маж и на таков начин да го излекуваат. Се разбира, во сите вакви приказни, жената останува неказнета, бидејќи вината е на другата страна.

Во нашите приказни за неверствата во бракот основната идејна поента е во заклучокот дека верноста на жената секогаш зависи исклучиво од неа. Најдобра илустрација за ваквото сфаќање се приказните за „Момчето што ги пишувало во тефтер женските итроштини“[41]. Пред да се ожени, години со ред, едно момче, одејќи од место до место, ги запишувало итроштините на жените, надевајќи се дека сите ќе ги изучи и дека по женидбата неговата жена не ќе може да го изневерува: „Момчето беше исписало сите итроштиње што му ’и кажале и сите ѓаолштиње што ’и лажеле мажите сè“[42].

---

[41] Цепенков, 1, бр. 394 и 399.
[42] Цепенков, бр. 394, стр. 20.

Меѓутоа, во една прилика, во една туѓа куќа, за да го поучи, домаќинката го довела во мошне деликатна положба: божем тој ја нападнал и кога на нејзиниот писок пристигнале мажите од куќата, таа рекла дека се исплашила. Подоцна на момчето му рекла: „Ти дури си жив да шеташ по земјава и да пишуваш женските ѓаолоштиње, не е возможно да 'и допишиш..."[43]. Ете, токму тие „ѓаолштиње и итроштиње" се вткаени во нашите приказни со еротска содржина, особено во оние за проблемот на верноста и неверноста на жените.

Бројни се нашите приказнични варијанти за тројцата попови што ќе паднат во стапицата што им ја подготвил мажот на некоја верна жена, на која тие имале мерак (АТ 1730). Љубовните авантури на поповите во нашиот еротски фолклор се поставени врз гротескно-комична основа, но тие многу често завршуваат и трагично за нив. Ако други љубовници остануваат и неказнети и се наоѓа за нив оправдување, со свештените лица тоа никогаш не се случува. Очигледно, народот имал поинаков аршин за нив, не ги сакал многу поради нивните бројни пороци, особено поради лажната скромност, лицемерноста, лакомоста. Сличен однос народот покажува и кон припадниците на власта и кон други експлоататори. На пример, нашата приказна „Невестата, оџата, кметот и мухтијата"[44] е слична со онаа за тројцата попови и речиси идентична по последиците за тројцата несудени љубовници.

Нашите еротски приказни најмногу обработуваат реални теми на релација маж – жена, засновани врз природни основи. Ретки се приказните за патолошки сексуални односи, тие очигледно му се туѓи на нашиот народ и наполно неспоиви со неговите етички сфаќања. Сексуални застранувања, какви што се хомосексуализмот, содомијата, бестијалитетот, инцестот, во нив речиси ги нема[45]. Уште нешто: од ваквите, ретки, приказни лесно се заклучува дека тоа и не се наши, македонски, туку обич-

[43] Цепенков, бр. 399, стр. 31.

[44] ИФ, м.л. бр. 974.

[45] Во една наша приказна (СбНУ, X, 40) половиот акт меѓу човек и умрена жена се смета за толку голем грев, што потеклото на чумата се изведува од плодот на умрената жена, која за одмазда ги усмртува луѓето, почнувајќи од царот што го извршил тој бестијален акт.

но позајмени приказни. Така, реткиот хомосексуализам во приказните скоро по правило е поврзан со оџа и попови, со Турци, со печалбари. Занимливо е, натаму, што зоофилијата секогаш се врши со магарица. Како што веќе забележавме, магарето е симбол на оплодувањето, па во овој случај можеби се работи за преживелица што со текот на времето го изгубила своето значење и добила патолошка смисла. Во една наша приказна мажот својата избегана жена за казна ја претвора во магарица со помош на чудотворни сливи што ѝ ги дава да ги изеде[46]. Враќајќи се дома, јавнат врз неа, тој штом ја посакува како жена повторно со друг вид сливи ѝ го враќа човечкиот облик. Метаморфозата се врши неколку пати. Инаку, кога веќе станува збор за преживелиците, патем да одбележиме, дека некои навидум безначајни елементи во приказните, за кои се чини дека имаат моментна реална основа, недвосмислено ја потврдуваат веќе одамна согледаната вистина, што Горки така прецизно и убаво ја дефинирал за волшебните приказни[47], дека во нив дури и најфантастичните нешта имаат своја реална почва во разбирањета на луѓето. Така, во нашите приказни за неверната жена, чиј маж се преправил дека ослепел, за да ја фати на дело со љубовникот, или за мажот што ја намамил својата неверна но глупава жена да оди во една пештера во која божем живеел господ и да го замоли тој да умре за да може таа да го земе за маж својот љубовник, среќаваме идентични епизоди: мажот посакува од жената да му приготви или да донесе пред пештерата во која тој, скриен, ќе ја игра улогата на господа, „печена кокошка и карта вино“. Таа тоа го чини со задоволство. Во прашање не е гурманлук. И во овој елемент е зачуван стариот

[46] Во нашите приказни за Дуња Гузели (веројатно од Турците прифатени) се среќава истата метаморфоза. Момчето што било од неа опљачкано и измамено за казна ја претвора во Магарица со помош на чудотворни плодови (М. Цепенков, 3, бр. 98, 127).

[47] Во својот говор на I конгрес на советските писатели, истакнувајќи го значењето на древните приказни, митови и легенди – како извор за литературното творештво, Максим Горки, меѓу другото, ја даде и оваа слика: „Сите митови и приказни на древноста како божем да завршуваат со митот за Тантал стои до гуша во вода, го измачува жед, но тој не може да ја згасне – тоа е древниот човек сред појавите на надворешниот свет, што тој не го познавал.

обичај со постапката при браколомство. Кај старите Спартанци и Германци (и кај другите индоевропски народи) токму „печената кокошка и врчвата вино“ биле симболи на браколомството[48]. Во некои наши краишта, натаму, според народниот обичај[49], неверната жена вјава на магаре наопаку, држејќи го неговиот опаш в раце. Уште Плутарх го спомнува овој обичај. Според Јаков Грим, тој се практикувал и од Германците.[50] Па ако магарето, инаку, во митовите, следствено и во народните приказни, е симбол на оплодувањето како животно со хетерична, фалична улога, по некакво антиподно мислење тоа станало и симбол на неверството, та дури и во говорот, често, се употребува со симболично сексуално значење.

* * *

Во нашето еротско приказнично творештво се среќаваат и приказни со наполно фантастични мотиви, најчесто идентични или позајмени од волшебните приказни (метаморфози и персонификации, чудотворни предмети и дејствија, итн.). Подлогата на ваквите приказни не треба да се бара само во спомнатите далечни и одамна одживеани верувања за влијанието на половите врз природата. Тие често се резултат на просто контаминирање на реални мотиви со мотиви од волшебните приказни. На пример, јасно е дека мотивот за никнувањето фалуси на нива или за неговите огромни димензии претставува преживелица. Меѓутоа, исто така е сосема сигурно дека нашата еротска приказна „Воловарот и змијата“[51] претставува само преработка на мотивот за немуштиот јазик од волшебните приказни, што вешто е искористен. Во оваа приказна, како награда за спасувањето на змијата, воловарот не бара да го разбира јазикот на животните и птиците, кога змијата му предлага каква сака награ-

---

[48] Bilder – Lexikon. Kulturgeschichte, 312.

[49] В. Кличкова, и М. Георгиева, Свадбени обичаи од с. Галичник – Дебарско, „Гласник на Етнолошкиот музеј“, 3, Скопје 1965. 131; Јов. Х. Васиљевиќ, Кумановска област.

[50] J. G r i m . Deutshe Reshtaltertûmer, 2 Ausg. Gôttingen, 1854.

[51] Мој запис (с. Будинарци, Беровско).

да, како што е тоа вообичаено во сите наши познати варијанти со овој мотив, туку бара од змијата способност неговиот збор да добие чудотворно, волшебно дејство. Имено, воловарот посакал кога ќе го изговори зборот „заќис“ да се изврши полово спојување на присутните, за кога ќе го каже зборот „расќис“ спојувањето да престане. Злоупотребувајќи ја потем оваа своја способност, воловарот ги доведува во безизлезно смешни положби мнозина и добива што сака само за да ги раздвои споените луѓе. Хумористичната страна на оваа приказна е несомнено дело на некој добар познавач на народните приказни, безимен човек од народот со голема смисла за шега и хумор. Слична генеза имаат и еротските приказни за метаморфозите, на пример, веќе спомнатата приказна за мажот кој својата жена ја претворил во магарица. Еве уште еден пример. Во волшебните приказни често среќаваме јаболкница, чии јаболка имаат чудотворно дејство[52]: помагаат некоја бездетна жена (обично царица) да роди дете, итн. Па ако од јаболко (да се потсетиме на улогата на јаболкото во првиот грев на Адам и Ева) се раѓаат деца, зошто тогаш некое друго јаболко, се разбира чудотворно, кога ќе се изеде, да не помогне да му порасне фалус на човек што го нема. Во една наша приказна[53], построена наполно како волшебна приказна, тројца браќа се родиле без фалуси. Кога пораснале за женење, секој од нив поодделно, еден по друг, ќе тргнат да бараат начин за да им изникне фалус. Една баба ќе му укаже прво на најстариот брат дека таму и таму постои јаболкница што раѓа златни јаболка; тој требало да изеде едно јаболко, па ќе му пораснел фалус. Тој така и сторил. Се вратил дома и се оженил. По него тргнал и средниот брат, но тој наместо едно изел две јаболка и, за големо чудо, му никнале два фалуса, а на третиот брат дури три, бидејќи тој, како што бил лаком, изел три јаболка. Двајцата непослушни браќа се вратиле кај бабата, за да ја прашаат што да прават со два односно со три фалуса. Приказната сега се враќа во реалност, добива шегови-

[52] Цепенков, II, бр. 52, 53.
[53] Ин, м.л. бр. 974.

та разврска. Именo, тој што имал два фалуса добил одговор дека со едниот треба да се служи во делниците, а со другиот во празниците, а тој што имал три фалуса добил идентичен одговор за првите два фалуса. Природно, тој ја запрашал бабата што да прави со третиот, па добил шеговит одговор: „Стави си го в газ!“ Натамошен коментар на сличните приказни и нивното преобликување, ми се чини, не е потребен. Посочените примери покажуваат дека од волшебните приказни се преземаат одделни мотиви или епизоди и дека тие потем добиваат поинаква смисла и идејна насоченост, се употребуваат како погодно средство за создавање еротски приказни и за решавање на разновидни еротски проблеми.

* * *

Во нашава збирка се вклучени еротски приказни што веќе биле објавени, како и приказни од необјавените фондови на Институтот за фолклор во Скопје и приказни од мојот личен фонд.

Објавените приказни од нашите собирачи Марко К. Цепенков, Кузман А. Шапкарев, браќата Молерови и други се пренесуваат без секакви измени. Се напомнува само дека самите тие вршеле разновидни ублажувања во нивната текстуална страна, ако таа по своите изрази можела да го засегне јавниот морал, според тогашните сфаќања. Меѓу нив има приказни со извонредно убави мотиви; тие откриваат многу вистини за односот на нашиот човек кон разни еротски проблеми, но овде веќе и со тенденција да дадат поука. Да се потсетиме: овие приказни се собрани во втората половина на XIX век. Нивната споредба со соодветните приказни од нашава современост, без оглед што последниве ние не ги подложивме на измени и ублажувања, какви што вршеле нашите спомнати заслужни собирачи, недвосмислено покажуваат дека меѓу нив и нема големи разлики, особено не меѓу нивното композициско-стилско обликување, што и сега се гради исцело според традиционалните нормативи за народните приказни – новели и анегдоти. Појавата на нови мотиви оди во чекор со промените на општествено-социјалниот живот на нашите луѓе; овие про-

мени, разбирливо, влијаат и врз промените на старите мотиви.

За еротските приказни на Марко К. Цепенков сето погоре речено посебно важи. Одделни еротски мотиви тој често ги обликувал така што нивното тежиште го пренесува врз поучната страна на третираниот еротски проблем, одбегнувајќи го големиот еротизам. Така, како поучна вистина се прифаќа постапката на една жена што не го прифатила предлогот на својот маж тој да доведе за себе и друга жена, но се согласила кога тој ѝ предложил уште еден маж, проверувајќи ја нејзината чесност.[54] Типична во овој поглед е приказната за „Човекот што немал гајле во својот живот"[55]. Тој сам се кастрирал за да ѝ докаже на својата смртно болна жена дека по нејзината смрт нема да се прежени. По некое чудо, таа оздравела. Сега, природно, жената не сакала да се лиши од својот сексуален живот, па му предложила на својот маж или тој да се согласи таа да доведува други мажи, кога ќе посака, или да се раздвојат. Несреќниот маж го прифатил првиот предлог и штом неговата жена ќе доведела некој маж, за да ја ублажи својата трагична положба и својата болка, тој ги повикувал своите пријатели на веселба, создавајќи пред нив илузија дека е среќен. И пак кај Цепенков среќаваме една приказна[56] што убаво може да се вклопи во нашава сегашнина со честите појави за многуженство или обратно. Една жена имала двајца мажи арамии: „еднио си го имала за навечер, а другиот за дење". И тие, кога разбрале дека имаат заедничка жена, не се скарале, туку се здружиле во крадењето и ја плениле царската азна – за да ја збогатат жената! Но да се потсетиме дека во одделни краишта во светот ваквата практика и денес претставува институција[57].

Приказните што за првпат се објавуваат во нашава книга во своето мнозинство се од нашите села. Како нив-

---

[54] Цепенков, VI, бр. 387.

[55] Цепенков,V, бр. 346.

[56] Цепенков, VI, бр. 422.

[57] Во Тибет и во хималајската област неколцина сиромашни браќа имаат само една жена (полиандрија). И во нашите приказни, често една жена ја имаат двајцата браќа, а третиот се жени со неа

ни раскажувачи подеднакво се јавуваат мажи и жени, момчиња и девојки. Раскажувањето на „мрсните приказни“ и едните и другите го сметаат за нешто сосема природно и обично не се обидуваат да ја ублажат нивната еротска страна, посебно не во употребата на еротските зборови. Напротив, кај одделни постари раскажувачи дури се чувствува и стремежот приказната да ја раскажат колку што е можно „помрсно“, со детални описи, не одбирајќи ги воопшто изразите. Со тоа како да сакаат да ја истакнат својата лична верзираност во половите работи. Сепак, еротскиот речник на нашите приказни, особено ако се споредува со соодветните речници на западно-европските народи, е сиромашен: се чувствува недостигот на пофини и посуптилни изрази во речникот. Богатството на западните еротски речници се должи и на уметничката еротска литература, а ние таква немаме. Така, во нашите приказни за фалусот можат да се набројат десетина зборови (берокласец, клекавец, мандало, чешало, чукало и др.) освен вообичаените.

Инаку, на прашањата што обично им се поставувани на раскажувачите за потеклото на приказните, тие најчесто одговараат со конкретно посочување на лицето од кого ја слушнале приказната и времето кога тоа станало. За одделни приказни со фантастични елементи се добива, освен тоа, и одговор дека се „многу стари“. За многу приказни се кажува дека биле слушнати на заеднички работни собири (на пр. при кавтење пченка, за време на одморот при полските работи и сл.). Интересно е да се одбележи дека жените секогаш објаснуваат дека приказната ја научиле од мажи, никогаш од жени. Секако дека има и спротивни појави, но тоа ниту една жена не го кажува. Причината пак треба да се бара во социјалната, потчинетата положба на жената во нашето село.

* * *

Овој наш прилог претставува само обид да се навлезе во историската генеза и суштината на еротските народни творби и да се објаснат нивниот развиток и главните тематски преокупации, посебно за приказните како

најраширен нивни вид. Недостатокот на соодветната литература кај нас, ограничениот број записи од минатото, па и од нашава современост, беа сериозна пречка за поширока и посистематска обработка на овие прашања. Меѓутоа, бидејќи прилогов е прв чекор во оваа област во нашата фолклористика, неговите недостатоци ќе можат со натамошни трудови да се надополнат. Всушност, ако тој предизвика интерес и ако даде таков поттик, тогаш неговата фрагментарност нема да биде слабост.

# РЕЧНИК*)

*А*

| | |
|---|---|
| *абак* ahmak m (arap.-tur.) | – глупак, простак; будалетинка |
| *абер* haber m (tur.) | – вест, порака, глас |
| *ава* hava f (tur.) | – воздух; поднебје, клима |
| *ага* aga m (tur.) | – газда; господар; титула кон лично име |
| *адет* adet m (tur.) | – обичај, навик |
| *азардиса* изв. од hazur indecl. adj. (ar.) | – подготви |
| *азмак* azmak m (tur.) | – суводолица, локва |
| *ајмана* haymana f (tur.) | – фиг. тром, мрзлив човек; нер-анимајко |
| *ак* hak m (arap.) | – право, правда; награда; дел |
| *ак'л* agl. m (arap.) | – ум, памет |
| *ал* hal m (tur.) | – состојба, положба; мака, патило |
| *алаверс'н!* Allah virsin! interj. (tur.) | – да даде бог |
| *алајка* halayik (arap.) | – слугинка; робинка |
| *алајлем* Allah-u-álām (arap.) | – богзнае, бога ти |
| *алал* halāl m (arap.) | – тоа што е дозволено; тоа што е чесно заработено |
| *алов* al indecl. adj. (tur.) | – отворено-црвен, румен, розов |
| *аман!* aman! interj. (tur.) | – извик за милост: прости! помош! милост! милост, прошка |
| *амут* hamut m supst. (tur.) | – ам (коњска опрема) |
| *ан* hän m (pers.) | – зграда за пренокевање; гостилница |
| *анасана!* anasana! interj. (tur.) | – пцост: мајката! |
| *анка* (анума) hanim f (tur. tatar.) | – госпоѓа, жена, сопруга |

*) Објаснети се значењата на поретките зборови (провинцијализми и архаични) и на турцизмите во македонската лексика. Етимолошки турцизмите најчесто имаат арапски или персиски корен но во македонската лексика – по правило – се влезени преку турскиот јазик. Пример: *абер*: арапски habar, турски haber = вест, порака, глас

*апансаз* apansiz adj. (arap.-tur.) – ненадејно, одеднаш
*апсаана* hapisane f (tur.) – затвор
*ареса* – се допадна, бендиса
*асален* (асолен) haşş indecl. Adj. – прав, вистинит; добар
*асли* asli adv. (tur.) – сигурно, веројатно, навистина; токму
*аџамија* acami m (tur.) – неопитен, невешт (човек)

*Б*
*бакалам!* bakalim! interj. (tur.) – ајде, ќе видиме! да видиме!
*бак-бак!* bak! inter. (tur.) – види! гледај! внимавај!
*бакари* bakmak v (tur.) – уважува, обрнува внимание
*бакшиш* bahşiş m (tur.) – дар, подарок; напојница
*бастисува* basti од глаг. basmak (tur.) – ненадејно напаѓа, опколува, освојува
*башка* başka adv. i adv. indecl. (tur.) – одделно, различно; одделен, посебен
*бекшија* bekçi m (tur.) – пазач, полјак, стражар
*белки* belki adv. (tur.) – можеби, веројатно
*белја* bela m (tur.) – несреќа, неуспех; мака, неволја
*бен* (бен'м) ben (tur.) – јас (сум)
*бендере* (грозје) adj. – слатко, крупно грозје
*боболи* v. (provinc.) – гнети, става
*близни* v. – остри
*бујрум!* buyrun! interj. (tur.) – повели! заповедај!

*В*
*вајде* fayda f (tur.) – корист, добиток; печалба
*вак(а)* vakit m (tur.) – време
*валта* f – рамна и влажна плодна земја
*варди* varda (ital.) – чува, пази
*вилает* vilayet m (tur.) – роден крај; административна област
*врколак* m – вампир, вукодлак
*вроци* v (provinc.) – се здрви, се скочани

*Г*
*гајле* gaile f (tur.) – неволја, грижа; непријатност, мака
*гајлелија* – загрижен (човек)
*габриолет* cabriolet m (franc.) – лесна полупокриена еднопрежна кола
*гурбет* gurbet m (tur.) – одење на туѓина; печалба
*гушник* m (provinc.) – гердан

*Д*
*дајма* daima (arap.) – постојано, секогаш
*дандало* dangalak m. (tur.) – свест, ум; тапоумен и груб
*демек* demek (tur.) – значи
*дереџе* derece (tur.) – состојба; степен
*дерман* dermän m (pers.) – лек, спас; помош

*дикат* dikkat m (tur.) – внимание; претпазливост
*дилми* dilmi conj. (tur.) – бидејќи, нели
*дуња* dunyá indecl. m (arap.) – свет, вселена
*душман* düşman m (tur.) – непријател, враг

*Ѓ*

*ѓел!* imperat. од глаг. gelmek (tur.) – дојди! ела!
*ѓоа* adv. (provinc.) – божем
*ѓоз* goz m (tur.) – око; поглед
*ѓозлеме* gözleme m (tur.) – вид питулица (сукано)
*ѓунлук* günlük adj. (tur.) – денешен, секојдневен, прен. дневна заработка

*Е*

*евала!* eyvallah! inters. (tur.) – до гледање! збогум! благодарам! браво!
*едепс'з* edepsiz, supst, adj. (tur.) – невоспитан; неучтив човек
*ексик* eksik adj. (tur.) – недостиг, кусок
*ексик олсун* eksik olsun! interj (tur.) – таква помош подобро да ја нема!
*ем'р* ämr m (arap.) – наредба, заповед
*ендек* hendek m (tur.) – ров, (ископан), јама, дупка
*ептен* hepten adv. (tur.) – наполно, сосема, исцело
*ербап* erbab m adj. (tur.) – вешт, способен (човек)
*есап* hesap m (tur.) – сметка; отчет
*ефенди(ја)* efendi indecl. m (tur.) – господин; господар

Ж-З

*жеголач м*(provinc.) – маша за оган, жарач
*задоблив* adj. – глупав, приглуп
*заобет* adj. – редум, еден поеден
*запорник* m (provinc.) – свршеник, вереник
*зорт* zort m (tur.) – страв; тешкотија
*зорлама* zorlu adj. и adv. (tur.) – 1) силен, здрав, 2) тешко, силно

*И*

*измет* hismet m (tur.) – услуга, помош, служба
*измеќар* hizmetkar m (tur.) – слуга, работник
*иктиза* iktiza f (tur.) – потреба, нужда; неопходност
*илја* (илјала) illa adv. (tur.) – секако, по секоја цена
*инат* inat m (tur.) – упорство, инает
*инќари* inkar m (tur.) – непризнавање, откажување
*ишарет* işaret m (tur.) – намек, сигнал; знак (кришум)

*Ј*

*јабана* yabana, yaban f (tur.) – туѓина
*јабанџија* yabanci m (tur.) – туѓинец
*јок* yok! (tur.) – не! нема!

*К*

*кабает* kabahat m (tur.) – вина, престап
*кадана* kadin f (tur.) – госпоѓа; жена
*кадар* kadir indecl. adj. (tur.) – можен, способен (нешто да стори)
*кадија* kadi m (tur.) – шеријатски судија
*каил* kail indecl. adj. (tur.) – согласен, готов (нешто да стори)
*кајмакам* kaymakam m (tur.) – околиски началник (застапник на везирот или валијата во една околија)
*калп(ав)* kalp indecl. adj. (tur.) – неверен, лажен, фалсификуван
*кандардиса* kandirmak v. (tur.) – наговара, тера некој нешто да стори
*капеџик* kapicik m (tur.) – вратниче (споредно)
*каптиса* – разбра, сфати
*каурин* gaur m (tur.) – неверник, христијанин
*конак* konak m (tur.) – преноќиште: зградата на валијата или на некоја друга управа
*коч* koç m (tur.) – овен (за расплод)
*крап* m – шаран (риба)
*крапатче* m – прен. пенис како мал крап
*к'смет* kismet m (tur.) – судбина; среќа
*куменџија* kuyumcu m (tur.) – златар
*курдиса* kurmak v (tur.) – намести; постави, направи; навива часовник
*курназ* kurnaz adj. (tur.) – итар, лукав
*куртулиса* kurtarmak v (tur.) – се ослободи, се спаси од него
*кусур* kusur m (tur.) – недостаток, мана; погрешка;

*Л*

*лаф* laf m (tur.) – збор, разговор
*лилјак* m – слеп миш; шишмиш

*М*

*мадем* **maden m (арар.)** – руда; рудник
*марифет* marifet m (tur.) – вештина, умеење
*матурица* f. (provinc.) – свиња
*машала!* mašallah! interj. (tur.) – браво! одлично! израз за чудење, допаѓање или радост
*мегдан* meydan m (tur.) – плоштад; фиг. најаве, на лице
*мерак* merak m (tur.) – наслада; желба, страст
*меретија* meret adj. (tur.) – непријатен, груб, грозен
*меџудија* mecidiye f (tur.) – сребрена монета од 20 гроша од султанот Абдул Меџид
*мувлет* muhlet m (tur.) – рок, почек
*мукает* mukayyet indecl. adj. (tur.) – внимателен; заинтересиран; стори се мукает = погрижи се
*мухтија* müftü m (tur.) – верски турски старешина (најстар по ранг во една област)

*Н*

*нареда* f (provinc.) – пенис
*нефелен* adj. – недобар, лош
*ниет* ngyet m (tur.) – намера, цел
*нерез* m – крмнак
*наврапито* adv. – ненадејно; одеднаш

*О*

*ожг'лди!* hoş geldin interj. (tur.) – добро дојде!
*ожбулдук!* hoš bulduk interj. (tur.) – добро те најдов!
*онан* onam m (tur.) – одобрение; потврда
*отурдиса* oturmak v (tur.) – заседна; постави; седи
*ортома* ortoma f (tur.) – јаже
*оџа* hoca m (tur.) – муслимански свештеник

*П*

*пеза* peza f (tur.) – сводница
*пезевенк* pezevenk m (tur.) – сводник; расипан човек
*пеќи*! pek interj. (tur.); pekiyi! – добро! многу добро!
*пизма* peïzma f (grč.) – омраза
*прематар* m – продавач
*потон* m (povinc.) – визба

*Р*

*раат* rahat adj. (tur.) – мирен, спокоен, безгрижен
*р'з (елија)* irz m (tur.) – чесност, чест; чесен човек
*разѓеле* rasgele adv. (tur.) – случајно

*С*

*сабајле* sabah m (tur.) – зора, изутрина
*саде* sade adj. i adv. (pers.) – чист, прав, немешан; само
*сајбија* sahib m (tur.) – сопственик, стопан; господар
*салам* saglam adj. (tur.) – здрав, цврст, исправен, чесен
*салдиса* saldi perf. 3 lice sing. од inf. salmak (tur.) – направи, постави
*себеп* sebep m u conj. (tur.) – причина, повод, мотив; заради
*севда* sevda m (tur.) – љубов, љубовен занес
*сеир* seyir m (tur.) – забава, разонода; гледање, призор
*сергија* sergi f (tur.) – стол за продавање предмети (или излагање)
*сермија* sermaye f (tur.) – стока; имот; капитал
*сиктер!* siktir! interj. (tur.) – надвор! губи се! – пцост
*сунетисува* изведено од sünnet m (tur.) – обрезува (верски муслимански обред)
*суџук* sucuk m (tur.) – колбас (од овчо или говедско месо)

*Т*

*тамавќар* tamahka m (tur.) – лаком, ненаситен (човек); скржавец

| | |
|---|---|
| *таксидар* tahsildar m (tur.) | – собирач на даноци, даночник |
| *таксират* taksirat m (tur.) | – несреќа, неуспех |
| *терикат* | – подмолито, преправено |
| *тертип* tertib m (tur.) | – ред, подредување; поредок |

*Ќ*

| | |
|---|---|
| *ќердоса* | – се зема, се оженува, се омажува |
| *ќеф* keyif m (tur.) | – задоволство, добро расположение, наслада; волја |
| *ќешќе* keşke (pas.) | – барем; ако и да |
| *ќотек* kötek m (tur.) | – стап; тепање |

*У*

| | |
|---|---|
| *уилен* adj. (provinc.) | – загрижен |
| *уклинзан* adj. (provinc.) | – изморен, истоштен |
| *усул* usul m (tur.) | – правило, метод; незабележано |

*Ч*

| | |
|---|---|
| *чалгија* çalgi f (tur.) | – свирка, свирење; музички инстурмент |
| *чаре* çare m (tur.) | – спас, лек, помош |
| *чкорка* f | – дрвце |
| *чита (се)* v | – се сака, води љубов |

*Џ*

| | |
|---|---|
| *џабе* cabe adv. (tur.) | – бесплатно |
| *џанана* canan (pers.) | – сакана; љубимица |
| *џемет* cennet m (арап.) | – најправеден, простодушен |
| *џумбуш* cümbüs m (tur.) | – веселба, забава; прен. врева |

*Ш*

| | |
|---|---|
| *шејтан* şeytan m (tur.) | – ѓавол, сатана; фиг. итрец |
| *шерет* şerret m и како adj. (tur.) | – лукав, препреден; итрец, лукав човек |
| *шоана!* (tur.) | – мајката (пцост, како приговорка) |
| *шојле-бојле* şöylece vöylecę adv. (tur.) | – така или онака |

С О Д Р Ж И Н А


1. Најголемиот грев . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 5
2. Скршеното огледало . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 6
3. Чоеко што бараше да најди чоек што нема гајле ич во живото свој . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 7
4. Берокласецот . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 10
5. Поповата ќерка што не сакала да се мажи . . . . . . . . . . . 12
6. Голиот на гости . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 17
7. Два мажа сакала . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 19
8. Момата што сакала маж со две чешала . . . . . . . . . . . . 21
9. Стар'ц'т што давал волови за алат . . . . . . . . . . . . . . . 25
10. Јазе стар, тизе млада . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 27
11. Болниот сват и сваќата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 31
12. Жената мераклија што не му давала дерман на мажот . . . . . . . 33
13. Критериуми . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35
14. Тенџерчето си има поклопче . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 37
15. Полјакот и оџата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 41
16. Кајмакамот, неговата анама и бекшијата . . . . . . . . . . . 42
17. Тројцата браќа и попската ќерка . . . . . . . . . . . . . . . . 45
18. Момчето, ан'мата и мухтијата . . . . . . . . . . . . . . . . . . 49
19. Што садиш, да дај Господ, тоа да ти никне . . . . . . . . . 54
20. Господ и сиромахо . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 57
21. Волшебните дрвја . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 60
22. Воловарот и змијата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 65
23. Како се родила чумата . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 67
24. Тројцата браќа и златните јабаки . . . . . . . . . . . . . . . . 71
25. Женска итрост . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 74
26. Попо што ја заклучуаше попадијата дома кога беше на работа . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 79
27. Женско лукавство . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 87
28. Жена не мојш да довардиш . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 92
29. Ем тесна, ем бесна . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 95

30. Попот што ву дал на жену си лиру ........ 98
31. Печалбарот и неговата невеста ........ 100
32. Аман, загорела сам за грозје ........ 105
33. Продавач на дренке, што не ги давал за паре ........ 108
34. Си гу загубила... ........ 110
35. Жената, полјакот и нејзиниот маж ........ 111
36. Развратна попадија ........ 113
37. Видовитото дете ........ 115
38. Пијаницата и неговата невеста ........ 117
39. Затворената царска ќерка ........ 119
40. Умната жена и бего ........ 125
41. Царицата вдовица и итриот измекар ........ 127
42. Думал сос Господ ........ 131
43. Црната чума ........ 133
44. Пуста сиромаштија... ........ 134
45. Умното момче со три имиња и царската ќерка ........ 136
46. Говедарот и чупата ........ 138
47. Шќо си прајл, то си дочекал ........ 143
48. Кривапутка ........ 147
49. Златната боја ........ 148
50. Гурбетчијата и жена му ........ 150
51. Попот што го допрајл детето ........ 151
52. Плачењето на пресниот гроб ........ 156
53. Невестата и пчелите ........ 158
54. Жената што се нашла во небрано ........ 161
55. Бутни го, не го трлај ........ 163
56. Лажниот аберџија ........ 165
57. На Божиќ куковица кука ле ........ 167
58. Еднаш попот ви сомле брашно ........ 169
59. Недо, мори, ама бели нози имаш ........ 172
60. Попот што ги исповедал жените в црква ........ 176
61. Обричениот поп ........ 181
62. Невестата, оџата, селскиот кмет и мухтијата ........ 183
63. Господ од пештерата ........ 189
64. Сиромаиот со орлето, попо и попадијата со љубовникот ........ 191
65. Врбови јабаќи ........ 196
66. Невестата и попо ........ 198
67. Изгубеното магаре на Итар Пејо ........ 200
68. Дедо Лесо и анџиката ........ 203
69. Трите жени и судијата ........ 204
70. Младичот и калуѓерките ........ 206
71. На првиче... ........ 207
72. Војникот и бабата ........ 208
73. Двајцата млади на ава ........ 209
74. Krади путка на пладнинка ........ 210

75. Расипаното венчање . . . . . . . . . . 211
76. Бабата и купениот дед . . . . . . . . . . 212
77. Прањето на двете комшики . . . . . . . . . . 213
78. Невеста си плаче умреното момче . . . . . . . . . . 215
79. Задобливиот младожења . . . . . . . . . . 216
80. Дете родено на три месеци . . . . . . . . . . 219
81. Исповед на ергени . . . . . . . . . . 220
82. Ѕексуално воспитување . . . . . . . . . . 222
Забелешка на редакторот . . . . . . . . . . 225
Преглед на собирачите . . . . . . . . . . 227
Библиографија на објавените приказни . . . . . . . . . . 228
Преглед на раскажувачите . . . . . . . . . . 229
Преглед на регионалната припадност на приказните . . . . . . . . . . 231
Преглед на приказните по азбучен ред . . . . . . . . . . 232
Кон проучувањето на македонските еротски народни приказни . . 235
Речник . . . . . . . . . . 265

398.2 (497. 17)
398.2 (497.17) (049.3)

МАКЕДОНСКИ еротски приказни / [собрал] Кирил Пенушлиски; [ликовно обликување Илија Пенушлиски]. – Скопје: Мисла, 1981. – 273 стр. : графики; 21 см. – (Македонска книжевност. Приказни)

Преглед на собирачите: стр. 227. – Библиографија на објавените приказни: стр. 228. – Преглед на раскажувачите: стр. 229-230. – Преглед на регионалната припадност на приказните: стр. 231. – Преглед на приказните по азбучен ред: стр. 232 – 233. – Кон проучувањето на македонските еротски народни приказни / Кирил Пенушлиски: стр. 235 – 263. – Речник: ст. 265-270.

I. ПЕНУШЛИСКИ, Кирил

НУБ „Кл. Охридски“ – Ск.